# ДЕЛАТА НА АПОСТОЛИТЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2018.

**ДЕЛАТА НА АПОСТОЛИТЕ**
Автори: *Вилсон Пароши*
Број 3/2018

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Ќе ми бидете сведоци ........................................................ 7

2. Педесетница ........................................................................ 14

3. Животот во Ранохристијанската црква ......................... 21

4. Првите црковни водачи ................................................... 28

5. Обратувањето на Павле .................................................. 35

6. Петровата служба ............................................................. 42

7. Павловото прво мисионерско патување ......................... 49

8. Ерусалимскиот собор ...................................................... 56

9. Второто мисионерско патување ..................................... 63

10. Третото мисионерско патување .................................... 70

11. Апсењето во Ерусалим .................................................. 77

12. Во затворот во Ќесарија ................................................ 84

13. Патувањето во Рим ......................................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - јули ...................................................... 98

Утрински стихови - август ................................................... 99

Утрински стихови - септември ........................................... 100

Секојдневно читање на Библијата ...................................... 101

Текстови за вечерно богослужение .................................... 102

Табели за почеток на сабота во Македонија ....................... 103



ВОВЕД

# ПОБЕДА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Многу историчари веруваат дека трите најзначајни периоди во историјата на овој свет се случиле кога мала група луѓе, главно Евреи, под водство на Светиот Дух му го пренеле Евангелието на светот. Книгата Дела апостолски претставува извештај за тие три значајни периоди, кои се протегале од Исусовото воскресение во 31. година, па до крајот на Павловото прво затворање во затворот во Рим во 62. година (Дела 28,30). Книгата сигурно е напишана по кратко време од тогаш, бидејќи извештајот завршува во тој момент, иако постојат докази дека Павле бил ослободен од затворот и дека ја продолжил својата мисионерска работа, проповедајќи и патувајќи, сè додека не бил фатен неколку години подоцна и погубен во Рим во 67. година.

Во Дела апостолски не се спомнува писателот на книгата, но црковната историја отсекогаш сметала дека во прашање е Лука, „возљубениот лекар“, споменат во Колошаните 4,14 и Павловиот сопатник (2. Тимотеј 4,11; Филимон 24). За Лука, исто така, по традиција се верува дека тој е писател на третото Евангелие, несомнено „првата книга“ што се спомнува во Дела 1,1 (споредете со текстот од Евангелието според Лука 1,3). И Евангелието според Лука и Дела апостолски се книги кои зборуваат за почетоците на христијанството, за неговото потекло (Исусовиот живот и служба) и ширење (мисионерските напори на апостолите).

Мисионерските напори заедно сочинуват околу 27 проценти од Новиот завет, што претставува најголем придонес на еден писател. Во своето послание до Колошаните, Павле го спомнува Лука како соработник, незнабожец, некој кој не е „од обрезаните“ (Дела 10,45; Колошаните 4,7-14). Според тоа, Лука е единствен писател на новозаветна книга кој не е Евреин.

Се чини дека тоа го објаснува една од неговите главни теми: сеопштиот карактер на спасението. Бог нема миленици. Црквата е повикана да им сведочи на сите луѓе, без оглед на нивната раса, општествена класа или пол (Дела 1,8; 2,21.39.40; 3,25; 10,28.34.35). Да не се прави така, било поради предрасуди или удобност, претставува извртување на Евангелието и е спротивно на основните вистини на Божјата Реч. Пред Бога сите сме исти: грешници на кои им е потребно откупување во Исуса Христа.

Затоа не е случајно што главниот јунак на Лука е Павле, „апостол на незнабошците“ (Римјаните 11,13), кому му е посветено речиси две третини од Дела апостолски.

Други важни теми во Дела се следните: Божјата врховна власт и Неговата божествена намера (Дела 17,24.25; 20,27; 23,11); прославување на Исус како Господ и Спасител (Дела 2,32.36; 3,13.15; 4,10-12; 5,30.31); и посебно улогата на Светиот Дух во оспособувањето и водењето на Црквата во мисијата (Дела 2,1-4; 4,24-31; 8,14-17.29.39; 10,19.20). Всушност, постигнувањата на Раната црква не биле резултат на човечката мудрост или способност, иако на Бога му било угодно што можел да употреби некој како Павле, кој извршил такво влијание на светот какво не направил или можеби не бил во состојба да направи ниту еден друг апостол (1. Коринќаните 15,10).

*Дела апостолски го опфаќаат развојниот период на Раната црква, во кој дошло до значителен административен, па дури и теолошки раст.*

Дела апостолски го опфаќаат развојниот период на Раната црква, во кој дошло до значителен административен, па дури и теолошки раст. Тоа можеме да го видиме, на пример, по тоа како Црквата се занимавала со прашањето за времето на второто Христово доаѓање, положбата на незнабошците, улогата на верата во спасението. Но, она што Раната црква успеала да го оствари за толку краток временски период е трајно сведоштво што Бог може да направи преку оние кои ќе го понизат своето срце во молитва, да ги надминат личните разлики и да дозволат Светиот Дух да ги употреби во чест и слава на Бога.

Дела апостолски претставуваат извештај за луѓето кои Бог ги повикал да го започнат делото. Што можеме ние, кои сме повикани од Бога да го завршиме делото, да научиме од извештајот за нив?

*Вилсон Пароши е професор по Нов завет на Бразилскиот адвентистички универзитет во Сао Паоло. Докторирал на универзитетот Ендрус (2004) и завршил постдокторски студии на Универзитетот во Хајделберг во Германија (2011).*

Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица

**Поука 1**
**Од 30 јуни до 6 јули 2018**

# ЌЕ МИ БИДЕТЕ СВЕДОЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 1,6-8; Лука 24,25; Лука 24,44-48; 5. Мојсеева 19,15; Дела 1,9-26; Мудри изреки 16,33.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но ќе примите сила од Светиот Дух, кој ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци во Ерусалим и во цела Јудеја и Самарија, и сè до крајот на земјата“** (Дела 1,8).

Исусовата мисија на Земјата била завршена. Бог наскоро требало да го испрати Светиот Дух кој, одобрувајќи ги нивните напори со многу знаци и чуда – ќе ги оспособи и ќе ги води учениците во мисијата која ќе се рашири до крајот на Земјата. Исус не можел засекогаш да остане со нив во човечко тело. Тој не само што со отелотворувањето бил физички ограничен кога станува збор за светската мисија туку Неговото вознесение и прославување на Небото биле неопходни за да дојде Светиот Дух.

Меѓутоа, учениците до Исусовото воскресение ова не го разбирале. Кога напуштиле сè за да Го следат, верувале дека е политички ослободител кој еден ден ќе ги протера Римјаните од земјата, повторно ќе ја воспостави Давидовата лоза и ќе го обнови Израел враќајќи му ја славата од минатото. Не им било лесно поинаку да размислуваат.

Ова е главно прашање на Исусовите последни налози упатени до учениците во 1. глава од Дела апостолски. Ветувањето за Светиот Дух е дадено во овие рамки. Оваа глава исто така го опишува Исусовото враќање на Небото и како Раната црква се подготвувала за денот Педесетница.

## ОБНОВУВАЊЕ НА ИЗРАЕЛ

Во Стариот завет постојат два вида на пророштва за Месија - едно кое предвидува дека Месија ќе дојде како цар кој засекогаш ќе владее (Псалм 89,3.4.35-37; Исаија 9,6.7; Езекил 37,25; Даниел 2,44; 7,13.14), и едно кое претскажува дека Месија ќе умре за гревовите на луѓето (Исаија 52,13-53,12; Даниел 9,26). Овие пророштва не си противречат едно на друго. Тие само укажуваат на две последователни фази од службата на Месија: прво ќе страда, а потоа ќе стане Цар (Лука 17,24.25; 24,25.26).

Но, кога е во прашање очекувањето на Месија од страна на Евреите во првиот век, проблемот бил во тоа што тоа очекување било еднострано. Надежта во Месија како цар кој ќе донесе политичко ослободување, ја помрачила идејата за Месија кој ќе страда и ќе умре.

Учениците во почетокот ја негувале оваа надеж за Месија како цар. Верувале дека Исус е Месија (Матеј 16,16.20) и понекогаш се расправале меѓу себе кој ќе седи од неговата лева и десна страна кога ќе биде устоличен (Марко 10,35-37; Лука 9,46). И покрај Исусовите опомени за судбината која Го чека, тие не можеле да сфатат на што мислел. Затоа, кога умрел, станале збунети и обесхрабрени. Изјавиле: „А ние се надевавме дека е Тој оној што треба да го избави Израел“ (Лука 24,21).

**Прочитајте го текстот во Дела 1,6. Што ни открива ова прашање за тоа што друго тие не сфатиле? Како им одговорил Исус во Дела 1,7?**

Ако Исусовата смрт претставува погубен удар за надежта на учениците, тогаш воскресението ја обновува, подигајќи ги нивните политички очекувања можеби до незамисливи височини. Се чинело реално да се размислува за воскресението како силен показател дека месијанското царство конечно ќе биде воспоставено. Одговарајќи на нивното прашање, Исус не дал непосреден одговор. Тој не ја отфрлил претпоставката за скорешното царство кое се криело зад прашањето на учениците, но не ја ни прифатил. Прашањето го оставил отворено, потсетувајќи ги дека во Божја власт е времето кога нешто ќе се случи, и како такво, тоа е недосегливо за луѓето.

**Кој бил вистинскиот проблем на учениците според текстот во Лука 24,25? Зошто ни е полесно да веруваме во она во што сакаме да веруваме, наспроти она што Библијата навистина учи? Како можеме да ја избегнеме оваа стапица?**

## МИСИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ

**Прочитајте го текстот во Дела 1,8. Што се очекувало од учениците да направат, наместо да се впуштаат во претпоставки за пророштвата?**

---

Во овој текст се спомнуваат четири важни елементи во врска со мисијата на учениците:

*1. Дарот на Светиот Дух.* Духот секогаш дејствувал меѓу Божјиот народ. Меѓутоа, според зборовите на пророците, посебното излевање на Духот ќе се случи во иднина (Исаија 44,3; Јоил 2,28.29). Бидејќи Исус лично бил помазан со Духот, Светиот Дух веќе дејствувал во времето на Неговата служба (Лука 4,18-21), но официјално не му била доверена должноста сè додека Исус не бил прославен на Небото (Јован 7,39; Дела 2,33).

*2. Улогата на сведоштвото.* Сведоштвото претставува извештај од прва рака. Учениците биле потполно оспособени да даваат такви сведоштва (Дела 1,21.22; 4,20; споредете со: 1. Јованово 1,1-3) и да примат налог со светот да го споделат своето единствено искуство со Исуса.

*3. План за мисија.* Прво требало да сведочат во Ерусалим, потоа во Јудеја и Самарија, и конечно до крајот на Земјата. Тоа бил прогресивен план. Ерусалим бил центар на еврејскиот верски живот, место на кое Исус бил осуден и распнат. Јудеја и Самарија биле соседни области во кои Исус исто така служел. Но, учениците не требало да се ограничат само на овие подрачја. Полето на нивната мисија бил целиот свет.

*4. Насока на мисијата.* Во старозаветно време народите требало да бидат привлечени кон Бога (види: Исаија 2,1-5), а не Израел да го „поведе“ Бога кон народите. Неколку исклучоци (на пример, Јона) не го поништуваат општото правило. Сега стратегијата била поинаква. Ерусалим и понатаму бил центар, но наместо да останат и да ги јакнат корените на тоа место, од учениците се очекувало да појдат во најодалечените краишта на Земјата.

**Која суштинска порака требало учениците да ја проповедаат? Лука 24,44-48.**

---

Во периодот од четириесет дена, кои Исус ги поминал со учениците по воскресението (Дела 1,3), сигурно им ги објаснил бројните вистини за Божјето царство, иако останале уште многу работи кои не ги разбрале, како што покажало прашањето кое го поставиле во Дела 1,6. Ги познавале пророштвата, но сега можеле да ги согледаат во нова светлина, светлина која блескала од крстот и од празната гробница (види: Дела 3,17-19).

## ТОЈ ПОВТОРНО ЌЕ ДОЈДЕ

**Прочитајте го текстот во Дела 1,9-11. Како Лука го прикажува Исусовото вознесение? Зошто е значајно тоа што двајцата ангели разговарале со учениците (види: 5. Мојсеева 19,15)?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Извештајот на Лука за вознесението е доста краток. Исус бил со учениците на Маслинската гора, и додека ги благословувал (Лука 24,51), бил земен на Небото. Секако, јазикот што се употребува овде е феноменолошки; односно, настанот е прикажан онака како што изгледал во човечките очи, а не каков што навистина бил. Исус ја напуштал Земјата и немало друг начин тоа да го направи на видлив начин, освен да се вивне во височините.

Исусовото вознесение било Божје натприродно дело, едно од многуте во Библијата. Лука тоа го навестил со употреба на пасивна форма на глаголот *ēperthē* („се вознесе“, „Го зеде“, Дела 1,9). Иако во Новиот завет се користи само на ова место, овој глаголски облик неколку пати го наоѓаме во грчката верзија на Стариот завет (Septuaginta) каде што се опишува Божјето дејствување, што укажува дека Бог лично го вознесол Исус на Небото, како што и Го подигнал од мртвите (Дела 2,24.32; Римјаните 6,4; 10,9).

Кога Исус веќе бил скриен зад облакот, Лука известува – само во Дела апостолски – дека две лица облечени во бело застанале пред учениците. Овој опис се совпаѓа со описот на ангелите облечени во сјајна облека (Дела 10,30; Јован 20,12). Тие дошле да ги уверат учениците дека Исус ќе се врати на ист начин како што и заминал. Исто така, само во Дела апостолски се кажува дека Исус отишол „пред нивните очи“ (Дела 1,9).

Според тоа, видливото вознесение станало гаранција дека и враќањето ќе биде впечатливо, дека исто така ќе се одигра на облакот, но овој пат „со голема сила и слава“ (Лука 21,27), не повеќе како настан од лична природа, бидејќи „ќе Го види секое око“ (Откровение 1,7), и нема да биде сам (Лука 9,26; 2. Солуњаните 1,7). Славата на Второто доаѓање далеку ќе ја надмине славата на вознесението.

**Како стварноста за Второто доаѓање, а исто и ветувањето за него, секогаш можеме да ги имаме пред себе? Како оваа возвишена вистина треба да влијае на сите подрачја од нашиот живот, како што се финансиските средства, најмногу вредностите и моралните одлуки?**

# ПОДГОТОВКА ЗА ДЕНОТ ПЕДЕСЕТНИЦА

Исус во својот одговор во Дела 1,7.8 не дал никакво ветување во врска со времето. Сепак, врз основа на неговите зборови природно било да се заклучи дека Тој ќе се врати веднаш откако Духот ќе дојде и учениците ќе ја завршат својата мисија (види: Матеј 24,14). Ангелите со својата напомена (Дела 1,11), исто така не одговориле на прашањето кога ќе дојде царството, но можело да се сфати дека тоа наскоро ќе се случи. Најверојатно ова објаснува зошто учениците „се вратија во Ерусалим со голема радост" (Лука 24,52). Ветувањето за второто Исусово доаѓање во неодредено време, кое требало да им пружи дополнително охрабрување за извршување на мисијата, е сфатено така како крајот да е близу. Понатамошниот развој во Дела ќе ја потврди оваа идеја.

**Прочитајте го текстот во Дела 1,12-14. Кој друг бил во Горната соба и како се подготвувале за излевање на Духот?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Враќајќи се од Маслинската гора, учениците се собрале во горната гостинска соба (на латински *cenaculum*) во двокатна приватна куќа во Ерусалим. Одреден број жени, кои го следеле Исуса (Лука 8,1-3; 23,49; 24,1-12), како и Исусовата мајка и браќа, се наоѓале таму со учениците. Исусовите браќа (Марко 6,3) биле или помладите синови на Јосиф и Марија (Матеј 1,25; Лука 2,7) или што е уште поверојатно, синовите на Јосиф од првиот брак, што би значело дека Јосиф бил вдовец кога се оженил со Марија. Нивното присуство меѓу учениците претставува изненадување, бидејќи тие секогаш негувале сомнежи кон Исуса (Марко 3,21; Јован 7,5). Сепак, Исусовото воскресение и посебното јавување пред Јаков (1. Коринќаните 15,7) извршило одредено влијание. Очигледно е дека Јаков подоцна го заменил Петар во водството на христијанската заедница (Дела 12,17; 15,13; 21,18; Галатјаните 2,9.12).

Со непрекинати молитви (Дела 1,14) и со постојаниот престој во храмот славејќи го Бога (Лука 24,53), несомнено е дека сите се посветиле на признавањето, покајанието и оставањето на гревовите. Иако сметале дека по излевањето на Духот веднаш ќе следи Исусовото враќање, нивниот духовен став бил во потполна согласност со она што требало да се случи, откако Светиот Дух се излеал како одговор на молитвата.

**Како со секојдневните одлуки помагаме да го подготвиме патот за дејствувањето на Духот во нашиот живот?**

## ДВАНАЕСЕТТЕ АПОСТОЛИ

Првата административна работа на ранохристијанската заедница, која броела околу 120 верници (Дела 1,15), била да изберат кој ќе го замени Јуда.

**Прочитајте го текстот во Дела 1,21.22. Врз основа на што го бирале наследникот на Јуда. Зошто тоа било толку важно?**

---

Им бил потребен сведок за Исусовото воскресение (споредете Дела 4,33). Ова е многу важно затоа што воскресението било сметано за силен доказ на Исусовото месијанство и вистина на целокупната христијанска вера.

Изборот требало да се направи меѓу оние кои им се придружиле на апостолите во времето на Исусовата служба. Павле подоцна нагласувал дека тој, иако не бил со Исус додека бил на Земјата, сепак имал право да го носи звањето апостол, бидејќи средбата со Исус на патот за Дамаск му овозможила да стане сведок на Неговото воскресение (1. Коринќаните 9, 1). Иако признал дека е „недоносче“ (1. Коринќаните 15,8), Павле одбил себеси да се смета за помалку оспособен од останатите апостоли (1. Коринќаните 9,2; Галатјаните 2,6-9). Тоа значи дека само Дванаесетмината и Павле биле „апостоли“ во техничка, авторитативна смисла (Дела 1,25.26); сепак, во својата основна, општа смисла како пратеници или гласници, изразот исто така можел да се користи и за другите евангелски работници (Дела 14,4.14; Галатјаните 1,19).

**Прочитајте го текстот во Дела 1,23-26. Како бил избран Матеј?**

---

---

Начинот на кој го избрале Матеј може да изгледа необично, но фрлањето коцка одамна е воспоставено како начин на донесување на одлуки (на пример, 3. Мојсеева 16,5-10; 4. Мојсеева 26,55). Покрај тоа, изборот се донесувал меѓу двајца претходни признаени кандидати со подеднакви особини и способности, што не било чекор во непознато. Верниците, исто така, се молеле на Бога верувајќи дека резултатите ќе се одразат на неговата волја (споредете: Мудри изреки 16,33). Нема докази дека одлуката некогаш била доведена во прашање. По денот Педесетница, фрлањето коцка повеќе не било неопходно поради непосредното водство на Духот (Дела 5,3; 11,15-18; 13,2; 16,6-9).

**Ако некој ви пристапи и ве праша: „Како можам да знам која е Божјата волја за мојот живот“?, што би му одговориле и зошто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Целокупниот период меѓу Педесетница и Парузија (Второто доаѓање), колку и да биде долг или краток, треба да биде исполнет со мисионска работа на Црквата насекаде во светот, во силата на Духот. Христовите следбеници треба да објават што постигнал Тој за време на првото доаѓање и да ги повика луѓето да се покаат и да поверуваат во рамките на подготовката за Неговото второ доаѓање. Тие треба да бидат Негови сведоци 'сѐ до крајот на земјата' (Дела 1,8) и до самиот крај... Немаме слобода да сопреме сѐ додека не се остварат и двете цели" (Џон Р. Стот, *The Message of Acts: The Spirit, the Church & the World* [Downers Grove: InterVarsity, 1990], стр. 44).

„Налогот на Спасителот ги опфаќа сите верници. Тој до крајот на времето ги опфаќа сите што веруваат во Христа. Судбоносна е грешката да се мисли дека делото на спасувањето на душите зависи само од ракоположениот проповедник. Евангелието им е доверено на сите што ќе добијат вдахновение од Небото. Сите што го примаат Христовиот живот се одредени да работат врз спасувањето на своите ближни. Црквата е основана за таква работа и сите што preземаат врз себе свет завет се обврзуваат да станат Христови соработници" (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 822. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Текстот во Дела 1,7 се повикува на зборовите од Евангелието според Марко 13,32: „А за оној ден и час, никој не знае: ни ангелите на небото, ниту Синот, а само Таткото". Елена Вајт вели: „На Божјиот народ никогаш повеќе нема да му биде упатена порака втемелена на времето. Ние не треба да го знаеме точното време кога ќе се излее Светиот Дух или кога Христос ќе дојде" (*Selected Messages*, 1. книга, стр. 188). Таа додава: „Секој кој ќе почне да ја објавува пораката за часот, денот или годината на Христовото доаѓање, врз себе зема јарем да објавува порака која Господ не му ја дал" (*Advent Review and Sabbath Herald*, 12. септември 1893). Какво значење имаат овие изјави за нас денес?**

**2. Некој еднаш рекол: „На Бога повеќе му се потребни сведоци отколку адвокати." Што мислите за оваа изјава?**

**3. Каква била улогата на молитвата во Раната црква? Дали е случајно што речиси во секој решавачки момент во нејзиниот живот наидуваме на повик за молитва (Дела 1,24; 8,14-17; 9,11.12; 10,4.9.30; 13,2.3)? Каква е улогата на молитвата во нашиот живот?**

**Поука 2**
**7 - 13 јули 2018**

# ПЕДЕСЕТНИЦА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 2,1-4; Јован 14,16; Дела 2,5-13, Јоил 2,28-32; Дела 2,22-39; Псалм 110,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бог Го воскресна Овој Исус, за кое ние сите сме сведоци. И така подигнат со Божјата десница, Тој Го прими од Таткото ветениот Свети Дух, и го излеа ова, што го гледате и слушате“ (Дела 2,32.33).**

Зборот „Педесетница“ потекнува од зборот *pentēkostē*, грчко име за еврејскиот Празник на седмиците (2. Мојсеева 34,22); исто така познат и како Ден на првите плодови (4. Мојсеева 28,26). Изразот значи „педесетти“ и својата употреба ја должи на фактот дека празникот е славен на педесеттиот ден по принесувањето на јачменов сноп, на првиот ден по Пасха. Тоа било ден на радост и благодарност, кога израелскиот народ ги донесувал пред Господа „првите плодови на пченичната жетва“ (2. Мојсееева 34,22).

Празникот станал соодветен симбол на духовната жетва на Христијанската црква, кога Светиот Дух бил излиен пообилно од кога било порано, кога во еден ден се крстиле околу три илјади луѓе (Дела 2,41). По Исусовото вознесение и Неговото прославување на Небото, ова излевање на Духот било ненадеен, натприроден настан кој ги преобразил апостолите од едноставни и непознати Галилејци во уверени и храбри луѓе кои ќе го променат светот.

Педесетница често се нарекува роденден на Црквата, време кога Христовите следбеници, Евреите и (подоцна) незнабошците, се признати како Божја нова заедница на Земјата.

## ИЗЛЕВАЊЕ НА ДУХОТ

Послушни на Исусовиот налог, верниците во Ерусалим чекале на ветувањето на Духот. Чекале молејќи се сесрдно, искрено каејќи се и фалејќи го Бога. Кога дошол тој ден, „сите апостоли беа заедно и на исто место“ (Дела 2,1), веројатно во истата голема горна соба која се спомнува во 1. глава во Дела апостолски. Но, наскоро ќе се најдат меѓу поголема група луѓе (Дела 2,6-13).

**Прочитајте го текстот во Дела 2,1-3). Кои натприродни елементи го следеле излевањето на Духот?**

---

Овој настан оставил силен впечаток. Прво се слушнала ненадејна бучава од Небото, нешто како дување на силен ветар кој ја исполнил целата просторија, а потоа се појавило нешто слично на оган и се спуштило над сите присутни.

Во Светото писмо, ветерот и огнот често се поврзуваат со „теофанијата“ или божественото јавување (на пример, 2. Мојсеева 3,2; 19,18; 5. Мојсеева 4,15). Ветерот и огнот исто така можат да го претставуваат Божјиот Дух (Јован 3,8; Матеј 3,11). Во случајот со Педесетница, што и да е точното значење на тие појави, тоа биле знаци кои го претставувале единствениот момент во историјата на спасението, ветеното излевање на Духот.

Духот секогаш дејствувал. Неговото влијание на Божјиот народ во старозаветните времиња често се откривал на впечатлив начин, но никогаш во сета своја полнота.

„Во времето на патријарсите дејствувањето на Светиот Дух често се манифестирало на видлив начин, но никогаш во сета своја полнота. А сега учениците, слушајќи ги зборовите на Спасителот, упатувале молитви за тој дар, додека Христос на небото посредувал за нив. Тој го барал дарот - Духот - за да може да го излее врз своите избраници“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 37. оригинал).

Јован Крстител го прорекол крштавањето на Духот од страна на Месија кој ќе дојде (Лука 3,16; споредете: Дела 11,16), а Исус лично го споменал неколку пати (Лука 24,49; Дела 1,8). Ова излевање ќе биде Негово прво посредничко дело пред Бога (Јован 14,16.26; 15,26). На денот Педесетница ветувањето било исполнето.

Иако крштавањето со Духот на Педесетница бил единствен настан поврзан со Исусовата победа на крстот и прославувањето на Небото, да се биде исполнет со Духот е искуство кое постојано треба да се повторува во животот на верникот (Дела 4,8.31; 11,24; 13,9.52; Ефесјаните 5,18).

**Каков доказ имате дека Духот дејствува во вашиот живот?**

## ДАРОТ НА ЈАЗИЦИТЕ

Во Дела 2,4 дарот на Духот се покажал преку зборувањето јазици. Сепак, овој дар бил само еден од многуте различни пројави на Духот (Дела 10,45.46; 19,6). Други, опфаќаат само пророкување на иднината (Дела 11,28), примање на виденија (Дела 7,55), вдахновен говор (Дела 2,8; 28,25), исцелување (Дела 3,6.12; 5,12.16) и способност за служба (Дела 6,3.5).

Дарот на јазиците не бил даруван на денот Педесетница затоа што тоа е вообичаен или најважен доказ за излевањето на Духот. Се појавил за да може да се придвижи мисијата на Црквата во светот. Односно, со повикот упатен во текстот во Дела 1,8 имало и потреба од дарот на јазикот. За апостолите да ги надминат културолошките пречки и со Евангелието да допрат до сите краишта на Земјата, им било потребно да знаат да зборуваат на јазиците на оние луѓе кои требале да ја слушнат нивната проповед.

**Што претставува доказ дека на денот Педесетница учениците зборувале на тогашните странски јазици? Дела 2,5-12.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Се проценува дека во светот, во првиот век, имало осум до десет милиони Евреи и дека околу 60 проценти живееле надвор од Јудеја. Многумина присутни во Ерусалим за време на празниците биле од странски земји и не го зборувале арамејскиот јазик, јазикот на јудејските Евреи во тоа време.

Нема сомнение дека повеќето обратеници во времето на Педесетница биле Евреи од различни земји, кои сега имале прилика да го слушнат Евангелието на својот јазик. Дека апостолите зборувале на постоечките странски јазици, а не на непознати јазици во занес, можеме да докажеме со изразот *dialektos* (Дела 2,6.8), што означува јазик на народите или областите (споредете: Дела 21,40; 22,2; 26,14). Според тоа, јасно е дека зборувале на тогашните различни јазици. Чудото се состоело во тоа што неуките Галилејци сега зборувале на јазик кој само неколку часови порано воопшто не го знаеле. За тамошните Евреи кои биле сведоци на овој настан, а не ги познавале овие јазици, единствено можно објаснување било дека апостолите се напиле, изговарајќи необични бесмислени гласови. „Други пак, потсмевајќи се, велеа: 'Се напиле слатко вино!'“ (Дела 2,13).

**Иако, пред нивните очи се случило силно пројавување на Божјата сила, овие луѓе помислиле дека е во прашање пијанство. Како можеме да внимаваме и сами да не бидеме во таа мера духовно слепи?**

## ПРОПОВЕДТА НА ПЕТАР

Обвинението дека се пијани му пружило на Петар прилика да објасни што се случува. Во својот говор апостолот најпрво укажал на Писмото (Дела 2,16-21), опишувајќи го излевањето на Духот како исполнување на пророштвото.

**Споредете ги следните текстови: Дела 2,17 и Јоил 2,28. Како Петар го сфатил исполнувањето на пророштвото на Јоил?**

---

---

Пророштвото на Јоил зборувало за идното спасение (Јоил 2,32), кое ќе биде карактеристично по знаците во природата и по обилното излевање на Духот (Јоил 2,28-31). Толкувајќи го настанот на денот Педесетница во светлината на ова пророштво, Петар се обидувал да го нагласи историското значење на тој момент. Меѓутоа, постои важна разлика во начинот на кој ги наведува зборовите на Јоил. Наместо воведните зборови на Јоил „По ова“ (Јоил 2,28), кои во општа смисла укажуваат на иднината, Петар рекол „во последните денови“ (Дела 2,17), навестувајќи дека завршниот чин во големата драма на спасението тукушто почнал. Тоа, секако, не е потполн опис на настаните од последните денови, туку показател на големото чувство на итност кое ја одликувало Раната црква. Тие не знаеле кога ќе дојде крајот, но биле уверени дека нема долго да чекаат.

**Прочитајте го текстот во Дела 2,22-32. Која била главната мисла во Петровото претставување на Евангелието?**

---

По нагласувањето на пророчкото значење на денот Педесетница, Петар се свртел кон неодамнешните настани поврзани со Исусовиот живот, смрт и воскресение. Но, во најголема мера го нагласил воскресението, бидејќи претставува решавачки фактор во извештајот на Евангелието. Сметајќи дека воскресението е конечна Исусова одбрана (Дела 2,22.27), Петар цитирал текст од Писмото за да го објасни неговото значење.

Бидејќи Исус бил Месија, смртта не можела да Го задржи. Така, за Петар и за останатите писатели на Новиот завет, Исусовото воскресение било силен доказ, не само дека Исус е Месија, туку за целокупната христијанска порака за спасението.

**Со оглед на тоа дека смртта е секаде околу нас, дека секогаш ни се заканува нам или на нашите сакани, зошто Исусовото воскресение толку важна вистина?**

## ИСУСОВОТО ПРОСЛАВУВАЊЕ

**„И така подигнат со Божјата десница, Тој Го прими од Таткото ветениот Свети Дух, и го излеа ова, што го гледате и слушате“ (Дела 2,33).**

Во третиот дел од говорот, Петар се вратил на прашањето за јазиците, кои најпрво го привлекле народот. Верниците не биле пијани, што би било необично во девет часот наутро (Дела 2,15), туку зборувале на јазици бидејќи Светиот Дух тукушто се излеал од Небото.

**Прочитајте ги стиховите во Дела 2,33-36. Како е поврзано излевањето на Духот со тоа дека Божјата десница го подигнала Исуса?**

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

________________________________________________________

Божјата десница претставува положба и власт (Псалм 110,1-3). Тврдењето на Петар, кое се темелело на Писмото, гласи дека Исус го излеал Духот на своите следбеници благодарение на тоа што бил издигнат на таква положба на Небото. Прославувањето не му дало на Исус статус што го немал порано (Јован 1,1-3; 17,5). Наместо тоа, прославувањето претставувало Татково врховно признавање на Неговото право како Господ и Спасител (Дела 2,36).

Овој настан нè приближува до една од најважните теми во Светото писмо: космичката борба меѓу доброто и злото. Суштината е во тоа што Духот не би можел да дојде во својата полнота ако Исус не бил прославен (Јован 7,39), а Исус не би бил прославен ако не ја извојувал победата на крстот (Јован 17,4.5). Со други зборови, Исусовото прославување било услов за излевањето на Духот затоа што го означувало Божјото одобрување на Исусовото дело на крстот, вклучувајќи го и поразот на оној кој ја презел власта над овој свет (Јован 12,31).

Појавувањето на гревот во светот фрлило сенка на Бога. Исусовата смрт била неопходна, не само заради откупување на човечкиот род, туку и за Бог да биде оправдан, а сатаната разоткриен како измамник. Во Исусовата служба, времето на спасение веќе почнало (Лука 4,18-21). Кога ги истерувал демоните или ги проштавал гревовите, Исус ги ослободувал оние што сатаната ги заробил. Сепак, крстот Му дал потполна власт тоа да го прави. Затоа, кога Христовата доброволно принесена жртва била потврдена на Небото, сатаната го примил решавачкиот удар, а Духот се излеал за да го приготви народот за Христовото доаѓање.

## ПРВИНИ

Слушателите на Петар биле трогнати од неговите зборови. Можеби имало и поединци кои биле меѓу они кои пред неколку седмици се залагале за Исусовото распетие (Лука 23,13-25). Но сега, уверени дека Исус од Назарет е навистина Месија кого Бог го поставил, со тажно срце повикале: „Што да правиме?“ (Дела 2,37)

**Прочитајте го текстот во Дела 2,38. Кои два основни елементи се неопходни за простување?**

Покајанието подразбира темелна промена на насоката во животот, свртување од гревот (Дела 3,19; 26,20), а не само чувство на жалење и каење. Заедно со верата, вистинското покајание е Божји дар, но како и останатите дарови, може да се отфрли (Дела 5,31-33; 26,19-21; Римјаните 2,4).

Од времето на Јован Крстител, покајанието е поврзувано со крштавањето (Марко 1,4). Односно, крштавањето станало израз на покајание, обред кој претставува миење на гревот и морална обнова под влијание на Светиот Дух (Дела 2,38; 22,16; споредете: Тит 3,5-7).

**Прочитајте го текстот во Дела 2,38.39. Кое посебно ветување им е дадено на оние кои ќе се покаат и ќе сторат завет со крштавање?**

На народот, кој бил присутен на денот Педесетница, не му било понудено само проштавање на гревот, туку и сета полнота на Духот за личен раст, за служба во Црквата, а посебно за мисијата. Тоа можеби бил највозвишениот од сите благослови, бидејќи главната причина за постоењето на Црквата е да ја шири Радосната вест на Евангелието (1. Петрово 2,9). Значи, од овој момент па натаму, тие ја имале сигурноста на спасението и силата на Светиот Дух, кој ги оспособил за мисијата на која е повикана Црквата.

**Зошто сфаќањето дека можеме да бидеме „ослободени од гревот“ е толку важно за секој оној кој сака да го објавува Евангелието? Всушност, каква надеж во Исуса можете да им понудите на другите доколку и сами ја немате?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница ја открило важната вистина за тоа што се случило на Небото и како Бог Отецот ја прифатил Христовата жртва за гревовите на светот. Излевањето на Духот исто така покажало дека Христовото дело на Небото во наша полза, засновано на Неговата жртва принесена на Земјата, сега било свечено започнато. Овие восхитувачки настани се прикази на прекрасната вистина дека Небото и Земјата се поврзани на начин во кој ние сега едноставно не можеме да проникнеме.

„Христовото вознесение на небото претставувало знак дека неговите следбеници ќе го добијат ветениот благослов. Токму тоа тие и го очекувале пред да пристапат кон своето дело. Враќајќи се повторно на небото, Христос бил свечено устоличен со најдлабока почит и обожавање од страна на сите ангели. Штом завршил овој обред, Светиот Дух слегол во обилни млазеви врз учениците и Христос навистина е прославен со славата што ја имал со Отецот од создавањето на светот. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница (Дуовден), претставувало небесно соопштение дека е извршено крунисување на Откупителот. Според даденото ветување, Тој им го пратил од небото на своите следбеници Утешителот како знак дека Тој, во својство на свештеник и цар, ја примил сета власт на небото и на земјата и дека овде навистина бил Помазаник над својот народ“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 38.39. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Што од сè она што се случило на денот Педесетница, Црквата може денес да очекува да го доживее во своето постоење? Што може да се повтори, а што не?**

**2. Размислувајте повеќе за фактот дека Петар Исусовото воскресение го направил мошне важен дел од пораката што ја упатил на денот Педесетница. Она што правело воскресението во уште поголема мера да биде зачудувачко, е тоа што никој не очекувал дека Месија ќе воскресне, без оглед на очекувањата кои во тоа време ги имале Евреите во врска со Месија. Таа идеја не се наоѓала на ниту еден духовен радар; не го очекувале тоа ни оние кои го чекале доаѓањето на Месија. Какви поуки врз основа на ова можеме да извлечеме за тоа дека треба да знаеме што учи Библијата, наспроти најновите широкоприфатени учења?**

**3. Текстот во Дела 2,38 зборува дека крштавањето е неопходно. Дали тоа значи дека ќе биде изгубен секој што поверувал во Исуса, но умрел пред да се крсти? Образложете го својот одговор.**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 3**
**14 - 20 јули 2018**

# ЖИВОТОТ ВО РАНАТА ЦРКВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 2,42-46; Дела 4,34.35; Дела 3,1-26; Дела 4,1-18; Дела 5,1-11; Дела 5,34-39.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И секој ден беа постојано и еднодушно во Храмот; раскршуваа леб по домовите и примаа храна со радост и просто срце, фалејќи Го Бога беа омилени кај сиот народ“** (Дела 2,46.47).

Чувството на итност во Раната црква било мошне силно. Врз основа на тоа како Исус одговорил на прашањето поврзано со воспоставување на месијанското царство, оставајќи го отворено прашањето околу времето (Дела 1,6-8), можело да се сфати дека сѐ зависело од излевањето на Духот и крајот на апостолската мисија. Така, кога осамнал денот Педесетница, првите верници сметале дека сѐ се исполнило: го примиле Светиот Дух и го објавиле Евангелието на целиот свет. Апостолите не го напуштиле Ерусалим ниту заминале по светот, туку светот дошол кај нив (Дела 2,5-11).

Следна работа која што се случила е таа што верниците се откажале од материјалните добра. Сметајќи дека останало малку време, продале сѐ што имале и себеси се посветиле на учењето и заедницата продолжувајќи да сведочат за Христа, но само во Ерусалим. Во животот на зедницата, иако успешна во помагањето на сиромашните, наскоро се појавиле потешкотии, и Бог морал да дејствува за да ја одржи Црквата обединета. Ова, исто така, било време кога почнале да се соочуваат со противење. Но, и покрај сето тоа, нивната вера останала непоколеблива.

## ПОУЧУВАЊЕТО И ЗАЕДНИЦАТА

По извештајот за денот Педесетница, Лука преминува на општиот опис на внатрешниот живот на Црквата во Ерусалим. „И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите“ (Дела 2,42). Во основа, четирите споменати поими го претставувале поучувањето и заедништвото. Според 46. стих, поучувањата се одржувале во Храмот, а заедништвото било негувано во домовите.

Дворот на Храмот бил опкружен со покриени тремови кои често се користеле за рабински поучувања. Дека верниците се посветиле на апостолското учење покажува фактот дека дарот на Духот не ги повел кон мисловна религија, туку кон моќен процес на учење под водство на апостолите, чии авторитативни учења биле потврдени со чудеса и знаци (Дела 2,43).

Духовната заедница била уште еден посебен знак на побожност на првите христијани. Верниците постојано биле заедно, не само во Храмот, туку и во своите домови, каде што делеле оброци, ја прославувале Вечерата Господова и се молеле (Дела 2,42.46). Одржувајќи ги секојдневните собирања, раните христијани ја искажувале својата надеж во скорешното Исусово враќање, кога неговата заедница со нив ќе биде обновена во месијанското царство (Матеј 26,29).

Приватните домови имале клучна улога во животот на Раната црква. Верниците и понатаму присуствувале на секојдневните церемонии во Храмот (Дела 3,1), а во сабота најверојатно биле во синагогите со своите сонародници, Евреите (Јаков 2,2), но карактеристичните елементи на христијанската вера биле извршувани во домовите.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 2,44.45; 4,34.35. Кој бил важен аспект на заедницата на првите христијани?**

---

---

Верувајќи дека крајот е близу, сметале дека материјалните добра, „личната сопственост“ (да употребиме посовремен израз), повеќе не се важни. Според тоа, заедничката употреба на материјалните средства се чинела целисходна. Немало причина да бидат загрижени за иднината, бидејќи лично Месија ќе ги исполни нивните потреби во месијанското царство (Лука 22,29.30). Ова делење, покрај тоа што било извонреден пример на христијанската великодушност, им овозможило да искусат подлабоко чувство на единство.

**Колку вие сте великодушни кога е во прашање она што сте го примиле од Господа?**

## ИСЦЕЛУВАЊЕТО НА САКАТИОТ ЧОВЕК

Во Дела 3,1 стои забележено дека Петар и Јован оделе во Храмот на молитва која се одржувала во три часот. Ова укажува на суштинскиот еврејски карактер на црковната вера во овој ран период. Односно, апостолите не оделе во Храмот само за да поучуваат или да доведат нови обратеници, туку затоа што Петар и Јован и понатаму биле Евреи, и како такви и понатаму биле посветени на еврејските верски обичаи (Дела 20,16; 21,17-26), барем до овој момент. Таму го направиле своето восхитувачко чудо (Дела 3,1-10); што на Петар му пружило прилика да одржи уште една проповед.

**Што посебно нагласил Петар во својата проповед? Дела 3,12-26.**

---

Проповедањето на првите христијани го обележувале пет главни точки: Исус бил Месија кој страдал (Дела 3,18); Бог го воскреснал (Дела 3,15); Исус бил прославен на небото (Дела 3,13); Тој ќе дојде повторно (Дела 3,20); покајанието е неопходно за проштавање на гревовите (Дела 3,19).

На многу начини ова е истата порака која што ние му ја пренесуваме по светот, иако рамката е променета. Апостолите сè уште се наоѓале во еврејско опкружување, кога народот во основа само морал да „пређе“ од стариот во новиот завет наместо да ја менува верата. Како дел од Божјиот народ, морале да го прифатат Месија и да го доживеат новото раѓање кое следи откако искрено ќе го прифаат Исуса.

Сега, иако приликите се поинакви, пораката во основа е иста: Христос умрел за нашите гревови, воскреснал и повторно ќе дојде. Ова значи дека во Него можеме да најдеме спасение. Дури и во рамките на Тројната ангелска вест од Откровение 14. глава, Исус Христос распнатиот, Исус Христос воскреснатиот и Исус Христос кој повторно ќе дојде, мора да биде во центарот на објавувањето на овие пораки.

„Од сите оние кои себеси се сметаат за христијани, адвентистите на седмиот ден би требало да бидат меѓу првите кои ќе го воздигнат Христа пред светот. Објавувањето на тројната ангелска порака упатува повик да се претставуви вистината за саботата. Оваа вистина, заедно со другите кои се опфатени во пораката, мора да се објавува; но големото привлечно средиште на пораките, Исус Христос, не смее да се изостави. Токму крај Христовиот крст се сретнале милоста и вистината, правдата и мирот се бакнале. Грешникот мора да се насочи да гледа на Голгота; со едноставна вера на мало дете, тој мора да се потпре на заслугите на Спасителот, прифаќајќи ја неговата праведност, верувајќи во неговата милост“ (Елена Вајт, *Еванѓелски работници*, стр. 156.157. ориг.).

## ПРВИ СПРОТИВСТАВУВАЊА

Успехот на црквата по кратко време предизвикал противење од страна на одредени ерусалимски водачи. Со храмот во Ерусалим управувал првосвештеникот и неговите помошници, главно садукеи. Првосвештеникот воедно бил и претседател на синедрионскиот совет, кој во тоа време главно го сочинувале садукеи и фарисеи. Бидејќи садукеите не верувале во воскресение, биле многу вознемирени кога Петар и Јован поучувале дека Исус станал од мртвите. Тие биле уапсени од стражарите на Храмот, и апостолите до утрото биле ставени во притвор, за потоа да бидат изведени пред Советот (Дела 4,1-7).

**Прочитајте го текстот во Дела 4,1-48. Што одговорил Петар кога ги запрашале со каква сила го направиле тоа? Што била основната порака на Петровиот одговор која водачите ја сметале како закана?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Предизвикот во врска со прашањето за силата што го поставиле еврејските водачи, укажува на нивната загриженост за власта. Меѓутоа, Петар изјавил дека не само што чудото е направено во Исусово име туку и дека спасението доаѓа само од Него. Апостолите се наоѓале пред највисокото еврејско тело на власта, па сепак, се служеле со Оној кој има многу поголема власт. Овие луѓе биле едноставни, необразовани галилејски рибари; па, според тоа, нивната храброст и речовитост ги изненадила сите присутни. Иако тоа водачите не го сфатиле, суштината е дека апостолите биле исполнети со Светиот Дух, токму онака како што Исус прорекол (Матеј 10, 16-20).

Бидејќи не можеле да го побијат стореното чудо – излечениот човек бил присутен и сите можеле да го видат – Синедрионот им наредил на апостолите да престанат да проповедаат. Се плашеле од нивните пораки, како и од сè поголемата распространетост на движењето. Пропуштајќи добро да ги проучат доказите, дозволиле со нивните постапки да управуваат предрасудите и желбата за самозаштита.

Последните зборови на Петар спаѓаат меѓу најдрагоцените бисери на Дела апостолски: „Право ли е пред Бога, да ве слушаме вас повеќе отколку Бога! Судете! Зашто, ние не можеме да не зборуваме за она, што сме го виделе и чуле“ (Дела 4,19.20).

**Размислувајте во врска со желбата за власт и колку опасна може да биде, на кое било ниво и во која било рамка. Како христијани повикани да бидеме слуги, зошто мораме да бидеме внимателни кога е во прашање привлечноста на власта?**

## АНАНИЈА И САФИРА

Заедничкото делење на личните материјални добра не било задолжително во Раната црква; односно, тоа не било официјален услов за некој да стане член на Црквата. Сепак, сигурно имало неколку примери на доброволна великодушност кои ја вдахнале целокупната заедница. Еден таков пример претставувал Варнава (Дела 4,36.37), кој понатаму во книгата ќе има важна улога.

Меѓутоа, имало и негативни примери кои го загрозиле единството на црквата однатре, токму во времето кога почнале нападите однадвор.

**Какви поуки наоѓаме во овој извештај? Дела 5,1-11.**

---

---

Иако Лука не ни ги открил сите подробности, нема сомнение дека основниот проблем на Ананија и Сафира не бил само обидот да ги задржат парите, туку тоа што направиле измама внатре во заедницата. Нивниот грев не бил резултат на пренаглена одлука, туку на внимателно смислен план, намерен обид „да Го искушувате Господовиот Дух“ (Дела 5,9). Тие не биле обврзани да го продадат својот имот и парите да ги даруваат на Црквата. Значи, кога се обврзале да го направат тоа, можеби постапувале само во согласност со своите интереси или се обиделе да стекнат влијание меѓу браќата со великодушниот чин кој е вреден за пофалба.

Оваа можност може да ни помогне да објасниме зошто Бог толку остро ги казнил. Дури и ако црковниот заеднички живот бил последица на уверувањето дека Исус наскоро ќе дојде, оваа постапка на Ананија и Сафира на самиот почеток можела да ја намали важноста на верноста кон Бог и да изврши лошо влијание меѓу верниците. Причината зошто не се спомнува дека на Ананија му е дадена можност да се покае, како во случајот со Сафира (Дела 5,8), може да се припише само на краткиот извештај.

Крајниот резултат е дека тие од почеток до крај постапувале грешно, а гревот е сериозно прашање во Божјите очи (Езекил 18,20; Римјаните 6,23), иако Тој не го казнува секогаш во истиот момент. Всушност, тоа што казната често се одложува треба постојано да нѐ потсетува колку Бог е милостив (2. Петрово 3,9).

**Зошто мораме да бидеме внимателни со поместувањето на границата на благодатта, како што тоа го правеле овие двајца верници на Раната црква?**

## ВТОРО АПСЕЊЕ

Ако апостолите можеле да бидат употребени за Божјиот суд да се излее на гревот, како во случајот на Ананија и Сафира, тие исто така можеле да бидат употребени за Божјата благодат да се излее на грешниците. Нивната силна исцелувачка служба (Дела 5,12-16) била видлив доказ дека Божјиот Дух дејствувал преку нив. Впечатливо е верувањето дека дури и сенката на Петар можела да ги лечи луѓето. Најблиска сличност во Евангелието ја наоѓаме во примерот на жената која била излечена кога ја допрела Исусовата облека (Лука 8,43.44). Но, Лука не вели дека сенката на Петар има навистина исцелувачка сила, туку дека народот мислел така. Сепак, дури и кога сеопштото суеверие било вклучено, Бог и понатаму ја излевал својата благодат.

Меѓутоа, колку повеќе апостолите биле исполнети со Духот, и колку повеќе знаците и чудата се умножувале, верските водачи станувале во сè поголема мера љубоморни. Тоа ги навело по втор пат да ги уапсат апостолите (Дела 5,17.18). Дури по чудесното избавување (Дела 5,19-24) и вториот храбар говор на Петар, нагласувајќи дека „треба да го слушаме Бога повеќе, отколку луѓето" (Дела 5,29), некои од припадниците на власта почнале да ја разгледуваат можноста дека натприродно влијание е на дело.

**Прочитајте го текстот во Дела 5,34-39. Како Гамалеил го одвратил Синедрионот да ги убијат апостолите?**

---

Со Синедрионот управувале садукеите, кои заедно со фарисеите го сочинувале влијателното малцинство. Гамалеил бил фарисеј и доктор по право. Толку бил ценет меѓу Евреите што станал познат како *Rabban* („наш учител"), а не само *Rabbi* („мој учител"). Павле бил еден од неговите ученици (Дела 22,3). Гамалеил се сетил на две други бунтовнички движења од блиската израелска историја, кои исто така привлекле следбеници и предизвикале немири. Меѓутоа, овие водачи биле убиени, а следбениците целосно се растуриле. Тогаш извлекол поука дека, ако христијанското движење е човечко дело, наскоро ќе исчезне. Од друга страна, ако тоа било божествено движење, како што тврделе апостолите, дали можеле да се надеваат дека ќе му се спротивстават? Советот на Гамалеил бил прифатен. Апостолите биле камшикувани и уште еднаш им било наредено да не зборуваат во Исусово име.

**Што ни кажува овој извештај колку добриот совет често може да биде потребен и корисен? Како можеме да бидеме поотворени за да примиме совет кој се состои од она што не сакаме нужно да го слушнеме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ние сме повереници на кои отсутниот Господар им доверил да го чуваат своето домаќинство и своите интереси поради кои дошол на овој свет. Тој се вратил на Небото, оставајќи ни ја задачата да се грижиме околу тоа, и Тој очекува да стражариме и да го чекаме Неговото доаѓање. Треба да бидеме верни во извршувањето на задачата што ни е доверена, за да не дојде за нас ненадејно и да нѐ најде како спиеме“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 8. книга, стр. 37)

„Луѓето треба да бидат свесни за светоста на своите завети и ветувања во рамките на Божјето дело. Овие ветувања обично не се сметаат за задолжителни, како што се напишаните обврски меѓу луѓето. Меѓутоа, дали ветувањето е помалку свето и задолжително ако е дадено на Бога? Бидејќи му недостигаат одредени технички услови, и не може да се наметне со закон, дали христијанинот ќе ја занемари обврската за која го дал својот збор? Ниту една правна напомена или обврска не е во поголема мера задолжителна од ветувањето дадено за Божјето дело“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6. книга, стр. 1056).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Исус, меѓу останатото, на учениците им оставил два непосредни аманети: очекувањето на Неговото скоро доаѓање и мисијата во светот. Како овие два фактори треба да влијаат на нашето сфаќање на мисијата и повикот да го проповедаме Евангелието на светот?**

**2. Некој во една прилика рекол: „Треба да бидеме готови како Исус да ќе дојде денес, но да продолжиме да работиме како да нема да дојде уште сто години“. Каква мудрост наоѓаме во оваа изјава, и како можеме да ја примениме на нашиот повик во животот?**

**3. Зошто Исусовиот живот, смрт, воскресение и враќање мораат да бидат во центарот на сѐ што проповедаме? Или, согледајте го тоа на следниот начин: Каква е целта на сѐ што проповедаме без овие настани?**

**4. Што можеме да научиме од извештајот за Ананија и Сафира за тоа колку е тешко да се познава срцето на другите, било да е во прашање добро или зло?**

**5. Кои современи Гамалеили познавате? Или, можеби сте во прилика таа улога да ја вршите во животот на другите луѓе? Во секој случај, разговарајте во класата за моментите кога давањето или примањето на мудар совет донело добро. Какви поуки можеме да извлечеме од овие примери?**

**Поука 4**
**21 - 27 јули 2018**

# ПРВИТЕ ЦРКОВНИ ВОДАЧИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 6; Дела 7,48; Евреите 5,11-14; Михеј 6,1-16; Дела 7; Дела 8,4-25.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А Божјото слово растеше и бројот на учениците во Ерусалим се зголемуваше многу. И големо множество свештеници и се потчинија на верата“** (Дела 6,7)

Многу од обратениците на денот Педесетница биле елинизирани Евреи, односно, Евреи од грчко-римскиот свет кои сега живееле во Ерусалим (Дела 2,5.9-11). И покрај тоа што биле Евреи, во многу работи се разликувале од јудејските Евреи – споменати во Дела 6,1. Највидливата разлика се состоела во тоа што не го познавале арамејскиот јазик на кој се зборувало во Јудеја.

Имало уште неколку други разлики, и културолошки и верски. Бидејќи се родени во странски земји, немале корени во јудејско-еврејските обичаи, или барем нивните корени не биле толку длабоки како корените на јудејските Евреи. Тие најверојатно не биле толку врзани за церемониите во Храмот и оние видови на Мојсеевиот закон кои биле применувани само во израелската земја.

Исто така, бидејќи поголемиот дел од својот живот го поминале во грчко-римското опкружување и во близок допир со незнабошците, тие биле поподготвени да го сфатат сеопфатниот карактер на христијанската вера. Всушност, имало многу елинизирани верници кои Бог ги употребил за да го исполнат својот налог и да го однесат сведоштвото по целиот свет.

## ИЗБОРОТ НА СЕДУММИНАТА

**Каков приговор упатиле елинистичките верници? Дела 6,1.**

---

„Причината за поплаки наводно била таа што грчките вдовици биле запоставени при секојдневното делење на храна. Секоја нееднаквост би била спротивна на духот на евангелието, но сатаната сепак успеал да разбуди недоверба. Морало да се преземат итни мерки за да се отстрани секоја причина за незадоволство и да се спречи намерата на непријателот да внесе раздор меѓу верниците" (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 88. оригинал).

Решението предложено од страна на апостолите се состоело во тоа Евреите да изберат седуммина меѓу себе да „служат (*diakoneō*) околу трпезите" (Дела 6,2), додека тие ќе поминуваат време во молитва и ќе останат во „службата (*diakonia*) на словото" (Дела 6,4). Со оглед на тоа дека *diakoneō* и *diakonia* припаѓаат на иста група зборови, единствената вистинска разлика ја забележуваме меѓу зборовите „трпеза" во Дела 6,2 и „словото" во Дела 6,4. Оваа подробност, заедно со изразот „секој ден" (Дела 6,1), укажува на два главни чинители од секојдневниот живот на Раната црква: поучување („словото") и заедница („трпезата"). Вториот се состоел од заеднички оброци, Вечера Господова и молитви (Дела 2,42.46; 5,42).

Тоа значи дека апостолите, како ополномоштени повереници на Исусовите учења, главно се занимавале со поучување на верниците за библиските вистини и со молитва, додека Седуммината биле задолжени за активностите на заедницата кои се одржувале во неколку цркви во домовите. Но, нивните должности не биле ограничени на должностите на ѓаконите, како што ние денес ги сфаќаме. Тие всушност биле првите црковни водачи.

**Како седуммината биле избрани и воведени во службата? Дела 6,2-6.**

---

Кандидатите требало да се издвојуваат во моралните, духовните и практичните особини: требало да уживаат чесен углед и да бидат исполнети со Духот како и со мудрост. Со одобрение од заедницата, Седуммината биле избрани, а потоа подготвени за служба проследено со молитва и полагање на раце. Овој обичај укажува на јавно признание и доделување на авторитет во извршувањето на нивната ѓаконска служба.

**Многу е лесно да се сее раздор во редовите, зар не? Како можеме да направиме сè со од Бога дадената сила за да одржиме мир меѓу себе и да се сосредоточиме на мисијата?**

## СЛУЖБАТА НА СТЕФАН

По именувањето, Седуммината не само што се вклучиле во црковната служба туку и во активното сведочење. Како резултат на таквата работа Евангелието продолжило да се шири, а бројот на верниците сè повеќе растел (Дела 6,7). Овој раст, секако, предизвикал противење насочено кон Раната црква. Извештајот потоа се сосредоточува на Стефан, човек со таков духовен раст кој ретко се среќава.

**Прочитајте го текстот во Дела 6,8-15. Што ни кажуваат овие стихови за Стефан, за неговата вера и карактер? Што проповедал Стефан и со што толку ги разлутил своите противници?**

___

___

___

Како елинистички Евреин, Стефан го објавувал Евангелието во елинистичките синагоги во Ерусалим. Имало неколку такви синагоги во градот; текстот во Дела 6,9 најверојатно укажува на две од нив, една во која оделе доселениците од југ (Евреи од Кирина и Александрија) и една која ја посетувале доселениците од север (од Киликија и Азија).

Исус несомнено бил централно прашање во расправите кои се воделе, а обвинувањата подигнати против Стефан се однесувале на неговото сфаќање на Евангелието и значењето на Евангелието кое можеби го надминувало сфаќањето на јудејските верници. Стефан бил обвинет дека хули на Мојсеј и Бог; односно, Законот и Храмот. Дури и ако бил погрешно сфатен во одредени подробности – или неговите зборови намерно биле извртувани – и ако лажните сведоци биле наведени да зборуваат против него, обвинувањата не можеле да бидат потполно неточни, како и во Исусовиот случај (Марко 14,58; Јован 2,19).

Стефановата јасна осуда на идопоклоничкото обожавање на Храмот (Дела 7,48) што ја изнел пред Синедрионот открива дека тој го разбрал подлабокото значење на Исусовата смрт и каде таа водела, барем кога станува збор за Храмот и за неговите обредни служби.

Со други зборови, додека многу еврејски верници од јудејско потекло и понатаму биле врзани за Храмот и другите церемонијални обичаи (Дела 3,1; 15,1.5; 21,17-24) и им било тешко да ги напуштат (Галатјаните 5,2-4; Евреите 5,11-14), Стефан, а можеби и други елинистички верници, брзо сфатиле дека Исусовата смрт означила крај на сите обичаи во Храмот.

**Зошто мораме да бидеме внимателни да не ја отфрлиме новата светлина држејќи се цврсто за одредени гледишта?**

# ПРЕД СИНЕДРИОНОТ

**Што им рекол Стефан на своите тужители? Дела 7,1-53.**

Обвинувањата подигнати против Стефан довеле до негово апсење и судење од страна на Синедрионот. Според еврејската традиција, Законот и службата во Храмот биле два од трите столбови на кои почива светот – последниот ги претставува добрите дела. Самото навестување дека Мојсеевите обреди застареле, навистина се сметало за навреда на она што е најсвето во јудаизмот; и оттука произлегува обвинението за хулење (Дела 6,11).

Одговорот на Стефан е најдолгиот одговор во Дела апостолски, што укажува на неговото значење. Иако на прв поглед се чини дека говорот не е ништо друго од опширно проповедање на историјата на Израел, треба да го сфатиме во однос на старозаветниот завет и начинот на кој пророците ја користеле неговата структура кога се подигале како верски реформатори и го повикувале Израел да се врати на неговите барања. Во тој случај понекогаш го користеле еврејскиот збор *rîb*, чиј најдобар превод најверојатно гласи „заветна парница", да ја изразат идејата дека Бог презема законски мерки против својот народ затоа што не успеал да го одржи заветот.

Во текстот од Книгата на пророкот Михеј 6,1.2, на пример, зборот *rîb* се јавува три пати. Потоа, следејќи го образецот на синајскиот завет (2. Мојсеева 20-23), Михеј го потсетува народот на Божјите моќни дела направени во негова корист (Михеј 6,3-5), на одредбите и кршењето на заветот (Михеј 6,6-12), и конечно на проклетството поради тоа кршење (Михеј 6,13-16).

Оваа слика најверојатно претставува заднина на говорот на Стефан. Кога побарале да ги објасни своите постапки, тој воопшто не се потрудил да ги отфрли обвинувањата или да ја одбрани својата вера. Наместо тоа, го подигнал својот глас на ист начин како што тоа го правеле старите пророци кога ја изнесувале Божјата *rîb* против Израел. Неговиот долг преглед на односот на Бога кон Израел во минатото имал за цел да ја опише нивната неблагодарност и непослушност.

Според текстот во Дела 7,51-53 Стефан повеќе не е обвинет, туку Божји пророк и застапник кој ја изнесува Божјата заветна парница против овие водачи. Ако нивните татковци биле криви за убивањето на пророците, тие се во уште поголема мера. Промената од „нашите татковци" (Дела 7,11.19.38.44.45) во „вашите татковци" (Дела 7,51) е значајна: Стефан ја прекинал врската со својот народ и зазел решителен став за Исус. Цената била висока; сепак, неговите зборови не откривале страв или жалење.

**Кога последен пат требало да заземете цврст и непоколеблив став за Исуса? Дали тоа сте го направиле или сте се повлекле? Ако сте го направиле ова второто, што треба да промените?**

## ИСУС ВО НЕБЕСНИОТ ДВОР

Бидејќи пророк (на еврејски *nāḇî*) по дефиниција е некој кој зборува во Божјо име, Стефан станал пророк истиот момент кога ја изнел Божјата *rîb* против Израел. Меѓутоа, неговата пророчка служба била прилично кратка.

**Што значело видението на Стефан? Дела 7,55.56.**

---

„Кога Стефан при своето излагање стигнал до оваа точка, кај народот настанал метеж. Кога Христа го поврзал со пророштвата и кога вака зборувал за храмот, свештениците се преправале дека се вчудовидени и почнале да ја кинат својата облека. Таа постапка за Стефана била знак дека неговиот глас набргу ќе биде замолкнат. Ја забележал сета длабина на отпорот на кој наишле неговите зборови и знаел дека го дава своето последно сведоштво. Иако се наоѓал во средината на својата беседа, тој нагло ја прекинал“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 100. оригинал).

Додека Стефан стоел пред еврејските водачи изнесувајќи ја Божјата парница против нив, Исус стоел во небесниот двор, односно, во Небесното Светилиште, покрај Таткото, што укажувало дека судот на Земјата бил израз на вистинскиот суд кој ќе се случи на Небото. Бог ќе им суди на лажните учители и водачи во Израел.

Ова објаснува зошто овде недостасува повик на покајание, заедничка одлика на претходните говори во Дела апостолски (2,38; 3,19; 5,31). Израелската теократија се ближела кон својот крај, што значело дека израелскиот народ повеќе нема да биде посредник во спасението на светот како што му било ветено во Аврам (1. Мојсеева 12,3; 18,18; 22,18), туку тоа ќе бидат Исусовите следбеници, Евреите и незнабошците, од кои сега се очекувало да го напуштат Ерусалим и да сведочат по целиот свет (Дела 1,8).

**Како Лука известува за смртта на Стефан? Дела 7,57-8,1.2.**

---

Каменувањето претставувало казна за хулење (3. Мојсеева 24,14), иако не било јасно дали Стефан е осуден на смрт или бил линчуван од страна на група фанатици. Во секој случај, тој е првиот забележан Исусов следбеник кој бил убиен поради својата вера. Тоа што сведоците ја оставале својата облека покрај нозете на Савле, укажува дека тој бил водач на противниците на Стефан; сепак, кога Стефан се помолил за своите крвници, тој се помолил и за Савле. Само личност со возвишен карактер и непоколеблива вера можела да го направи тоа, што било силен показател на неговата вера и Христовата присутност во неговиот живот.

## ШИРЕЊЕ НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Победата на Стефан предизвикала масовно прогонство на верниците во Ерусалим, и тоа несомнено е поттикнато од страна на иста група противници. Водач на таа група бил Савле, кој ѝ нанел голема штета на Црквата (Дела 8,3; 26,10). Меѓутоа, од прогонството произлегле и добри резултати.

Распрснати по Јудеја и Самарија, верниците оделе и го проповедале Евангелието. Така го исполниле налогот да сведочат во тие области (Дела 1,8).

**Прочитајте го текстот во Дела 8,4-25. Какви поуки се изнесени во овој извештај?**

___

___

Самарјаните биле полуизраелци, дури и од верско гледиште. Биле монотеисти кои ги прифаќале петте Мојсееви книги (Pentateuh), вршеле обрежување и го очекувале Месија. Меѓутоа, верата на Самарјаните Евреите ја сметале за расипана, што значи дека Самарјаните немале удел во заветните благослови на Израел.

Бидејќи неочекуваното обратување на Самарјаните ја запрепастило Црквата во Ерусалим, апостолите ги испратиле Петар и Јован да ги утврдат приликите. Божјото задржување на Духот, додека Петар и Јован не стигнале (Дела 8,14-17) веројатно требало да ги увери апостолите дека Самарјаните треба да бидат прифатени како полноправни членови на заедницата на верните (види: Дела 11,1-8).

Меѓутоа, тука не завршило сè. Во Дела 8,26-39 се наоѓа извештај за Филип и Етиопјанецот, евнух, кој по проучувањето на Библијата побарал да биде крстен. „И заповеда да застане колата, и двајцата - Филип и Етиопјанецот - слегоа во водата. И го крсти“ (Дела 8,38).

Прво Самарјаните, а потоа и Етиопјанецот, странец кој дошол во Ерусалим да учествува во службата, а сега бил на патот кон својот дом. Евангелието ги надминало границите на Израил и почнало да се шири во светот како што било проречено. Сето ова било само почеток, бидејќи првите еврејски верници наскоро ќе патуваат насекаде низ познатиот свет и ќе ја проповедаат возвишената вест за смртта на Исус, кој ја платил казната за човековите гревови и кој на сите и насекаде нуди надеж во спасението.

**Петар му рекол на Симон дека е „во горчлива жолчка и во оковите на неправдата“ (Дела 8,23). Што било решение за неговиот проблем и проблемот на секој кој можеби ќе се најде во слични околности?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Прогонствата на кои била изложена црквата во Ерусалим во голема мера го засилиле делото на евангелието. Успесите што го придружувале проповедањето на евангелието во тој град биле толку големи, што постоела опасност учениците тука премногу да се задржат, заборавајќи го налогот на Спасителот да одат по цел свет. Губејќи го од вид фактот дека силата на отпорот против злото најдобро се стекнува токму во напад, тие мислеле дека нивна најважна задача е црквата во Ерусалим да ја штитат од нападите на нејзините непријатели. Наместо да ги поучуваат новообратените како да им го проповедаат евангелието на оние кои уште не го чуле, тие се наоѓале во опасност да тргнат по пат на кој сите би биле задоволни со она што е постигнато. Но Бог дозволил неговите претставници да бидат изложени на прогонства за да ги растури низ другите земји каде што морале да работат за душите. Истерани од Ерусалим, тие "се раштркаа... проповедајќи ја речта" (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 105. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Внимателно прочитајте го цитатот на Елена Вајт за опасноста со која се соочувала Раната црква, да тргне по патот кој ќе ги наведе верниците да бидат задоволни со себе и со она што до тогаш го постигнале. Како прво, тоа значи дека, наспроти општоприфатените идеи, многу Евреи навистина го прифатиле Исус како Месија. Но, што е уште поважно, каква опомена ние, како Божји народ, треба да извлечеме од тоа денес? Како можеме да бидеме сигурни дека не сме премногу зафатени заштитувајќи го она што веќе го имаме, наместо да го правиме она што би требало – да го досегнеме светот?**

**2. До времето на апостолите, односите меѓу Евреите и Самарјаните биле обележани со вековно жестоко непријателство. Што можеме да научиме од фактот дека Филип, најверојатно Евреин, во Самарија сведочел за Исус? Дури и како христијани адвентисти, не сме отпорни на културолошките и етничките предрасуди. Што треба да нè научи крстот за тоа дека пред Бога сите сме исти? Исто така, што треба да нè научи сеопштоста на Христовата смрт за бескрајната вредност на секое човечко суштество?**

**3. Како Филип му пристапил на Етиопјанецот (Дела 8,27-30)? Како можеме да бидеме подготвени на другите да им го објавуваме Евангелието?**

**4. Што научивме од текстот од 6 до 8 глава што може да ни помогне поуспешно да ја извршиме црковната мисија?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 5**
**Од 28 јули до 3 август 2018**

# ОБРАТУВАЊЕТО НА ПАВЛЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 26,9-11; 5. Мојсеева 21,23; Дела 9,1-20; 1. Коринќаните 9,1; Галатјаните 1,1; Дела 9,20-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Оди, зашто тој човек е Мој избран сад, за да го изнесе Моето име пред народите, и пред царевите, и пред Израелевите синови“ (Дела 9,15).**

Обратувањето на Савле од Тарс (подоцна Павле) било едно од најизвонредните настани во историјата на Апостолската црква. Но, значењето на Павле го надминува самото обратување, бидејќи Павле сигурно не е единствениот непријател на Црквата кој станал искрен христијанин. Суштината е во тоа што сè правел поради Евангелието. Павле бил заколнат противник на првите верници и штетата која можел да ѝ ја нанесе на младата Црква би била огромна. Имал и решителност и официјална поддршка да ја уништи црквата. Сепак, верно одговорил на Божјиот повик на патот за Дамаск и се истакнал меѓу апостолите. „Меѓу најогорчените и најнемилосрдни прогонители на Христовата црква, се подигнал како најспособен бранител и најуспешен весник на Евангелието“ (Е, *Sketches from the Life of Paul*, стр. 9).

Фактот дека учествувал во прогонството на Раната црква секогаш во Павле будела длабоко чувство на лична недостојност, иако со силно чувство на благодарност можел да каже дека Божјата благодат, која била излеана на него, не била залудна. Благодарение на Павловото обратување, христијанството засекогаш се променило.

## ПРОГОНУВАЧ НА ЦРКВАТА

Павле бил елинистички Евреин. Роден е во Тарс, главниот град на Киликија (Дела 21,39). Сепак, во извесна мера отстапувал од елинистичкото секојдневие бидејќи бил доведен во Ерусалим, каде го поучувал Гамалеил (Дела 22,3), највлијателниот фарисејски учител на тоа време. Како фарисеј, Павле бил строг во својата вера, иако неговата ревност се граничела со фанатизам (Галатјаните 1,14). Затоа го одвел Стефан во смрт и бил клучна личност во идното прогонство.

**Прочитајте го текстот во Дела 26,9-11. Како Павле ги опишал своите дела насочени против Црквата?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Павле на едно место вели дека Евангелието било соблазна за Евреите (1. Коринќаните 1,23). Покрај тоа што Исус не се вклопувал во традиционалните еврејски очекувања на царскиот Месија, Евреите никако не можеле да ја прифатат идејата дека Оној кој умрел на крс,- тот би можел да биде Божјиот Месија, бидејќи Писмото вели дека е проклет секој пред Бога кој е обесен (5. Мојсеева 21,23). Според тоа, за Евреите распетието само по себе било бесмислица, најјасен доказ дека тврдењата на Црквата за Исус биле лажни.

Текстот во Дела 9,1.2 го прикажува Савле од Тарс во борбата против верниците. Дамаск бил значаен град, оддалечен околу 220 километри северно од Ерусалим во кој живееле голем број Евреи. Евреите кои живееле надвор од Јудеја биле меѓусебно организирани и поврзани, со седиште во Ерусалим (Синедрион), во кој синагогите вршеле улога на центар за поддршка при локалната заедница. Меѓу Синедрионот и тие заедници се одржувала постојана врска преку писма кои обично ги носел *shaliah*, „оној што е испратен“ (од еврејскиот збор *shalah*, „испраќа“). *Shaliah* бил официјален помошник именуван од страната на Синедрионот да врши неколку верски должности.

Кога Павле од свештеничкиот поглавар, претседателот на Синедрионот, побарал посланија упатени до синагогите во Дамаск, станал *shaliah*, и добил власт да ги уапси Исусовите следбеници и да ги доведе во Ерусалим (споредете Дела 26,12). Грчкиот збор кој одговара на зборот *shaliah* е *apostolos*, од кој е изведен зборот апостол. Значи, пред да стане апостол на Исуса Христа, Павле бил апостол на Синедрионот.

**Кога последен пат ревносно сте се залагале за нешто (или сте биле против нешто), а подоцна сте го промениле своето мислење? Какви поуки требало да научите од тоа искуство?**

# НА ПАТОТ ЗА ДАМАСК

**Прочитајте го текстот во Дела 9,3-9. Што му се случило на Павле на патот за Дамаск? Што значат Исусовите зборови забележани во Дела 9,5 (види: Дела 26,14).**

---

Кога Павле и неговите сопатници се приближиле до Дамаск, се случило нешто неочекувано: околу пладне ги осветлила силна светлина од небото и слушнале глас кој зборува. Тоа не било само провидение во пророчка смисла, туку божествено јавување, насочено исклучиво на Павле. Неговите сопатници ја виделе светлината; сепак, само Павле ослепел; и тие го слушнале гласот; сепак, само Павле разбрал што било кажано. Светлината била божествената слава на воскреснатиот Исус, кој во тој момент лично му се јавил на Павле (Дела 22,14). Павле на друго место тврди дека го видел Исуса што, како сведок на Неговото воскресение и како оној кој ја примил апостолската власт, го направило еднаков на Дванаесеттемина (1. Коринќаните 9,1; 15,8)

Тогаш следел разговорот со Исус, од кој Павле бил погоден неспоредливо повеќе отколку од самата светлина. Павле бил сосем убеден дека, гонејќи ги следбениците на Исус од Назарет, извршувал Божјо дело чистејќи го јудаизмот од таа опасна и страшна ерес. Меѓутоа, се запрепастил кога сфатил дека не само што Исус е жив туку, задавајќи им маки на Неговите верници, тој го нападнал лично Исуса.

Кога Исус му се обраќа на Савле, употребува поговорка, наводно од грчко потекло, која на Павле му била позната: „Тешко ти е да се риташ против остенот!“ (Дела 26,14). Таа ја доловува сликата на вол кој носејќи го јаремот се бодел од шилецот на стапот кој се користел за терање на волови. Во настојувањето да го избегне стапот, животното само уште повеќе се повредувало.

Оваа изрека може да укаже на борбата во умот на Павле – Библијата го смета за дело на Духот (Јован 16,8-11) – која е поврзана со она што му се случило на Стефан.

„Савле се истакнал при сослушувањето и при прогласувањето за виновен на првиот христијански маченик Стефан, но очигледните докази за Божјето присуство на страна на маченикот го навеле Савле да се посомнева во праведноста на делото за кое се залагал против Исусовите следбеници. Во душата бил длабоко вознемирен. Не знаејќи што да прави, им се обратил на оние во чијашто мудрост и расудување имал целосна доверба. Доказите на свештениците и старешините најпосле го осведочиле дека Стефан бил богохулник, а Христос, кого го проповедал измачуваниот ученик, ништо повеќе освен обичен измамник и дека сепак се во право оние што вршат света служба“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 112.113. ориг.).

**Зошто е мудро да ја послушаме својата совест?**

## ПОСЕТАТА НА АНАНИЈА

Кога сфатил дека разговара со Исус лично, Савле поставил прашање кое на Исус му дал приликата која ја барал: „Што да правам, Господи?“ (Дела 22,10). Прашањето навестува каење поради постапките направени до тој момент, но што е уште поважно, изразува безусловна подготвеност да му дозволи на Исуса и понатаму да го води неговиот живот. Во Дамаск Павле требало да чека понатамошни упатства. Во стиховите во Дела 9,10-19 Библијата открива како Господ го подготвувал Павле од Тарс за неговиот нов живот како апостол Павле. Исус во видението на Ананија дал налог да го посети Савле и да ги положи рацете на него за да му се врати видот. Меѓутоа, Ананија веќе знаел кој е Савле, како и колку браќа страдале и го изгубиле животот поради него. Исто така, бил добро известен зошто Савле бил во Дамаск и, секако, не сакал таму да стане прва жртва на Савле. Неговото двоумење било разбирливо. Сепак, Ананија не знаел дека Савле тукушто доживеал лична средба со Исуса, кој засекогаш го променил неговиот живот. Не знале дека Савле, наместо и понатаму да работи за Синедрионот – на големо изненадување на Ананија – Исус тукушто го повикал да работи во Неговото дело, што значи дека Савле повеќе не бил апостол на Синедрионот, туку Исусово избрано орудие чија задача била да го однесе Евангелието и на Евреите и на незнабошците.

**Прочитајте го текстот во посланието до Галатјаните 1,1.11.12. Кое посебно тврдење Павле го изнесува во врска со својата апостолска служба?**

---

Павле во Посланието до Галатјаните тврди дека пораката и звањето апостол го примил непосредно од Исуса Христа, а не од некој човечки извор. Ова не мора нужно да се спротивставува на улогата што Ананија ја извршил во својот повик. Кога го посетил, Ананија само го потврдил налогот кој Савле веќе го примил лично од Исуса на патот за Дамаск.

Всушност, промената во животот на Савле била толку драматична, што не можела да му се припише ниту една човечка причина. Само божественото дејствување може да објасни како Исусовиот најлут противник одеднаш го прифатил како Спасител и Господ, оставајќи зад себе сè – убедувањето, угледот, позивот – и станал Негов најпосветен и најплодоносен апостол.

**На кој начин обратувањето на Савле го прикажува дејствувањето на Божјата прекрасна благодат? Што можете да научите од овој извештај во врска со личностите во вашиот живот за кои се сомневате дека некогаш ќе ја прифатат вистинската вера?**

## ПОЧЕТОК НА ПАВЛОВАТА СЛУЖБА

Текстот во Дела 9,19-25 остава впечаток дека по обратувањето, пред да се врати во Ерусалим, Павле извесно време останал во Дамаск (Дела 9,26). Меѓутоа, Но, во посланието до Галатјаните 1,17 Павле додава дека пред заминувањето во Ерусалим заминал во Арабија, каде што очигледно некое време живеел во самотија.

„Тука, во самотијата на пустината, Павле имал доста време за спокојно размислување и проучување" (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 125. оригинал).

**Прочитајте го текстот во Дела 9,20-25. Како Лука ја опишува службата на Павле во Дамаск? Колку таа била успешна?**

___

___

Првобитната мета на Павле, откако го напуштил Ерусалим со посланието добиено од свештеничкиот поглавар, биле еврејските верници кои побарале засолниште во синагогите во Дамаск (Дела 9,2). Сега, откако се вратил од Арабија, конечно ги посетил синагогите, не за да ги уапси верниците, туку да го зголеми нивниот број, не да го клевети Исуса како измамник, туку да го претстави како Месија на Израел. Што се одвивало во умот на оние кои сега го слушнале да сведочи за Исус, а го познавале само како еден од своите прогонители? Што друго можеле, освен да му се восхитуваат што станал Савле од Тарс и што правел за Црквата? (Веројатно не можеле ни да замислат какво влијание на крајот ќе изврши овој нов обратеник!)

Во неможност да му се спротивстават на Павле, некои негови противници сковале план да му го одземат животот. Извештајот на Павле за тој настан (2. Коринќаните 11,32.33) укажува дека неговите противници го поткажале кај локалните власти за да ја остварат својата намера. Но, со помош на верниците, Павле успеал да побегне на тој начин што го спуштиле во корпа, веројатно низ прозорец на куќа која била изградена на градскиот ѕид.

Павле уште од почеток знаел дека ќе се соочи со предизвици (Дела 9,16). Противењето, прогонството и различните страдања постојано биле присутни во неговата служба, но ништо не ја разнишало неговата вера или чувството на должност, и покрај неволјите и искушенијата со кои се соочувал речиси на секој чекор од својот нов живот во Христа (2. Коринќаните 4,8.9).

**И покрај борбите и противењата, Павле не се откажал. Како и ние можеме да истраеме кога е во прашање верата, односно, како да ја сочуваме среде обесхрабрувањата и противењето?**

## ВРАЌАЊЕТО ВО ЕРУСАЛИМ

Кога побегнал од Дамаск, Павле се вратил во Ерусалим првпат откако си заминал оттаму како прогонувач. Тоа се случило по три години од неговото обратување (Галатјаните 1,18). Враќањето не било лесно бидејќи се соочувал со проблеми и во Црквата и надвор од неа.

**Прочитајте го текстот во Дела 9,26-30. Што му се случило на Павле кога стигнал во Ерусалим?**

---

Павле се обидел да им се придружи на апостолите во Ерусалим. Иако до тој момент веќе три години бил христијанин, веста за неговото обратување звучела толку неверојатно што апостолите, како што бил Ананија пред нив, имале доста големи сомнежи. Се плашеле дека тоа е само дел од внимателно разработен план. Варнава, левит од Кипар (Дела 4,36.37), значи елинистичкиот Евреин, го скршил отпорот на апостолите и ги запознал со Павле. И тие сигурно се восхитувале на она што го направил Бог во животот на Павле; односно, кога сфатиле дека искрено се обратил.

Меѓутоа, тој отпор никогаш не исчезнал во потполност, ако не поради минатото на Павле и прогонството на Црквата, тогаш барем поради Евангелието кое го проповедал. Како и во случајот со Стефан, јудејските верници, вклучувајќи ги и апостолите, бавно го сфаќале сеопштиот карактер на христијанската вера, вера која повеќе не се темелела на старозаветниот церемонијален систем, особено на жртвениот систем, кој ја изгубил својата важност по Исусовата смрт на крстот. Најблискиот круг на пријатели на Павле во Црквата во Јудеја го сочинувале елинистичките верници: покрај Варнава, тука бил и Филип, еден од седумтемина (Дела 21,8) и Мнасон од Кипар (Дела 21,16). Неколку години подоцна, водачите на ерусалимската црква и понатаму го обвинувале Павле дека во основа ги проповеда истите учења што некогаш ги проповедал и Стефан (Дела 21,21)

Во текот на петнаесетте дена кои ги поминал во Ерусалим (Галатјаните 1,18), Павле очигледно одлучил да им го објави Евангелието на истите оние Евреи кои не верувале во Исуса, а кои пред одредено време ги навел да му се спротивстават на Стефан. Но, како што се случило и со Стефан, неговите напори наишле на силно противење, претставувајќи закана во неговиот живот. Исус во видение му рекол да го напушти Ерусалим и да оди на безбедно (Дела 22,17-21). Браќата му помогнале да замине во Ќесарија, а оттаму во својот роден град Киликија, каде што останал неколку години пред да ги започне своите мисионерски патувања.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога еден генерал ќе загине во некоја битка - тоа е загуба за неговата војска, но неговата смрт не ја зголемува силата на неговите непријатели. Меѓутоа, кога еден истакнат човек ќе премине на противничката страна, тогаш поранешната страна претрпува загуба, но оние на кои им пристапил се во големо предимство. Господ лесно можел да го убие Савле Таршанецот на неговиот пат за Дамаск и прогонувачката сила со тоа многу би загубила. Но Бог во своето провидение не само што му го поштедил животот на Савле, туку и го обратил, префрлајќи на тој начин еден од извонредните поборници од непријателската страна - на Христова страна“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 124. оригинал).

„Христос им наложил на своите ученици да појдат во светот и да ги учат сите народи; но учењата што претходно ги примиле од Евреите им отежнувале целосно да ги разберат зборовите на својот Учител и затоа бавно ги применувале. Се нарекувале деца Аврамови, и себеси се сметале за наследници на божественото ветување. Само неколку години по Господовото вознесение, нивниот ум бил доволно широк за јасно да ја сфати намерата на Христовите зборови, дека треба да се залагаат за обратување на незнабошците исто како и за Евреите“ (Елена Вајт, Sketches From the Life of Paul, стр 38).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе за прашањето кое Исус му го поставил на Павле на патот за Дамаск. „Зошто ме гониш?“ (Дела 9,4) Ова прашање за Павле било знак дека Исус од Назарет навистина воскреснал. Но, и повеќе од тоа, ова било знак и на духовно поистоветување меѓу Исус и Неговата црква (види: Матеј 25,34-45). Логичноста е очигледна: секоја штета нанесена на Црквата е штета која му се нанесува лично на Исуса. Во практична смисла, што значи тоа за нас денес?**

**2. Сведочењето за Исус опфаќа и страдање за Исуса. Не е случајно што грчкиот збор за сведок (*martys*) е поврзан со зборот „martyrdom“ (маченишство). Што значи да се страда за Исус?**

**3. Старата латинска поговорка гласи: *Credo ut intelligam* што значи, „Верувам за да разберам“. Како оваа идеја ни помага да сфатиме што му се случило на Савле од Тарс? Односно, пред своето обратување, пред да поверува во Исуса, тој не сфаќал. Дури по стекнатото искуство можел да разбере. Каква поука можеме да извлечеме од ова кога можеби ќе бидеме вознемирени поради оние кои не веруваат во вистините коишто нам ни се јасни?**

**Поука 6**
**4 -10 август 2018**

# ПЕТРОВАТА СЛУЖБА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 9,32-43; Дела 10,9-16; Ефесјаните 2,11-19; Дела 11,1-26; Дела 12,1-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш Петар ја отвори устата и рече: ’Вистина гледам дека Бог не гледа на лице, туку Нему Му е мил во секој народ оној, кој се бои од Него и кој твори правда’“** (Дела 10, 34.35).

Кога Павле се вратил во Тарс, Петар повторно станал главна личност во извештајот на Лука за раните денови на христијанската црква. Тука е прикажана службата на Петар што ја извршувал патувајќи по Јудеја и околните подрачја. Во Дела апостолски се спомнуваат два кратки извештаи за чудата, исцелувањето на Енеј и воскреснувањето на Тавита, по кои следи извештајот за Корнилиј во 10 глава.

Обратувањето на незнабошците било најважното прашање во Апостолската црква. Иако разговорите што се воделе по крштавањето на Корнилиј биле далеку од решавање на сите потешкотии, излевањето на Духот, сеќавањето на тоа што се случило на денот Педесетница, го уверило Петар и браќата во Ерусалим дека благословите на Евангелието не биле ограничени само на Евреите. Во меѓувреме, Црквата во Антиохија веќе почнала да им се приближува на незнабошците.

Лекцијата за оваа седмица исто така зборува за новото, кратко прогонство – овој пат под управа на царот Ирод – и неговото влијание на апостолите, кои биле поштедени во прогонството предводени од страна на Павле.

## ВО ЛИДА И ЈОПА

Петар ги посетувал христијанските заедници во крајбрежното подрачје на Јудеја. Тој имал намера да ги поучи на библиските вистини (Дела 2,42), но Бог моќно го употребил да прави чуда онака како што правел Исус.

**Прочитајте го текстот во Дела 9,32-35. Какви сличности воочувате меѓу Исусовото чудо забележано во Евангелието според Лука 5,17-26 и исцелувањето на Енеј?**

---

И покрај краткиот извештај, ова чудо нè потсетува на познатиот настан кога Исус го исцелил неподвижниот човек во Капернаум (Лука 5,17-26). Дури и подробноста во врска со постелата е иста. Но, уште поважно било влијанието на исцелувањето на Енеј не само во Лида, туку и во целата Саронска крајбрежна рамнина. Кога и самите се увериле во чудото, многу луѓе се свртеле кон Господа.

**Прочитајте го текстот во Дела 9,36-43. Потсетете се на извештајот за воскреснувањето на Тавита. Што било посебно во врска со неа?**

---

Тавита, чие име на арамејски значи „срна“, била омилена верничка во своето соседство поради христијанската великодушност која ја покажувала со своите дела. Извештајот за нејзиното воскреснување исто така се поклопува со Исусовото чудо, со воскреснувањето на ќерката на Јаир (Лука 8,41.42.49.-56), на кое Петар бил сведок. Следејќи го Исусовиот пример, Петар ги замолил сите да ја напуштат просторијата (види: Марко 5,40). Клекнал, се помолил, а потоа ја повикал умрената жена: „Тавита, стани“ (Дела 9,40).

Апостолите правеле многу чуда; сепак, тоа всушност биле Божји дела остварени преку рацете на апостолите (Дела 5,12). Сличностите со Исусовите чуда можеби постоеле за да ја потсетат Црквата, како и нас денес, дека не е најважно кое е орудието, туку во колкава мера човек му се предава на Бога (види: Јован 14,12). Кога во потполност ќе му дозволиме на Бога да нè употреби во објавувањето на Евангелието, големи дела можат да се остварат. Петар не само што ја воскреснал Тавита туку ова чудо поттикнало многу обратувања во Јопа (Дела 9,42).

**Некои луѓе сметаат дека би поверувале само кога би можеле да видат вистинско чудо, како ова што се случило во Јопа. Иако понекогаш чудата ги приближуваат луѓето кон верата, Библијата е полна со извештаи за оние кои виделе чуда, па сепак не верувале. На што би требало тогаш да се темели нашата вера?**

## ВО ДОМОТ НА КОРНИЛИЈ

Петар во Јопа отседнал кај извесен Симон, по занимање кожар (Дела 9,43). Во тоа време, во Ќесарија, околу 40 километри од Јопа, живеел римски капетан по име Корнилиј. Тој и неговиот дом биле посветени Божји следбеници, иако официјално не пристапиле кон јудаизмот, што значело дека Корнилиј се уште бил необрежан незнабожец. Во видението што Бог му го дал, му било наложено да ги испрати гласниците во Јопа и да му упати покана на Петар да го посети (Дела 10,1-8).

**Прочитајте го текстот во Дела 10,9-16.28.34.35. Што доживеал Петар и како го протолкувал тоа?**

___

___

Важно е да знаеме дека видението на Петар не се однесувало на храната, туку на луѓето. Да, било околу пладне, Петар бил гладен, а еден глас му рекол да ги заколе животните и да ги изеде; сепак Бог ова видение не го употребил за да ја отстрани разликата меѓу чистите и нечистите животни, туку да му пружи на Петар поуки за сеопфатниот карактер на Евангелието.

Видението е изричито дадено за да го скрши отпорот на Петар кон незнабошците. Петар сметал дека ако влезе во домот на Корнилиј и ако помине време со него ќе се оскверни и ќе стане недостоен да учествува во службата во Храмот или да биде во Божјо присуство. Евреите во првиот век во Јудеја и околните подрачја не се дружеле со необрежаните незнабошци.

Проблемот лежел во тогашните теолошки учења, бидејќи ги исклучувале незнабошците од заедничките добра на Израел. Ваквото гледиште ја искривувала целата смисла на израелското постоење како народ, да го досегнат светот со знаењето за вистинскиот Бог.

Бидејќи обрезанието било знак за Аврамовиот завет, необрежаните незнабошци биле изолирани и кон нив се однесувале со презир. Не можеле да имаат удел во благословите на заветот освен доколку не го прифатат обрежувањето и не станат Евреи. Меѓутоа, ваквиот став не соодетствувал со сеопштиот карактер на Исусовата смрт, а со текот на времето првите верници почнале тоа да го сфаќаат.

**Прочитајте ги следните текстови: Тит 2,11; Галатјаните 3,26-28; Ефесјаните 2,11-19. Што можеме да научиме од овие текстови за сеопштата природа на евангелската порака? Што би требало да ни кажат за тоа колку е погрешно христијаните да негуваат предрасуди кон која било група на луѓе врз основа на нивното етничко потекло?**

## ДАРОТ НА ДУХОТ

Текстот во Дела 10,44-48 ни открива еден пресуден момент од историјата на Раната црква. Тогаш еден од апостолите за прв пат им го проповедал Евангелието на необрежаните незнабошци. За разлика од елинистичките верници, апостолите и другите јудејски верници не биле подготвени да ги примат незнабошците во Црквата. Со оглед на тоа дека Исус бил израелски Месија, сметале дека Евангелието треба да им се објавува само на Евреите, и на оние кои се близу и на они кои се далеку. Незнабошците најпрво морале да се обратат во јудаизмот, па дури потоа да бидат прифатени во заедницата на верните. Со други зборови, пред да можат незнабошците да се наречат христијани, морале прво да станат Евреи. Затоа меѓу првите верници од еврејството требало да дојде до промена во ваквиот начин на размислување.

Дарот на јазикот, даден на Корнилиј и неговиот дом, бил додаден како јасен, впечатлив знак дека ваквата замисла е погрешна, дека Бог нема миленици и дека во поглед на спасението и Евреите и незнабошците стојат рамноправно пред Бога.

**Прочитајте го текстот во Дела 11,1-8. Како реагирала Црквата од Ерусалим на искуството на Петар во Ќесарија?**

---

Одамна изградените предрасуди на Евреите во врска со незнабошците ги навеле верниците во Ерусалим да го критикуваат Петар поради тоа што јадел со необрежани луѓе. Се чини дека тие повеќе се интересирале за еврејските церемонијални колебања отколку за спасението на Корнилиј и неговото семејство. Можеби се плашеле дека, доколку Црквата ја прекине таквата практика, тоа ќе претставува побивање на израелската вера; дека ќе ја изгубат Божјата наклоност и ќе станат предмет на истите обвиненија, од страна на своите сонародници, Евреите, кои станале причина за смртта на Стефан.

„Настапило време Христовата црква да влезе во потполно нова фаза од работата и да се отвори вратата која многу обратени Евреи ја затвориле пред незнабошците. А незнабошците, кои го прифатиле евангелието, и без да бидат обрежани, задолжително требало да бидат сметани како потполно рамноправни со учениците од еврејско потекло“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 136. оригинал).

И во оваа пригода, исто како и на денот Педесетница, присутните зборувале на тамошните јазици кои претходно не ги знаеле, а не на некои небесни јазици или во транс. Само целта била поинаква: додека во случајот со апостолите овој дар бил даден со цел да се оствари црковната мисија во светот, кога е во прашање Корнилиј, дарот бил потврда дека Божјата благодат се излева и на незнабошците.

## ЦРКВАТА ВО АНТИОХИЈА

Вдахнат од обратувањето на Корнилиј, Лука накратко го прекинува својот извештај за Петровата служба за да го покаже напредокот на Евангелието меѓу незнабошците.

**Прочитајте го текстот во Дела 11,19-26. Што се случило кога поединци избегале од Ерусалим и дошле во Антиохија?**

---

---

Овој отсек од 11. глава во Дела апостолски нè враќа на прогонството од 8. глава, кое го предводел Павле. Според тоа, додека претходните настани се одвивале во Јудеја и на други места, некои од елинистичките верници, принудени да го напуштат Ерусалим, го шireле Евангелието далеку од границите на Јудеја.

Лука посветува посебно внимание на големиот град Антиохија, во Сирија, каде што расеаните верници почнале да им проповедаат на своите сонародници Евреите и елинистите, и мнозина од нив ја прифатиле верата. Исусовиот налог во Дела 1,8 тогаш се остварил благодарение на напорите на овие елинистички еврејски христијани. Тие станале вистински двигатели на мисијата меѓу незнабошците.

Успехот на Црквата во Антиохија ги навел апостолите во Ерусалим да го испратат Варнава да ги процени приликите коишто владееле таму. Согледувајќи ги големите можности за напредок на Евангелието, Варнава упатил повик до Павле во Тарс, бидејќи сметал дека неговата помош може да биде од суштинско значење.

Варнава бил во право. Во текот на годините, кога тој и Павле работеле заедно, големото мноштво, главно незнабошци, ја слушнало веста за Евангелието. Одушевеноста со која зборувале за Исуса Христа, направила верниците таму за прв пат да станат познати како „христијани“ (Дела 11,26). Тоа што биле „наречени“ христијани укажува дека изразот е смислен од страна на луѓето надвор од Црквата, веројатно за да им се исмејуваат, додека верниците повеќе сакале себеси да се нарекуваат „браќа“ (Дела 1,16), „ученици“ (Дела 6,1), па дури и „свети“ (Дела 9,13). До моментот кога била напишана книгата Дела апостолски, називот „христијани“ станал вообичаен назив (Дела 26,28), и изгледа дека и Лука го одобрувал. „Христијанин“ значи Христов следбеник или ученик.

**Што за вас значи тоа што се нарекувате „христијанин“. Што во вашиот живот е навистина христијанско? Односно, колку вашиот живот околу битните прашања се разликува од животот на нехристијаните?**

## ПРОГОНСТВО ПО НАЛОГ НА ИРОД

Во понатамошниот текст во Дела апостолски повторно се навраќаме на настаните во Јудеја. Наидуваме на извештај за убиството на Јаков, братот на Јован, Завадеевиот син (Марко 1,19), од страна на царот Ирод, кој истото сакал да му го направи и на Петар.

**Прочитајте го текстот во Дела 12,1-4. Што можеме да научиме од предизвиците со кои се соочувала Раната црква?**

---

Царот Ирод спомнат во овој текст е Агрипа I, внук на Ирод Велики (Матеј 2,1). Со Јудеја владеел од 40 до 44 година. Благодарение на својот побожен живот, бил прифатен од страна на еврејските поданици, посебно од фарисеите. Неговиот обид да ја освои наклоноста на Евреите напаѓајќи одредени апостоли, совршено се вклопува во она што го дознаваме за него од други извори.

Бидејќи убиството на Јаков помогнало во исполнувањето на планот на Агрипа, тој сакал да го погуби и Петар. Петар бил уапсен и предаден да го чуваат одреди од четворица војници, по еден одред во текот на секоја од четирите ноќни стражи. Покрај Петар во секој момент се наоѓале четворица војници: за двајца, кои биле од неговата лева и десна страна, бил врзан со синџири, а двајца го чувале влезот на ќелијата. Ваквите крајни мерки на претпазливост сигурно биле преземени за да се избегне она што пред извесно време му се случило на Петар ( и на Јован).

**Прочитајте го текстот во Дела 12,5-18. Што се случило како одговор на молитвата на браќата?**

---

---

Ноќта пред Агрипа да го испрати Петар на судење и да го погуби, Петар уште еднаш на чудесен начин бил ослободен од страна на ангелите.

Потоа, следи извештајот за смртта на Агрипа во Ќесарија (Дела 12,20-23). Се обиделе да ја утврдат причината за неговата смрт (воспаление на стомачната мембрана, чир, дури и труење); сепак, Лука јасно вели дека царот умрел поради божествениот суд.

**Јаков е убиен, Петар е ослободен, а Ирод го доживеал божествениот суд. Во одредени случаи ја воочуваме правдата; а во други не. Што треба да научиме од овој пример за тоа дека ги немаме одговорите на сите прашања и зошто треба да живееме со вера кога е во прашање она што не го разбираме?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во десеттата глава во Дела апостолски наидуваме на уште еден пример кога небесните ангели дејствуваат, поврзано со обратувањето на Корнилиј и неговото семејство. Овие глави (8-10) треба да ги читаме и да им посветиме посебно внимание. Во нив гледаме дека Небото е многу поблизу за христијанинот кој е вклучен во делото за спасување на душите, отколку што мнозина претпоставуваат. Благодарение на нив, исто така, треба да научиме дека Бог се грижи за секое човечко суштество, и дека секој треба да се однесува кон својот ближен како кон Господово орудие за извршување на неговото дело на Земјата“ (Коментари на Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6. книга, стр. 1059).

„Кога Црквата се моли, Божјето дело ќе напредува, а Неговите непријатели ќе доживеат неуспех, иако Црквата нема да биде поштедена од страдања и маченицштво. Увереноста на Лука во победата на Евангелието е сосем реално и тој го препознава фактот дека, иако Божјата реч не е запрена, нејзините слуги можеби ќе треба да страдаат и да бидат затворани“ (И. Хауард Маршал, *The Acts of the Apostles* [Grand Rapids: Eerdmans, 1980], стр. 206.207).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Корнилиј е опишан како „беше побожен и богобојазлив со сиот свој дом; кој му даваше многу милостини на народот и Му се молеше на Бога постојано“** (Дела 10,2). **Очигледно е дека Божјиот Дух веќе дејствувал на Корнилиј пред средбата со Петар. Дали е можно неговиот побожен живот да му пружил прилика на Бога да допре до него со евангелската порака? Каква поука се наоѓа за нас во овој извештај?**

**2. Навратете се на последното прашање од отсекот од понеделник и запрашајте се себеси: Која културолошка, општествена и политичка рамка на вашиот живот поттикнува некаков вид на етничка напнатост којашто христијаните не треба да ја негуваат? Со други зборови, кога тоа е потребно, како ние како христијани можеме да се издигнеме над својата култура и потекло?**

**3. И покрај нанесената штета, напорите на Павле да ги прогонува Христовите следбеници донеле и добар резултат: расеаните верници кои дошле во Антиохија им проповедале и на Евреите и на елинистите. Раскажете во класата лични искуства кога Бог болката и страдањето ја претворил во благослов.**

**4. Јаков бил еден од најблиските ученици на Исус (Марко 5,37; 9,2; 14,33); сепак, тој е првиот од Дванаесеттемина кој умрел со маченичка смрт. Кои други примери ги наоѓаме во Библијата кога верни луѓе неправедно страдале? Какви поуки треба да извлечеме од тие извештаи за целокупното прашање околу страдањето?**

**Поука 7**
**11 - 17 август 2018**

# ПРВОТО МИСИОНЕРСКО ПАТУВАЊЕ НА ПАВЛЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 13; 2. Коринќаните 4,7-10; Римјаните 10,1-4; Римјаните 3,19; Дела 14,1-26; Римјаните 9-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, мажи браќа, знајте дека преку Овој ви се навестува простување на гревовите; и од сѐ од што не можевте да се оправдате преку Мојсеевиот Закон, преку Него се оправдува секој, кој верува“** (Дела 13,38.39).

Евангелието секако требало да им се објави и на незнабошците и на Евреите. Тоа била порака која полека но сигурно првите еврејски христијани почнале да ја сфаќаат.

Првиот јасен извештај за незнабошците кои во голем број им се придружиле на верниците потекнува од Антиохија. Со други зборови, во Антиохија е основана првата црква со верници од незнабоштво, иако и таа имала значителен број верници од еврејството (Галатјаните 2,11-13). Благодарение на мисионерската ревност на своите основачи и новиот поттик по доаѓањето на Варнава и Павле, Црквата брзо растела и станала прв христијански центар надвор од Јудеја. Всушност, на одреден начин, дури и ја надминала Црквата во Ерусалим.

Бидејќи апостолите и понатаму престојувале во Ерусалим, Антиохија станала родно место на христијанската мисија. Токму од тоа место, со поддршка на тамошните верници, Павле тргнал на сите три мисионерски патувања. Благодарение на нивната посветеност, христијанството станало она што и била Исусова намера: религија која ќе го шири Евангелието насекаде во светот, „на секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6).

## САЛАМИН И ПАФ

Лука во 13 глава во Дела апостолски повторно се навраќа на настаните во Антиохија и ни го претставува првото мисионерско патување на Павле, кое зазема цели две глави (Дела 13;14). Од тој момент до крајот на книгата, средиштето на вниманието почива на Павле и на неговата мисионерска работа меѓу незнабошците.

Ова е првиот мисионерски потфат во Дела апостолски што внимателно и со цел го испланирала поединечна Црква; сепак, Лука претпазливо истакнува дека таквата работа потекнува од Бога, и дека не е резултат на самостоен поттик на верниците. Меѓутоа, суштината се состои во тоа дека Бог може да дејствува само тогаш кога сме подготвени себеси да се ставиме во положба во која може да нѐ употреби.

**Кои главни подробности Лука сака да ги нагласи во врска со работата на Варнава и Павле на Кипар? Дела 13,1-12.**

___

Времето на посредничка молитва и пост претходело на тргнувањето на мисионерите; полагањето раце, во оваа рамка, всушност било чин на посветување или преданост на Божјата благодат (Дела 14,26) за идните задачи.

Островот Кипар се наоѓа во североисточниот дел на Средоземното Море, недалеку од Антиохија. Било природно работата да се започне од ова место, бидејќи не само што Варнава бил од Кипар, туку и на островот веќе стигнало Евангелието. Сепак, уште многу требало да се направи.

Кога стигнале на Кипар, Варнава и Павле – и Јован и Марко, роднината на Варнава (Дела 15,39; Колошаните 4,10), кој тргнал со нив – проповедале во синагогите во Саламин. Тоа била вообичаена пракса на Павле: прво да проповеда во синагогите, пред да им се обрати на незнабошците. Бидејќи Исус бил израелски Месија, било повеќе од очекувано Евангелието најпрво да се сподели со Евреите.

По Саламин, тргнале на запад, проповедајќи (претпоставуваме), попатно, додека не стигнале до главниот град Пафос. Потоа извештајот за занимава со две личности: гатачот Евреин, по име Варисус, исто така познат и како Елим, и Сергиј Павле, месен римски намесник. Извештајот ни дава добар пример како е прифаќано Евангелието на спротивни начини: од една страна, отворено противење; од друга, верно прифаќање дури и од страна на најугледните незнабошци. Јазикот во Дела 13,12 јасно укажува на обратување.

**Размислете за тоа како во овој случај Евреинот се спротивставил на вистината, додека незнабожецот ја прифатил. Како ова може да ни помогне да сфатиме зошто понекогаш е многу потешко да се допре до христијаните од другите верски заедници со „сегашната вистина“, отколку до оние кои воопшто не веруваат?**

# АНТИОХИЈА ПАСИДИЈСКА: ПРВ ДЕЛ

Павле и неговите сопатници од Кипар отпловиле во Пергија Памфилиска, на јужниот брег на денешна Турција. Пред да го продолжат патот за Антиохија Пасидиска, Лука известува за две значајни случајни промени: Павле станува водечка личност (до тој момент Варнава секогаш се спомнува прв) и Лука престанува да го користи Павловото еврејско име („Савле“), и го именува само со „Павле“ (Дела 13,9). Тоа го прави веројатно поради тоа што Павле сега главно се наоѓа во грчко-римско опкружување.

Во текст од Дела 13,13 стои забележано дека Јован Марко се враќа во Ерусалим. Самиот текст не известува за причината за неговото заминување. Елена Вајт запишала дека, соочен со страв и обесхрабрување поради неволјите што го очекувале „Марко станал малодушен и наполно обесхрабрен, одбил да го продолжи патот и се вратил во Ерусалим“ (*Делата на апостолите*, стр. 170 оригинал). Бог никогаш не ветил дека тоа ќе биде лесно. Напротив, Павле од самиот почеток знаел дека неговата служба за Исус ќе опфаќа многу страдања (Дела 9,16), но тој научил потполно да се потпира на Божјата сила, и во тоа лежела тајната на неговата сила (2. Коринќаните 4,7-10).

**Прочитајте го текстот во Дела 13,38. Која била суштината на пораката на Павле изнесена во синагогата во Антиохија?**

---

Во Дела 13, 16-41 забележана е првата проповед на Павле во Новиот завет. Секако, тоа не била прва проповед која Павле ја одржал, и несомнено претставува само сиже на она што го рекол. Проповедта е поделена на три главни делови. Почнува со заедничките уверувања за Божјиот избор на Израел и Давидовото царство (Дела, 17-23); овој дел требало да ја утврди допирната точка со еврејските слушатели. Во следниот дел Исус е претставен како исполнување на Божјето ветување за Давидовиот потомок, кој ќе му донесе спасение на Израел (Дела 13,24-37). Последниот дел е опомена против отфрлувањето на спасението кое се нуди преку Исуса (Дела, 13,38-41).

Врв на проповедта се 38. и 39. стих, кои ја содржат суштината на пораката на Павле за оправдувањето. Проштавањето и оправдувањето можат да се остварат само преку Исуса, а не преку Мојсеевиот закон. Овој текст не кажува дека Законот е укинат. Само ја нагласува неговата неможност да го изврши она што Евреите го очекувале, всушност да даде оправдување (Римјаните 10,1-4). Такво право има само Исус Христос (Галатјаните 2,16).

**Што значи тоа дека спасението го примаме само преку Исуса? Како ја усогласувате потребата да го држите Божјиот морален закон со фактот дека Законот не може да обезбеди оправдување?**

## АНТИОХИЈА ПИСИДИСКА: ВТОР ДЕЛ

Текстот во Дела 13,38.39 се занимава со прашањето за неможноста на Законот да оправда, што е важна библиска тема. Законот, и покрај обврзувачкиот карактер на своите морални заповеди, не донесува оправдување затоа што не може да изгради совршена послушност кај оние кои го држат (Дела 15,10; Римјаните 8,3). Дури, и да може Законот да создаде совршена послушност во нас, таа не може ги искупи минатите гревови (Римјаните 3,19; Галатјаните 3,10.11). Тоа е причината зошто оправдувањето не може да се заработи, дури ни делумно. Можеме да го примиме само со вера во Исусовата искупителска жртва (Римјаните 3,28; Галатјаните 2,16), дар кој не го заслужуваме. Со послушноста, колку и да се наоѓа во центарот на христијанскиот живот, не можеме да го заслужиме спасението.

**Прочитајте го текстот во Дела 13,42-49. Како била прифатена пораката на Павле во синагогата?**

___

И покрај тоа што Павле остро ја завршил својата порака, реакцијата на повеќето луѓе во синагогата во голема мера била поволна. Но, следната сабота, приликите повторно се промениле. „Евреите“, кои ја отфрлале евангелската порака, најверојатно биле старешини на синагогата, претставници на официјалниот јудаизам. Нивниот непопустлив став кон Павле, Лука го припишува на љубомората.

Во старите времиња, неколку видови на јудаизам, како што се монотеизмот, начинот на живот, па дури и саботата, предизвикувале силен интерес меѓу неевреите, а многумина од нив се придружиле на еврејската вера како прозелити. Меѓутоа, обрезанието било сериозна пречка, бидејќи било сметано за суров и ужасен обичај. Затоа мнозина незнабошци, кои ги посетувале синагогите и му служеле на Бога, не се обратувале официјално во јудаизмот. Биле познати како такви „кои се бојат од Бога“ и најверојатно тие, како и прозелитите од антиохиската синагога (Дела 13,16.43), помогнале да се рашири пораката на Павле меѓу луѓето кои пристапиле во голем број. Можноста да се искуси спасението, а притоа да не мора човек да се обрати прво во јудаизам, несомнено е дека на многумина им била привлечна.

Ова може да ни помогне да ја објасниме љубомората на еврејските водачи. Во секој случај, отфрлувајќи го Евангелието, не само што се исклучувале себеси од Божјето спасение, туку и ги пуштале Павле и Варнава целото свое внимание да го посветат на незнабошците, кои се радувале и го славеле Бога што ги вклучил во својот план на спасение.

## ИКОНИЈА

Наговорени од еврејските водачи во Антиохија, локалните власти го поттикнале светот против Павле и Варнава и ги протерале од градот (Дела 13,50). Но, учениците биле исполнети со радост и со Светиот Дух (Дела 13,52). Мисионерите тогаш се упатиле во градот Иконија.

**Прочитајте го текстот во Дела 14,1-7. Каков бил резултатот од работата на Павле и Варнава во Иконија?**

---

Павле и Варнава во Иконија продолжиле со обичајот пред да се свртат кон незнабошците, најпрво да се обратат до Евреите. Проповедта на Павле во Антиохија (Дела 13,16-41) ја нуди главната причина зошто на Евреите им е дадена предност во нивната служба: изборот на Израел, со сè што вклучува тоа (Римјаните 3,2; 9,4.5). Божјето исполнување на ветувањето за Спасителот од Давидовата лоза. И покрај фактот дека многу Евреи го отфрлувале Евангелието, Павле никогаш не губел надеж во обратувањето на значителен број Евреи.

Во посланието до Римјаните од 9 до 11 поглавје, Павле јасно вели дека „не сите, кои водат потекло од Израел, се вистински Израелци“ (Римјаните 9,6) и дека само благодарение на Божјата милост некои Евреи воопшто веруваат. Бог не го отфрлил својот народ, но „и во сегашното време, остана еден Остаток избран по благодатта“ (Римјаните 11,5). Павле продолжил да го проповеда Евангелието на незнабошците, иако верувал дека еден ден повеќе Евреи ќе поверуваат во Исуса.

„Расправата на Павле во посланието до Римјаните од 9 до 11 глава продолжува да ја објаснува мисионерската стратегија што ја применува во извештајот во Дела апостолски и секоја генерација на христијани ја соочува со теолошката важност на сведочењето на Евреите кои не веруваат“ (Dejvid Peterson, *The Acts of the Apostles* [Grand Rapids: Eerdmans, 2009), стр. 401).

Приликите не се разликувале многу од оние во Антиохија. Првата реакција на Евреите и незнабошците на Евангелието кое Павле го објавувал била многу позитивна, но повторно, Евреите кои не поверувале, веројатно водачите на локалната еврејска заедница, ги поттикнале незнабошците и го отруле нивниот ум против мисионерите, предизвикувајќи поделба меѓу народот. Бидејќи противниците имале намера да ги нападнат и да ги казнат Павле и Варнава, двајцата мисионери одлучиле да го напуштат градот и да одат во следниот.

**Еврејскиот народ, покрај слушањето на Евангелието, требало да го види и во животот на оние кои го исповедаат Исусовото име. Ако имате познаници Евреи, какво сведоштво им давате?**

## ЛИСТРА И ДЕРВА

Следното место кое Павле и Варнава го посетиле било Листра, зафрлено село околу 29 километри југозападно од Иконија. Иако поминале одредено време во него (Дела 14,9.7.15), Лука известува само за развојот на еден настан: исцелувањето на сакатиот човек, веројатно просјак, кој од таа болест боледувал уште од раѓање.

**Прочитајте го текстот во Дела 14,5-19. Што ни открива нивната реакција кон Павле за тоа во колкава мера биле во незнаење?**

---

---

Мноштвото било толку восхитено од чудото што помислиле дека Павле и Варнава се богови – Варнава Зевс, врховен бог на грчкиот пантеон, а Павле Хермес, помошник и претставник на Зевс. Луѓето всушност сакале да им принесат жртви.

Латинскиот поет Овидиј (43.год.пр.н.е – 17/18.год.н.е) ја забележал легендата за овие двајца богови кои биле преправени во луѓе и посетиле еден град во ова исто подрачје („ридовите на Фригија“) барајќи место за одмор. Според легендата, една понизна постара брачна двојка љубезно и гостољубиво се однесувала кон нив, додека останатите не покажале никакво интересирање. Благодарение на својата љубезност и гостољубивост кон непознатите посетители, домот на оваа брачна двојка бил претворен во храм, тие станале свештеници, додека остатокот од градот бил потполно уништен (*Metamorphoses* 611-724).

Со оглед на ваквата приказна која кружела во оваа област, реакцијата на луѓето кон чудото на Павле не нѐ изненадува. Оваа приказна исто така објаснува зошто мноштвото претпоставило дека мисионерите се токму тие два бога, а не Асклепиј, на пример, богот на исцелувањето. На крајот, некои противници од Антиохија и Иконија предизвикале целосен пресврт. Павле бил каменуван и прогласен за мртов.

**Прочитајте го текстот во Дела 14,20-26. Каде Павле и Варнава го завршиле своето патување? Што направиле при враќањето?**

---

---

**Павле рекол „дека треба преку многу неволји да влезат во Божјото Царство“ (Дела 14,22) Што значи тоа? На кој начин вие, можеби, сте ги доживеале овие зборови? Што е најважно, како можете да научите да растете во верата со какви било „неволји“ и да се соочите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„За време на својот живот на земјата, Христос настојувал да ги изведе Евреите од нивната исклучивост. Обратувањето на капетанот и жената Сирофеничанка биле примери за Неговата непосредна работа надвор од признатиот израелски народ. Сега настапило време за активна и постојана работа меѓу незнабошците, чиишто цели заедници радо го прифаќале Евангелието и го славеле Бога за светлината на разумната вера. Неверувањето и омразата кон Евреите не ја спречиле Божјата намера; новиот Израел бил накалемен на старо маслиново дрво. Синагогите биле затворени за апостолите; но домовите биле ширум отворени за нивната работа, како и јавните објекти на незнабошците во кои се проповедала Божјата реч" (Елена Вајт, *Sketches From the Life of Paul*, стр. 51).

„Во сите свои мисионерски потфати, Павле и Варнава настојувале да го гледаат Христа, да го следат неговиот пример на доброволна жртва и на верна, сесрдна работа за душите. Секогаш будни, ревни и неуморни, тие не гледале да ги задоволат своите лични желби и удобности, туку со побожност и со ревност, неуморно го сееле семето на вистината, а покрај тоа се труделе на сите кои го прифаќале евангелието да им дадат практична поука од непроценлива вредност. Духот на сесрдност и Божјиот страв оставил врз душите на новите ученици длабок впечаток во врска со значењето на евангелската порака" (Елен Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 186. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте повеќе околу извештајот за Јован Марко кој ги напуштил кога приликите станале тешки. Павле и Варнава подоцна воделе расправа за Јован Марко, кога Варнава повторно сакал да го повика во служба, но Павле не се сложувал (види: Дела 15,37). Меѓутоа, неколку години Павле напишал: „Земи го Марко и доведи го со себе, зашто ми е полезен за службата" (2. Тимотеј 4,11). Какви поуки пронаоѓаме во овој настан во врска со оние кои во одредени околности ќе се покажат неверни во својот позив?**

**2. Потсетете се на одговорот кој Павле и Варнава им го дале на Листраните кога помислиле дека се богови (Дела 14,14-18). Како можеме да одговориме кога ќе се најдеме во искушение да ги преземеме заслугите за она што Бог го направил?**

**3. Прочитајте го текстот во Дела 14,21-23. Врз основа на примерот на Павле и Варнава, што можеме како поединци и како Црква да направиме за да ја зајакнеме верата на новите обратеници?**

**4. Како можеме да бидеме сигурни дека не им дозволуваме на човечките обичаи, па дури и на верувањата до кои се држиме подолг временски период, да го осуетат напредувањето на вистината, како што тоа го правеле верските водачи кои му се спротивставиле на Павле?**

**Поука 8**
**18 - 24 август 2018**

# ЕРУСАЛИМСКИОТ СОБОР



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 15; Галатјаните 2,11-13; 2. Мојсеева 12,43-49; Римјаните 3,30; 3. Мојсеева 18,30; Откровение 2,14.20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но ние веруваме дека ќе се спасиме исто како и тие, преку благодатта на Господа Исуса“** (Дела 15,11).

По повеќе од две години, Павле и Варнава се вратиле во Антиохија, во Сирија. Бидејќи целата тамошна Црква учествувала во тоа да ги испрати како мисионери, било очекувано Црквата да ја известат за својата работа. Меѓутоа, во извештајот не нагласиле што постигнале, туку што направил Бог преку нив.

Целокупниот извештај, се разбира, бил успех на мисијата меѓу незнабошците, иако многу Евреи пристапиле кон верата. Бидејќи настанот во врска со Корнилиј, обратувањето на необрежан незнабожец, предизвикал потешкотии (Дела 11,1-8), а голем број од нив сега биле примени во членството на Црквата, приликите станале посебно сложени. Многу верници во Ерусалим не биле задоволни. Сметале дека незнабошците треба прво да се обрежат, односно да станат еврејски прозелити, за да можат да станат дел од Божјиот народ и да остварат заедница со нив.

Петнаесеттата глава во Дела апостолски се занимава со прашањето за незнабошците, проблем кој достигнува критично ниво, и со заедничките напори на Црквата да изнајде решение. Ерусалимскиот собор бил пресвртница во историјата на Апостолската црква во однос на светската мисија.

## ПРЕДМЕТ НА РАСПРАВА

Црквата во Антиохија од самиот почеток се состоела од (елинистички) Евреи и необрежани незнабошци (Дела 11,19-21; Галатјаните 2,11-13), кои очигледно меѓусебно живееле во мирна заедница. Меѓутоа, таа заедница била разнишана со доаѓањето на група верници од Ерусалим.

**Со каков проблем се соочила Црквата? Дела 15,1-5.**

---

---

Овие луѓе од Јудеја можно е да се истите оние кои се спомнати во 5. стих како фарисеи кои веруваат. Присуството на фарисеите во Црквата не треба да нè изненади, бидејќи Павле лично бил фарисеј пред своето обратување (Филипјаните 3,5). Се чини дека оваа група по своја одлука дошла во Антиохија (Дела 15,24), иако нешто подоцна еден друг настан, кој исто така се случил во Антиохија, покажува дека на мнозинството Евреи, вклучувајќи ги и апостолите, не им било пријатно во присуство на необрезаните незнабошци во Црквата (Галатјаните 2,11-13).

Павле во посланието до Галатјаните не зборува благонаклоно за таа група луѓе. Смета дека предизвикуваат неприлики (Галатјаните 1,7; 5,10) и ги нарекува „лажни браќа" (Галатјаните 2,4), чии вистински побуди биле да ја поткопаат духовната слобода на Евангелието и обратениците од незнабоштвото да ги доведат во ропство на легализмот.

Нивниот став бил прилично едноставен: доколку незнабошците не се обрежат и не ги држат сите останати еврејски церемонијални закони, не можат да бидат спасени. Спасението – верувале тие – можело да се прими во рамките на Божјата заветна заедница, а според Стариот завет, немало друг начин некој да биде дел од Божјиот избран народ, освен преку обрежување (1. Мојсеева 17,9-14; 2. Мојсеева 12,48). Накратко кажано, незнабошците можеле да бидат спасени само ако најпрво станат еврејски прозелити.

Секако, Павле и Варнава не можеле да се согласат со таквите барања, кои се коселе со самата природа на Евангелието. Напаѓачкиот пристап на посетителите од Јудеја покренал жолчна расправа; зборот употребен во Дела 15,2 (*stasis*) кој означува „судир" или „раздор". Сепак, прашањето било премногу важно за да се решава само на локално ниво. Во прашање било единството на црквата. Браќата од Антиохија тогаш одлучиле да испратат одреден број на претставници во Ерусалим, вклучувајќи го и Павле и Варнава да пронајдат решение.

**Ставете се себеси во положба на таа група луѓе од Јудеја. Какви аргументи вие би изнеле?**

## ОБРЕЗАНИЕ

Едно од важните прашања во овој судир било обрезанието. Тоа не било воспоставено од страна на луѓето (споредете: Матеј 15,2.9) Бог лично наложил тоа да биде знак на Неговиот завет со потомците на Аврам како со свој избран народ (1. Мојсеева 17,9-14).

**Прочитајте го текстот во 2. Мојсеева 12,46-49. Кој уште требало да се обреже покрај Израелците по раѓање?**

__________________________________________________________

Благословите на заветот не биле ограничени на Израелците, туку го опфаќале секој роб или странец кој престојувал меѓу нив, доколку се обрежат. По обрежувањето странецот би ја зазел истата положба пред Бога како и родениот Израелец: „зашто е тогаш како и домородецот на земјата“ (2. Мојсеева 12,48).

Според тоа, обрезанието било задолжително (за мажите) за да може личноста да стане полноправен член на Божјата заветна заедница. Бидејќи Исус бил израелски Месија, се чинело природно што Јудејците бараат ниту еден незнабожец да не може да ја доживее предноста на спасението ако прво не стане Евреин.

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 3,30; 1. Коринќаните 7,18; Галатјаните 3,28; 5,6. Како Павле го сфаќал обрезанието?**

__________________________________________________________

Тврдејќи дека ниеден незнабожец не може да биде спасен доколку прво не му пристапи на јудаизмот, овие луѓе мешале две различни идеи: заветот и спасението. Членството во Божјата заветна заедница не гарантирало спасение (Еремија 4,4; 9,25). Покрај тоа, Аврам бил спасен (оправдан) преку верата, што се случило порано, а не затоа што се обрежал (Римјаните 4,9-13). Спасението секогаш се примало со вера, додека заветот претставувал начин на кој Бог сакал да го запознае целиот свет со Себе и со својот план на спасение. Израел бил избран токму за таа цел (1. Мојсеева 12,1-3).

Проблемот бил во тоа што овие верници со премногу тесното поврзување на заветот и спасението сметале дека обрезанието е заслужно за спасението. Меѓутоа, Божјата спасоносна благодат не дејствува таму каде што дејствуваат човечките дела. Според тоа, наметнатото обрежување на незнабошците кои поверувале дека е средство за спасение значело да се изопачи вистината за Евангелието (Галатјаните 1,7: 2,3-5), да се поништи Божјата благодат (Галатјаните 2,21) и со тоа Исус да стане бескорисен (Галатјаните 5,2). Исто така, тоа значело и побивање на сеопштиот карактер на спасението (Колошаните 3,11; Тит 2,11). Павле никогаш не можел да се согласи со ваквиот начин на размислување.

**Каква опасност лежи во мислењето дека спасението го примаме со тоа што сме верници на вистинската црква?**

## РАСПРАВА

**Прочитајте го текстот во Дела 15,7-11. Каков бил придонесот на Петар во расправата во Ерусалим?**

---

Лука, секако, не известува за сите разговори водени на состанокот. Би било интересно да се знае, на пример, тврдењата кои ги изнесувале „некои од приврзаниците на фарисеите, што беа поверувале“ (Дела 15,5), како и одговорите на Павле и Варнава (Дела 15,12). Фактот дека се забележени само говорите на Петар и Јаков укажува на значењето на овие луѓе меѓу апостолите.

Петар во својот говор им се обратил на апостолите и старешините, потсетувајќи ги на своето искуство со Корнилиј од пред неколку години. Во суштина, неговото образложение било истото она кое го изнел пред браќата во Ерусалим (Дела 11,4-17). Лично Бог покажал дека го одобрува обратувањето на Корнилиј (иако бил необрежан незнабожец), дарувајќи му го нему и на неговиот дом истиот дар на Духот што им бил даден на апостолите на денот Педесетница.

Бог во своето божествено провидение не употребил никој друг освен Петар да ги убеди јудејските верници дека Тој не прави разлика меѓу Евреите и незнабошците околу прашањето за спасението. Дури и ако им недостасувале предностите на чистење врз основа на старозаветните уредби и прописи, незнабошците кои верувале повеќе не можеле да се сметаат за нечисти, затоа што лично Бог ги исчистил нивните срца. Последната изјава на Петар била слична на онаа која би ја очекувале од Павле: „Но ние веруваме дека ќе се спасиме исто како и тие, преку благодатта на Господа Исуса“ (Дела 15,11).

**Прочитајте го текстот во Дела 15,13-21. Какво решение предложил Јаков во врска со прашањето околу незнабошците?**

---

Говорот на Јаков укажува дека се наоѓал на одредена позиција (споредете: Дела 12,17; 21,18; Галатјаните 2,9.12). Без оглед на тоа што сфатил под повторното подигање на Давидовиот шатор, кое во пророштвото на пророкот Амос се однесува на обновувањето на Давидовата лоза (Амос 9,11.12), главната цел на Јаков била да покаже дека Бог веќе се погрижил незнабошците, во одредена смисла, да се придружат на повторно установениот „Божји народ“ и дека затоа можат да се соединат со Израел.

Од овие причини, сметал дека на обратениците од незнабоштвото не треба да им се наметнуваат никакви понатамошни ограничувања, освен оние кои вообичаено се бараат од странците кои сакаат да живеат во земјата на израелскиот народ.

## ОДЛУКА НА АПОСТОЛИТЕ

**Прочитајте го текстот во Дела 15,28.29. Кои четири забрани Соборот одлучил да им ги наметне на обратениците од незнабоштво?**

---

Главното прашање, поради кое Соборот бил свикан, било решено на соодветен начин. Бидејќи спасението се добива благодарение на благодатта, незнабошците кои верувале биле ослободени од обрежувањето кога пристапувале кон Црквата. Сепак, требало да се воздржуваат од четири работи: 1) месо принесено како жртва на идолите во незнабожечките ритуали, а потоа служено на гозби во храмот или продавано на пазар; 2) користење на крвта; 3) месо од удавени животни, односно месо од кое не била исцедена крвта; и 4) блуд во различни облици.

Повеќето денешни христијани забраните во врска со исхраната (од првата до третата) ги сметаат за привремени препораки. Бидејќи тоа посебно им било одбивно на Евреите, забраните – тврдат тие – имале за цел да го премостат јазот меѓу верниците од еврејството и незнабоштвото. Исто така, често се тврдело дека ни останатите старозаветни закони, вклучувајќи ги и законите за исхраната во 3. Мојсеева (3. Мојсеева 11) и заповеда за саботата (2. Мојсеева 20,8-11), кои не се наведени на претходната листа, повеќе не се задолжителни за христијаните.

Меѓутоа, одлуките на апостолите не биле привремени, ниту претставувале нови прописи на христијанската етика кои исклучувале сè друго што е врзано за Стариот завет. Всушност, под водство на Светиот Дух (Дела 15,28), апостолите и старешините на Црквата ги обновиле уредбите од 3. Мојсеева 17. и 18. глава, кои се однесуваат и на странците што престојувале во Израел.

Овие забрани во рамките на 3. Мојсеева означуваат отфрлување на незнабоштвото. Секој странец кој сакал да живее во Израел морал да се откаже и од овие незнабожечки обичаи на кои биле навикнати (3. Мојс. 18,30). Слично на тоа, од секој незнабожец што верувал и сакал да се придружи на Црквата, се барало да заземе цврст став против незнабоштвото.

Меѓутоа, ова било само првиот чекор. Кога еднаш пристапиле кон Црквата, од нив природно се очекувало да ја извршуваат Божјата волја почитувајќи ги општите заповеди, кои потекнуваат од времето пред Мојсеја, кои во суштина не се церемонијални, како што е заповедта за саботата (1. Мојсеева 2,1-3) и правењето разлика меѓу чистата и нечистата храна (1. Мојсеева 7,2).

Дека одлуките не биле привремени станува јасно, на пример, од текстот во Откровение 2,14.20, каде се повторени првата и последната забрана, исто така имајќи ги предвид и другите две. Всушност, историските факти покажуваат дека христијаните долго по новозаветниот период и понатаму одлуките ги сметале за меродавни.

**Кога ќе дојде до судир, како можеме да научиме да седнеме заедно, да се слушаме едни со други и во духот на почитувањето и понизноста да разговараме за спорните прашања?**

## ПИСМО ОД ЕРУСАЛИМ

**Прочитајте го текстот во Дела 15,22-29. Какви дополнителни мерки презела Црквата во Ерусалим во врска со одлуката на Соборот?**

---

Првата мерка била пишување писма на верниците кои се обратиле од незнабоштво, за да ги известат за она што било одлучено. Писмото, напишано во име на апостолите и старешините од Ерусалим, било официјален документ кој го одразувал влијанието на црквата од Ерусалим, сигурно поради водството на апостолите, на другите христијански заедници. Напишано во 49 година, што најверојатно е година на одржување на Соборот, ова писмо е едно од најраните христијански документи кои ги имаме. Ерусалимската црква исто така одлучила да именува два делегата, Јуда Варсава и Сила, кои ќе ги придружуваат Павле и Варнава во Антиохија; нивната задача била да го однесат писмото и да ја потврдат неговата содржина.

**Како Црквата од Антиохија реагирала на писмото? Дела 15,30-33.**

---

По читањето на писмото, Црквата била исполнета со голема радост поради охрабрувачката порака: од обратениците од незнабоштвото не се барало обрезание. Исто така, немале приговор на барањата кои биле изнесени во писмото (четирите одлуки на апостолите). Првото сериозно несогласување во Раната црква на тој начин било решено, макар во теорија.

При крајот на Соборот, Евангелието кое Павле го објавувал во потполност било признаено од страна на црковните водачи од Ерусалим, кои нему и на Варнава му пружиле рака во знак на прифаќање и доверба (Галатјаните 2,9). Сепак, за оние христијани од еврејството, кои продолжиле да живеат според еврејскиот закон, и понатаму било многу тешко заедно со незнабошците да седат на маса, кои практично, во обредна смисла останале нечисти.

Овој проблем дошол до израз, на пример, во посланието до Галатјаните 2,11-14, во настанот во кој учествувал и Петар. „Дури ни сите ученици“ кажува Елена Вајт, „не биле подготвени доброволно да ги прифатат одлуките на овој Собор“ (*Делата на апостолите*, стр. 197. оригинал).

**Бидете искрени кон себе: колку ви е тешко да остварите заедница со верниците од другите култури, раси, па дури и општествени класи? Како можете да се ослободите од овој став кој се спротивставува на Евангелието?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Општо земено, обратените Евреи не биле наклонети да напредуваат онака бргу како што им го отворало патот Божјето провидение. Резултатот на работата на апостолите меѓу незнабошците јасно покажал дека обратениците од тие народи бројно ќе ги надмине обратениците од еврејско потекло. Евреите се плашеле дека, ако не се поставаат ограничувањата и обредите на нивните закони како задолжителен услов за прием на незнабошците во членство на црквата, националната еврејска особеност со која до тогаш се изделувале и се разликувале од сите народи, конечно сосема ќе исчезне меѓу оние што ја прифатиле пораката на евангелието“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 189. оригинал).

„Христијаните од еврејско потекло, кои живееле непосредно до храмот, во своите мисли привидно се враќале на предимствата на Евреите како посебен народ. Кога виделе дека христијанската црква ги напушта церемониите и традициите на еврејството и кога сфатиле дека во светлината на новата вера набргу ќе се загуби од вид неповредливоста на еврејските обичаи, мнозина биле јадосани од Павле, сметајќи дека тој во голема мера придонел за таа промена. Дури ни сите ученици не биле подготвени доброволно да ги прифатат одлуките на овој Совет. Некои ревнувале за церемонијалниот закон и негодувале против Павле, бидејќи сметале дека неговите начела во врска со задолжителноста на еврејскиот закон се неодредени и двосмислени “ (Исто, стр. 197 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Потсетете се во класата на последното прашање од отсекот од понеделник. Како го сфаќаме фактот дека припаѓањето кон „вистинската“ Црква не гарантира спасение? На пример, стариот Израел сигурно бил „вистинската Црква“, но тоа не значи дека сите се спасени. Ако припаѓањето кон вистинската црква не гарантира спасение, каква е тогаш предноста да се биде дел од неа?**

**2. Едно од најважните прашања со коишто се соочила Раната црква е како да се прифатат необрежаните незнабошци во заедницата на верните. Со кои прашања во денешната Црква би можеле да го споредиме и што можеме да научиме од примерот во 15. глава во Дела апостолски за тоа како да ги решиме?**

**3. Некои верници во класата нека го заземат ставот на Евреите кои тврделе дека незнабошците, пред да пристапат кон Црквата, најпрво мораат да станат еврејски прозелити, што тие го гледале (и тоа со право) како проширување на заветните ветувања дадени на Израел. Како можете да одговорите на нивните образложенија? Како една ваква расправа може да ни покаже зошто прашањата кои денес изгледаат толку јасни, во друго време се чинеле многу потешки отколку што ни се чинат нам денес?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 9**
**25 - 31 август 2018**

# ВТОРОТО МИСИОНЕРСКО ПАТУВАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 16; Римјаните 3,28; Галатјаните 2,16; Дела 17; 1. Коринќаните 1,23; Дела 18,1-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не бој се! Но зборувај и не замолкнувај, зашто Јас Сум со тебе! И никој нема да те допре, за да ти направи некакво зло, зашто имам многу народ во овој град“** (Дела 18,9.10).

Кога се вратиле во Антиохија, Павле и Варнава се грижеле за црквата и учествувале во понатамошната евангелска работа. Ова било последен пат што работеле заедно, бидејќи острото несогласување довело до раздвојување. Причината за несогласувањето меѓу Павле и Варнава бил Марко, роднината на Варнава (Колошаните 4,10). Кога Павле го повикал Варнава повторно да ги посетат местата во кои го објавувале Евангелието на претходното патување, Варнава сакал со себе да го поведе својот роднина, но Павле се спротивставил на тоа поради поранешната постапка на Марко. Меѓутоа, раздвојувањето на Павле и Варнава донело благослов, бидејќи делејќи ги своите напори можеле да покријат поширока област отколку што првобитно имале намера. Варнава го повел Марко со себе и се вратил на Кипар, во својата татковина (Дела 4,36). Во меѓувреме, откако го повикал Сила да му се придружи, Павле пропатувал низ Сирија и Киликија, зајакнувајќи ги тамошните цркви. Пред да пристигне за прв пат во Антиохија, Павле поминал неколку години во Тарс (Дела 9,30; 11,25.26). Сега имал прилика повторно да ги посети заедниците што таму ги основал. Сепак, Божјиот план за него бил многу поголем отколку што Павле првично го замислувал.

## ВРАЌАЊЕ ВО ЛИСТРА

Изборот на Лука за настаните го носи Павле речиси право во Дерва и Листра. Единствено што кажува во врска со Сирија и Киликија е дека Павле поминал низ овие области утврдувајќи ги црквите (Дела 15,41).

**Прочитајте Дела 16,1-13. Што ни кажува постапката на Павле за тоа колку бил внимателен во настојувањето да допре до другите?**

Иако татко му на Тимотеј бил незнабожец, неговата мајка била христијанка од еврејството; се викала Евникија. И покрај тоа што не бил обрежан, Тимотеј го познавал Писмото уште од детството (2. Тимотеј 3,15), што укажувало дека исто така бил побожна личност. Како христијанин веќе го заслужил почитувањето и восхитувањето кај сите тамошни верници.

Бидејќи Евреите одредувале кој е Евреин по мајчина линија, а не по таткова, Тимотеј бил сметан за Евреин. Не бил обрежан на осмиот ден од раѓањето, можеби затоа што неговиот татко, кој бил Грк, обрежувањето го сметал за многу суров чин.

Сакајќи да го поведе Тимотеј како свој соработник, и знаејќи дека, како необрежан Евреин, ќе му биде забрането да влезе во еврејските синагоги бидејќи ќе биде обвинет за отпадништво, Павле се заложил да биде обрежан. Според тоа, Павле тоа го направил од практични причини и таа постапка не треба да се смета како противречна на Евангелието кое го проповедал.

Откако ги посетил местата во кои бил при своето прво патување, Павле одлучил да тргне југозападно, најверојатно во Ефес, во азиската провинција, но Светиот Дух го спречил во тоа. Тогаш тргнал на север, настојувајќи да оди во Витанија, но повторно, на некој непознат начин, Духот го спречил да појде таму. Бидејќи веќе минал низ Мисија, единствената можност на Павле била да оди западно, до пристаништето во Троада, од каде што можел да исплови во различни насоки.

Меѓутоа, во ноќно видение Бог му покажал дека треба да отплови преку Егејското море во Македонија. Кога неговите сопатници дознале за видението, заклучиле дека Бог ги повикал да го шират Евангелието меѓу Македонците.

**Размислете за тоа зошто Павле го обрежал Тимотеј. Каква поука ни дава тоа за подготвеноста да направиме одредени работи со кои можеби некогаш и не се согласуваме или не ги сметаме за неопходни, но кои ќе послужат за повисока цел?**

## ФИЛИБА

Кога стигнале во Македонија, Павле и неговите сопатници отпатувале во Филиба, во која ја основале првата христијанска заедница во Европа.

**Прочитајте го текстот во Дела 16,11-24. Каде отишле мисионерите во сабота и зошто? Што им се случило таму?**

---

---

Кога и да пристигнел во некој град, Павле имал обичај во сабота да ги посети локалните синагоги за да им сведочи на Евреите (Дела 13,14.42.44; 17,1.2; 18,4). Тоа што во Филиба отишле на брегот на реката да се молат - заедно со други жени и Еврејки и од незнабоштво, кои му служеле на Бога – веројатно значи дека во тој град немало синагога. Овој извештај е значаен затоа што Павле не одел во еврејските синагоги во сабота само поради евангелската работи, туку и поради што тоа било ден за неговата служба на Бога.

**Прочитајте го текстот во Дела 16,25-34. Потсетете се на извештајот за обратувањето на чуварот. Што требало да направи за да биде спасен?**

---

---

Одговорот на Павле и Сила на прашањето што им го поставил чуварот, е во целосна согласност со Евангелието, бидејќи спасението се добива само со вера во Исуса (Римјаните 3,28; Галатјаните 2,16). Меѓутоа, од овој настан не можеме да заклучиме дека верувањето во Исуса е сè што е неопходно за крштавање, на штета на соодветното доктринално и практично поучување.

Што знаеме за чуварот? Дали бил Евреин или еврејски прозелит? Во секој случај, било потребно да верува во Исуса како Господ и Спасител. Што ако бил незнабожец кој веќе го познавал Бога и Му служел, како Корнилиј, Лидија (Дела 16,14), и уште неколку други личности кои се спомнуваат во Дела апостолски? Што ако претходно ги посетил Павловите евангелски состаноци во градот? Какви било факти да се во прашање, краткиот извештај не треба да служи како изговор за некој брзо да биде крстен.

**Прочитајте Дела 16,31-34. Што можеме да научиме од овој текст за тоа колку е потполна и целосна Христовата жртва која е принесена за нас? Како можете да научите дека од ден во ден почивате во сигурноста на Христовата праведност која ве покрива и претставува ваша единствена надеж за спасение?**

## СОЛУН И ВЕРИЈА

Кога Павле и Сила биле пуштени од затворот, мисионерите го напуштиле Филипи (Дела 16,35-40). Од Филипи, Павле и неговите сопатници се упатиле право во Солун, главниот град на Македонија.

**Прочитајте го текстот во Дела 17,1-9. Како реагирале Солуњаните на успешното проповедање на Павле меѓу незнабошците?**

---

---

Уште еднаш гледаме како Павле бара синагога во која би можел да го објави Евангелието. Многу побожни Грци и не помалку истакнати жени биле уверени во вистината на пораката на Павле. Тоа што овие обратеници „се дружеа со Павла и Сила" (Дела 17,4) најверојатно значи дека основале посебна група која собирала надвор од синагогата, веројатно во домот на Јасон.

Нивните противници, поттикнати најверојатно од љубомора, го растревожиле народот. Нивната намера била да ги доведат Павле и Сила – Тимотеј не се спомнува – пред градските старешини и да ги обвинат. Бидејќи не можеле да ги најдат мисионерите, Јасон и уште неколку верници биле одведени пред локалните власти под обвинение дека им обезбедуваат засолниште на политички бунтовници.

**Прочитајте го текстот во Дела 17,10-15. Како реагирале Евреите од Верија во споредба со оние од Солун?**

---

---

Изразот *eugenēs* (Дела 17,11) првобитно значел „од благородничко семејство" или од „благородничко потекло", но стекнал општо значење „непристрасен" став, што најверојатно така е и во овој случај. Евреите од Верија биле пофалени не само затоа што се согласиле со Павле и Сила, туку и поради подготвеноста секој ден сами да го истражуваат Писмото, и да проверуваат дали она што мисионерите го проповедаат е точно. Само емоционалниот одговор на Евангелието, без неопходното интелектуално убедување е површен и со краток век.

Но, не поминало многу време кога прогонството ја прекинало плодоносната служба на Павле во Верија, а сето тоа го инспирирало да продолжи подалеку на југ, во Атина.

**Кога последен пат внимателно сте го проучувале Светото писмо за да откриете „дали е тоа така"?**

## ПАВЛЕ ВО АТИНА

Атина, како интелектуален центар на древна Грција, буквално била посветена на идолите. Мермерни кипови на луѓе и богови имало насекаде, особено на влезот на градскиот плоштад, кој претставувал центар на градскиот живот. Павле толку се вознемирил поради идопоклонството кое во голема мера владеело што ја променил својата вообичаена навика прво да ја посети синагогата, па започнал работа на две полиња: еднаш седмично разговарал со Евреите и побожните незнабошци во синагогата, а секојдневно на градскиот плоштад со Грците (види: Дела 17,15-22).

Со оглед на тоа дека Атињаните секогаш биле подготвени да слушнат нешто ново, некои филозофи се заинтересирале за учењето на Павле и го повикале да се обрати во Ареопагот, високиот градски совет. Павле во својот говор не наведувал текстови од Писмото, ниту го спомнувал Божјето дејствување во историјата на Израел, како што тоа го правел кога им се обраќал на Евреите (споредете: Дела 13,16-41); ваквиот пристап не би имал многу смисла во разговорот со овие слушатели. Наместо тоа, тој претставил одредени важни библиски вистини на начин на кој тие образовани незнабошци можеле да разберат.

**Прочитајте го текстот во Дела 17,22-31. Кои возвишени вистини за Бога и спасението, за историјата и човечкиот род им ги проповедал на овие луѓе во својот говор среде Ареопагот?**

---

Повеќето зборови на Павле им звучеле смешно на овие искусни незнабошци, чија слика за Бога и религијата во голема мера била искривена. Не знаеме како Павле планирал да ја заврши својата порака, бидејќи се чини дека бил прекинат токму во моментот зборувал за Божјиот суд над светот (Дела 17,31). Ова верување се косело со две грчки сфаќања: 1) дека Бог е потполно трансцендентен, дека не се занимава со светот ниту пак се интересира за човечките прашања, и 2) кога човекот ќе умре, воопшто не може да има воскресение. Тоа објаснува зошто Евангелието претставувало лудост за Грците (1. Коринќаните 1,23) и зошто бројот на обратеници во Атина бил мал.

Сепак, меѓу оние кои поверувале имало и некои од највлијателните луѓе во атинското општество, како што биле Дионисиј, член на Ареопаг и Дамара, чие спомнување на името укажува дека заземале иста општествена положба, ако и самата не била член на советот (Дела 17,34).

**Различниот пристап на Павле кон членовите на Ареопаг покажува дека бил свесен за општествените и културолошките разлики. Дури и навел зборови од незнабожечки поет (Дела 17,28), за да ја постигне својата цел. Што треба да научиме од овој настан за тоа како можеме да користиме различни методи за да дојдеме до различни луѓе?**

## ПАВЛЕ ВО КОРИНТ

Текстот од Дела 8,1-11. зборува за искуството на Павле во Коринт, во кој престојувал една и пол година. Акила и Прискила станале доживотни пријатели на Павле (Римјаните 16,3; 2. Тимотеј 4,19). Извештајот открива дека тие веќе биле христијани кога дошле во Коринт, веројатно поради протерувањето на Евреите од Рим од страна на царот Калвдиј. Римскиот историчар Светониј напоменува дека до протерувањето дошло поради немирите во еврејската заедница поврзани со „Христовото“ име (*Claudius* 25.4), што веројатно било резултат на проповедањето на Евангелието од страна на тамошните еврејски верници. Значи, можно е Акила и Прискила да биле вклучени во тие активности. Во секој случај, покрај тоа што верата и истото еврејско потекло им е заедничко, Павле и неговите нови пријатели се занимавале со истиот занает.

**Прочитајте го текстот во Дела 18,4-17. Каков бил резултатот од мисионерските активности во Коринт?**

---

Кога Сила и Тимотеј дошле од Македонија, донеле парична помош од тамошните цркви (2. Коринќаните 11,8.9), што му овозможило на Павле во целост да се посвети на проповедањето. Ставот на Павле бил да живее на свој трошок во текот на својата служба, иако, исто така учел дека „оние, кои го проповедаат Евангелието, да живеат од Евангелието“ (1. Коринќаните 9,14).

И покрај силното противење на Евреите на пораката на Павле, одредени Евреи сепак поверувале, како и некои незнабошци кои му служеле на Бога. Меѓу обратениците билл Крисп, старешина на синагогата, и целиот негов дом. Многу Коринќани исто така поверувале и биле крстени. Но, приликите меѓу Евреите биле доста напнати, како што покажува и следниот настан (Дела 18,12-17). Павле сигурно планирал скоро да го напушти Коринт, но во ноќно видение примил божествено охрабрување да остане (Дела 18,9-11).

Кога се враќал во Антиохија, Павле ги повел Акила и Прискила со себе и ги оставил во Ефес, каде што поминал неколку дена пред да го продолжи патот. Додека престојувал таму, имал прилика да проповеда во месната еврејска синагога, чиј поволен прием го поттикнал да вети дека пак ќе се врати, ако биде Божја волја. Тоа се случило токму на следното патување.

**На Павле, обесхрабрен поради приемот на кој наишол, му било потребно охрабрување во врска со спасението на душите. Што ни кажуваат Господовите зборови упатени до него (Дела 18,10), кога можеби ќе се почувствуваме слично како Павле?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Оние кои денеска проповедаат непопуларни вистини, не смеат да губат храброст ако понекогаш, дури и кај оние што се нарекуваат христијани, наидат на ист ваков неповолен прием на каков што нашле Павле и неговите соработници кај луѓето за кои се залагале. Весниците на крстот мора да се вооружат со будност и со молитва, да одат храбро напред со вера, работејќи секогаш во Христово име“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 230. оригинал).

„Кога во завршниот период од историјата на оваа земја луѓето на кои им се проповедаат тие вистини би го следеле примерот на Верејците, проучувајќи ги секој ден светите списи и споредувајќи ја Божјата реч со пораката што им се изнесува, денеска би постоел голем број луѓе предани на прописите на Божјиот закон таму каде што сега сразмерно се малку...

Секому ќе му биде судено според светлината што му била дадена. Господ ги праќа своите претставници со порака на спасението и сите оние што ја чуле таа порака ги смета за одговорни за ставот што го зазеле кон зборовите на неговите слуги. Оние што искрено се стремат кон вистината, ќе се потрудат во светлината на Божјата реч внимателно да го проверат учењето што им е изнесено“ (Исто, стр. 232. ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Во рамките на последниот пасус од отсекот од понеделник поразговарајте во класата за значењето на следната изјава: „Потребно е кандидатите за крштавање поподробно да се подготват... Начелата на христијанскиот живот треба јасно да им бидат претставени на оние кои скоро пристапиле кон вистината“ (Елена Вајт, *Testimonies for the Church*, 6. книга, стр. 91.92).**

**2. Размислувајте повеќе за прашањето од отсекот од средата. Како Црква, како можеме да го покажеме сфаќањето на Павле за културолошките разлики и неговата подготвеност да ги сретнеме луѓето каде што се наоѓаат, без да го загрозиме Евангелието или својот верски идентитет?**

**3. Прочитајте го текстот во Дела 17,32-34. Што можеме да научиме од трите одговори на пораката на Павле во Атина? „1) Поединци се потсмевале. Ги забавувала ревноста и сериозноста на овој необичен Евреин. Можат да се шегуваат на сметка на животот, но оние што го прават тоа ќе сфатат дека она што почнало како комедија, мора да заврши како трагедија. 2) Некои ги одложуваат своите одлуки. Најопасно е кога човекот ќе открие колку е лесно да се зборува за утрешниот ден. 3) Некои поверувале. Мудриот човек знае дека само безумниот може да го отфрли она што Бог го нуди“ (Вилијам Баркли, *The Acts of the Apostles* [Philadelphia: Westminster, 1976], стр. 133).**

**4. Всушност, Павле цитирал зборови од незнабожечки писател (Дела 17,28) за да ја постигне својата цел меѓу Атињаните. Што ни кажува тоа дека понекогаш користењето на други извори како овој може да ни биде од корист. Исто така, кои опасности се кријат во тоа?**

**Поука 10**
**1 - 7 септември 2018**

# ТРЕТОТО МИСИОНЕРСКО ПАТУВАЊЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 18,24-28; 19; 20,7-12.15-27; 2. Коринќаните 4,8-14; Дела 21,1-15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но мене ни најмалку не ми е за душата; само да го завршам радосно својот пат и службата, која ја примив од Господа Исуса: да го посведочам потполно Евангелието на Божјата благодат“ (Дела 20,24).**

Извештајот на Лука за третото патување на Павле почнува доста ненадејно.

Во текстот само стои забележано дека, откако поминал одредено време во Антиохија, центарот на Павловата мисија, апостолот тргнал на уште едно патување, успешно поминувајќи „ги обиколуваше редум Галатската област и Фригија, утврдувајќи ги сите ученици“ (Дела 18,23). Значи, првите 2400 километри од патувањето се опфатени со една реченица.

Причината за тоа е што средиште на патувањето бил Ефес, во кој Павле на своите патувања поминал многу повеќе време, отколку во другите градови. Од евангелска гледна точка, службата во Ефес била многу плодоносна; влијанието на проповедањето на Павле допрело до цела азиска провинција (Дела 19,10.26). Веројатно во тоа време биле основани цркви во Колос, Хиераполис и Лаодикеја, можеби преку Епафрас (Колошаните 4,12.13), еден од соработниците на Павле (Колошаните 1,7; Филимон 23).

Значајна подробност во врска со ова патување е дека тоа е она последно патување на Павле кое е забележано во Дела апостолски. Павле го завршил како слободен човек. Лука сепак бележи уште едно патување, овој пат во Рим, но на него Павле тргнал како затвореник.

## ЕФЕС: ПРВ ДЕЛ

Во текстот во Дела 18,24-28 стои забележано дека верник од еврејството по име Аполос, дошол во Ефес, додека Павле сè уште бил на пат во тој град. Аполос бил речовит човек и добар познавач на Писмото. Дека бил Исусов следбеник, јасно е од начинот на кој Лука го опишува: „Тој беше поучен во Господовиот Пат, и со својот распален дух зборуваше и учеше точно за Исуса, иако го знаеше само Јовановото крштавање“ (Дела 18,25). Сепак, знаел само за крштавањето на Јован. Откако Јован Крстителот го крстил, Аполос го запознал Исуса за време на Неговиот овоземски живот, но веројатно отишол од тоа подрачје – можно е назад во Александрија – пред Христовото страдање на денот Педесетница.

Овие факти објаснуваат зошто Акила и Прискила и понатаму го поучувале. Иако врз основа на Писмото можел да докаже дека Исус е израелски Месија (Дела 18,28), Аполос требало да се запознае со развојот на христијанството по Исусовата служба. Меѓутоа, Акила и Прискила направиле уште нешто за Аполос: заедно со другите верници од Ефес му дале писмо со препораки од црквите во Ахаја (Дела 18,27), што му овозможило да има успешна служба во Коринт (1. Коринќаните 3,4-6; 4,6; 16,12).

**Прочитајте го текстот во Дела 19,1-7. Што му се случило на Павле кога стигнал во Ефес?**

---

Извештајот за Аполос е поврзан со извештајот за дванаесеттемина кои Павле ги сретнал во Ефес, веднаш по пристигнувањето во тој град, затоа што нивните прилики биле многу слични. Тоа што се претставени како „ученици“ (Дела 19,1) и прашањето на Павле упатено до нив (Дела 19,12) јасно укажува дека веќе верувале во Исуса. Во исто време, нивниот одговор на Павле покажува дека, слично на Аполос, исто така биле бивши ученици на Јован Крстител кои подоцна станале Исусови следбеници, но не присуствувале на денот Педесетница. Требало да стекнат прилика за да доживеат подлабоко искуство со Господа.

„Пристигнувајќи во Ефес, Павле тука нашол дванаесет браќа кои, како и Аполос, биле ученици на Јована Крстителот и имале, како и тој, извесно познавање за Христовата мисија. Тие немале такви способности како Аполос, но со иста искреност се труделе сознанието што го примиле да го пренесуваат и на други“ (*Делата на апостолите,* стр. 282. ориг.).

Нивното крштавање треба да го гледаме во светлината на тие единствени прилики. Тие не доаѓале од други христијански верски заедници, ниту пак до тој момент доживеал обратување. Тие само биле вклучени во главната струја на христијанството. Тоа што го примиле Духот и зборувале јазици веројатно значи дека биле христијански мисионери, како Аполос, кои сега потполно биле оспособени да сведочат за Исуса Христа каде и да појдат.

## ЕФЕС: ВТОР ДЕЛ

Павле и во Ефес го следел својот обичај прво да проповеда во синагогата. Кога наишол на спротивставување, тој и новите верници се преместиле во училиштето на извесен Тиран, во кое Павле секојдневно проповедал две години (Дела 19,8-10). Според краткиот преглед на Лука за службата на Павле во Ефес, Евангелието било силно објавено во целата провинција.

Лука, во Дела 19,11-20 додава неколку извештаи за чудата, опишувајќи ја победата на Божјата сила во градот во кој магијата и другите суеверни обичаи биле широко прифатени. Нема сомнение дека Бог можел да лекува преку Павле, но дури и крпите и појасите кои апостолот ќе ги допрел имале исцелителска моќ (Дела 19,12) може да звучи необично, иако тоа личи на Исусовото исцелување на жената која боледувала од течење крв (Лука 8,44). Суеверните верувања кои владееле во Ефес можеби го навеле Бога да направи „необични“ чуда, како што вели Лука (Дела 19,11). Ова, можеби е пример како Бог ги исполнува потребите на луѓето на нивното ниво на разбирање.

Задоволен од резултатите од мисијата во Ефес, Павле одлучил да појде во Ерусалим (Дела 19,21). Лука не ја спомнува причината за таа одлука, но од списите на Павле дознаваме дека сакал да ги предаде собраните средства за да им помогне на сиромашните во Црквата во Ерусалим (Римјаните 15,25-27; 1. Коринќаните 16,1-3). Делењето добра во првите години и големата глад во деновите на царот Клаудиј, ги осиромашиле јудејските верници, и Павле во нивната молба за помош (Галатјаните 2,10) видел можност, и покрај опасноста на која ќе се изложи (Дела 20,22.23; Римјаните 15,31), да ја зајакне нивната доверба во неговата апостолска служба и единството на Црквата во која се сретнале различни култури.

**Прочитајте Дела 19,23-41. Која била правата причина за противењето на Павле во Ефес на крајот од неговиот престој во тоа место?**

---

Противењето било поврзано со незнабожечката служба, која во голема мера била загрозена со работата на Павле. Јасно е дека вистинската причина на Димитриј била од финансиска природа, но тој бил вешт сето тоа да го претвори во верско прашање бидејќи храмот посветен на божицата Артемида (Дијана), едно од седумте чуда на древниот свет, се наоѓал во Ефес.

**Прочитајте го текстот во Дела 19,27. Забележете колку Димитриј бил вешт во тоа верската „побожност“ да ја истакне во прв план во својот обид да го задржи приливот на пари. Зошто ние како христијани мораме да бидеме внимателни да не ја користиме својата вера или наводна побожност на ист начин?**

## ТРОАДА

По бунтот (Дела 19,23-41) Павле одлучил да го напушти Ефес. Но, наместо да појде право во Ерусалим (Дела 20,1-3), тргнал во продолжена обиколка на Македонија и Ахаја. Претставниците на обратениците од незнабоштвото од некои цркви биле со него (Дела 20,4).

**Прочитајте го текстот во Дела 20,7-12. Што е погрешно во вообичаеното тврдење дека овие стихови докажуваат дека саботата е променета во недела?**

---

Павле застанал во Троада каде присуствувал на црковниот состанок „првиот ден на седмицата“ (Дела 20,7). Се собрале за „да раскршуваме леб“, што најверојатно се однесува на Господовата Вечера, со или без заеднички оброк, кој уште од првите денови на Црквата во Ерусалим (Дела 2,42.46) често се одржувал со тој обред. Тоа што не е спомната ниту чаша, ниту молитва не ја исклучува оваа можност. Меѓутоа, овој настан често се спомнува како доказ дека во времето на Павле верниците, барем во Црквите во кои биле обратениците од незнабоштвото, веќе ја замениле саботата со недела како ден за богослужение. Сепак, пред изнесувањето на ова тврдење, неопходно е да се утврди точниот ден кога се одржал состанокот, како и карактерот на состанокот. Напомената дека користеле свеќи (Дела 20,8), заедно со фактот дека Павле проповедал до полноќ (Дела 20,7), а потоа до утрото (Дела 20,11), да не го спомнуваме длабокиот сон на Евтих (Дела 20,9), јасно укажува дека во прашање бил состанок кој се одржувал во текот на ноќта.

Иако, се поставува прашањето дали тоа било ноќ која ѝ претходела на неделата или ноќ која следела по неделата. Одговорот зависи од временскиот систем кој го користи Лука, дали еврејскиот систем од заоѓање до заоѓање на сонцето, или римскиот од полноќ до полноќ. Ако го применувал првиот систем, тогаш била саботна вечер; а во случај да го користел другиот, било недела навечер.

Во секој случај, рамката на текстот од Дела 20,7-12 укажува дека состанок, дури и да бил одржан во недела навечер, не бил редовен, туку посебен црковен состанок, бидејќи Павле отпатувал следното утро. Значи, тешко е да се заклучи дека овој издвоен и вонреден настан го поддржува празнувањето на неделата. Факт е дека не го поддржува.

**Размислувајте повеќе за сите причини кои одат во прилог на правилноста на празнувањето на седмиот ден, сабота. Како силната библиска поддршка за празнувањето на саботата ни помага да се утврдиме како христијани адвентисти и во својот повик да ја објавуваме Тројната ангелска вест?**

## МИЛИТ

На својот пат во Ерусалим Павле застанал на уште едно место, овој пат во Милит, каде што имал прилика да го упати својот прошталeн поздрав до црковните старешини од Ефес.

**Прочитајте го текстот во Дела 20,15-27. Што нагласил Павле во уводниот дел од својот говор?**

---

Бидејќи веќе го испланирал своето ново патување, кое ги опфаќало Рим и Шпанија (Римјаните 15,22-29), Павле верувал дека повеќе никогаш нема да се врати во Азија. Значи, тој го започнал својот говор давајќи некој вид на извештај за годините поминати во Ефес. Меѓутоа, овој извештај не се однесувал само на минатото, односно на тоа како живеел меѓу Ефешаните, туку и на иднината, бидејќи стравувал што може да му се случи во Ерусалим.

Стравот на Павле не бил неоправдан. Црквата во Ерусалим на него гледала со извесен сомнеж, ако не и со непријателство, поради неговото минато како прогонител и поради Евангелието кое го проповедал и во кое немало место за обрезание (Дела 21,20-26). За еврејските власти тој не бил ништо друго освен предавник и отпадник од нивната верска традиција (Дела 23,1.2). До половината на првиот век, посебно поради римското лошо владеење, Јудеја, исто така била зафатена со револуционерни и националистички идеали. Ваквата атмосфера влијаела на сите сегменти на еврејското општество, вклучувајќи ја и Црквата. Во таквата рамка, активностите на овој некогашен фарисеј меѓу незнабошците направиле да биде на лош глас (Дела 21,27-36).

Но, Павле го мачеле и други грижи. Во Дела 20,28-31 Павле се сосредоточил на тоа како треба црковните старешини од Ефес да се соочат со прашањето за лажните учители, кои ги споредил со грабливи волци кои ќе се обидат да го заведат и да го растурат стадото. Така и во самата Црква, дури и во најраните денови на Црквата, опасноста од лажните учители станала вистинска. Како што рекол и Соломон во друго време и во други рамки: „Нема ништо ново под сонцето“ (Проповедник 1,9). Историјата на Христијанската црква ја открива неверојатната штета која лажните учители ѝ ја нанеле на Црквата. Овој проблем ќе владее сѐ до крајот (2. Тимотеј 4,3).

Павле несомнено имал многу прашања на ум, многу грижи, но сепак неговата верност и ревност никогаш не се поколебале.

**Прочитајте го текстот во 2. Коринќаните 4,8-14. Што вели Павле околу тоа што треба да промениме кај себе, особено кога ќе се соочиме со искушенијата? На што Павле ја полага својата конечна надеж?**

## ТИР И ЌЕСАРИЈА

По престојот на Павле на Милет, Лука детално го бележи понатамошното патување. Сѐ уште на пат за Ерусалим, апостолот поминал една седмица во Тир, на брегот на Феникија, каде бродот требало да се истовари (Дела 21,1-6). Меѓутоа, додека престојувал во тоа место, верниците го наговарале да не оди во Ерусалим. Тоа што верниците водени од Духот го предупредиле Павле да не оди во Ерусалим, не е нужно спротивно со фактот дека апостолот претходно бил воден од Духот. Грчкиот израз *etheto en tō pneumati* во Дела 19,21 попрво би требало да се сфати како „науми во Духот“, отколку дека Павле сам ја донел оваа одлука. Суштината е во тоа дека Духот можеби им укажал на христијаните од Тир на опасностите што го очекувале Павле; и така, загрижени за него, му препорачале да се откаже од своите намери. Павле не бил сигурен што ќе му се случи во Ерусалим (Дела 20,22.23). Божественото водство не појаснува секогаш сѐ, дури ни на некој како што бил Павле.

**Прочитајте го текстот во Дела 21,10-14. Кој посебен настан се одиграл во Ќесарија во врска со патувањето на Павле во Ерусалим?**

---

Агав бил пророк од Ерусалим кој веќе бил претставен во времето на гладот во Дела 11,27-30. Слично на одредени старозаветни пророштва (на пример: Исаија 20,1-6; Еремија 13,1-10), неговата порака била сликовито претставена; изгледала како жива илустрација на она што ќе му се случи на Павле кога ќе стигне во Ерусалим и како непријателите ќе го предадат на незнабошците (Римјаните).

Оние кои биле со Павле очигледно ја сфатиле пораката на Агав како предупредување, не како пророштво, па со сите сили се труделе да го убедат апостолот да не оди во Ерусалим. Иако длабоко трогнат од нивната реакција, Павле бил решен да ја изврши својата мисија, дури и по цена на животот. За него исправноста на Евангелието и црквата било многу поважно од личната сигурност или личните интереси.

„Никогаш до тогаш овој апостол не се приближувал кон Ерусалим со толку тажно и невесело срце. Знаел дека таму ќе најде само неколку пријатели, а многу непријатели. Се приближувал кон градот кој го отфрлил и го убил Божјиот Син и над кој сега се реел закanuвачки Божји гнев“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 397.398. оригинал).

**Несфатен, клеветен и често исмејуван, Павле сепак цврсто се држел за верата. Како ние можеме да го направиме истото ако се најдеме во такви обесхрабрувачки околности?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Успесите постигнати при проповедањето на евангелието повторно распалиле гнев кај Евреите. Од сите страни пристигнувале вести за ширење на новото учење кое Евреите ги ослободувало од обредите на церемонијалниот закон, а незнабошците во духовните предимства ги изедначувало со Евреите како Аврамови деца. Проповедајќи во Коринт, Павле ги изнесувал истите аргументи кои толку убедливо ги истакнувал во своите посланија. Неговото решително тврдење дека "нема веќе ни Евреин ни Грк, нема веќе ни роб ни слободен, нема веќе обрезание ниту необрезание", според мислењето на неговите противници претставувало дрско богохулство, и тие решиле да го замолкнат неговиот глас" (Е. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 390. ориг.).

„Тој дури не можел да смета ниту на наклоност и поддршка од своите браќа во верата. Необратените Евреи, што го следеле во стапка, не ја пропуштиле приликата лично и преку Писма низ Ерусалим да шират најнеповолни гласови за него и за неговата работа. Овие извештаи ги примиле како вистина дури и некои апостоли и старешини, не обидувајќи се да ги побијат и не покажувајќи никаква желба да се усогласат со него" (Исто, стр. 398. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Дванаесеттемина ученици кои Павле ги сретнал во Ефес, некогашни следбеници на Јован Крстител, веќе станале Исусови ученици (Дела 19,1-7). Зошто мислите дека е правилно да се користи овој текст кога се бара повторно крштавање на христијаните – веќе крстени со нуркање во вода – од другите верски заедници кои се приклучиле кон адвентистичката вера? Дали има некакво значење што Аполос не бил повторно крстен?**

**2. Размислете за приликите во кои се нашол Павле. Бил отфрлен од страна на своите сонародници кои не верувале во Исуса. Дури и многу Евреи кои верувале во Исуса го гледале Павле со подозрение, дури и со недоверба, затоа што мислеле дека ги извртува „столбовите на верата". Многу незнабошци го презирале Евангелието кое го објавувал. Па сепак – што се случило? Зошто Павле се држел за верата и покрај сите противења? Иако не сме на Павлово место, што можеме да научиме од овој извештај?**

**3. Размислете за уште некои аргументи кои луѓето ги користат кога се обидуваат да докажат дека саботата е променета во недела или дека празнувањето на саботата повеќе не е задолжително. Како одговараме на таквите тврдења и на кој начин покажуваме дека послушноста на заповедта за саботата не е легализам во поголема мера од послушноста на која било од другите девет заповеди; односно, ако сме послушни со вера и ако сфаќаме каде лежи нашата единствена надеж за спасение?**

**Поука 11**
**8 – 14 септември 2018**

# АПСЕЊЕТО ВО ЕРУСАЛИМ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 21; Римјаните 2,28.29; Галатјаните 5,6; Дела 22; 23,1-30; Матеј 22,23-32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Идната ноќ Господ застана пред него и му рече: 'Не бој се, Павле! Секако, како што сведочеше за Мене во Ерусалим, така треба да сведочиш и во Рим'" (Дела 23,11).**

Наскоро по првото првото Павлово мисионерско патување, станало јасно дека во Црквата владее несогласување во врска со тоа како треба незнабошците да бидат примени меѓу верните (Дела 15,1-5). Увидувајќи го сè поголемиот конфликт, Павле смислил план како да го поттикне единството во Црквата. Бидејќи на Соборот бил замолен да се грижи за сиромашните (Галатјаните 2,10), одлучил да ги повика обратениците од незнабоштво да им пружат финансиска помош на браќата во Јудеја, „милостини за светите" (1. Коринќаните 16,1), надевајќи се дека тоа би можело да помогне да се изградат мостови меѓу овие две групи на верници. Тоа ја објаснува неговата решеност да оди во Ерусалим на крајот од своето трето патување, и покрај опасностите. Од една страна, негувал искрена љубов кон своите сонародници Евреите (Римјаните 9,1-5); а од друга страна, копнеел за обединета Црква (Галатјаните 3,28; 5,6). Бидејќи и Евреите и незнабошците подеднакво се спасуваат со вера, а не со делата на законот (Римјаните 3,28-30), секое отуѓување меѓу нив поради церемонијалните барања на законот се противело на сеопфатниот карактер на Евангелието (Ефесјаните 2,11-22).

Го следиме Павле додека влегува во оваа нова фаза од неговиот живот и мисија.

## СРЕДБА СО СТАРЕШИНИТЕ ОД ЕРУСАЛИМ

Кога Павле стигнал во Ерусалим, верниците топло го примиле заедно го примиле со Мнасом, кај кого отседнал (Дела 21,16.17).

Во текстот од Дела 21,18-22 Јаков и старешините од Ерусалим изразиле загриженост за угледот на Павле меѓу тамошните верници од еврејството, ревен кога е во прашање Мојсеевиот закон. Биле известени дека Павле ги поучувал обратениците од еврејството, кои живееле надвор од земјата, да го отфрлат Мојсеја, зборувајќи им „да не ги обрезуваат своите деца, ниту да ги држат обичаите“ (Дела 21,21).

Тоа, секако, не било вистина. Кога станува збор за спасението, Павле учел дека ни обрежувањето ниту необрежувањето не значат ништо, бидејќи и Евреите и незнабошците подеднакво се спасуваат со вера во Исуса (Римјаните 2,28.29; Галатјаните 5,6; Колошаните 3,11), таквиот став се разликува од јасното охрабрување на Евреите да го занемарат законот и неговите барања. Послушноста, секако, сама по себе не е синоним за легализам, иако би можела намерно да биде изврнена и да го има токму тоа значење.

**Прочитајте го текстот во Дела 21,23-26. Како Павле требало да покаже дека и понатаму е верен Евреин?**

---

Павле добил совет да биде политички коректен. Требало да покаже дека лажните гласови за него се лажни со тоа што ќе направи нешто што е карактеристично за Евреите: да го поддржи назирејскиот завет на некои верници од еврејството. Овој завет бил посебен чин на побожност со кој Евреите се посветувале себеси на Бога.

За жал, Павле попуштил. Јунаците, дури и библиските, имаат свои недостатоци, како што можеме да видиме и во животот на Аврам, Мојсеј, Петар, и во животите на многу други. Би можело да се тврди дека Павле само го следел начелото да се однесува како Евреин кога е во допир со Евреите (1. Коринќаните 9,19-23), или дека за него лично е речено дека неодамна се заветувал (Дела 18,18), иако точниот карактер на неговиот завет не е познат. Меѓутоа, овој пат во прашање бил компромис, кој како да го невестувал неговото одобрение на легалистички побуди кои се криеле зад дадениот совет. Таквиот став бил токму она на што апостолот силно се спротивставувал: дека постојат две евангелија, едно за незнабошците, спасение со вера, и друго за Евреите, спасение со дела. „Меѓутоа, Бог не го овластил да прифати сè што во овој случај барале тие од него“ (*Делата на апостолите*, стр. 405. ориг.).

**Во својот обид да бидеме уважени, како можеме да бидеме сигурни дека не правиме слична грешка?**

## БУНТ ВО ХРАМОТ

Прифаќајќи го предлогот на црковните старешини, Павле требало да се посвети на седумдневниот обред на чистење за да помогне во извршувањето на заветот на тие луѓе (4. Мојсеева 19,11-13). Во исто време, според еврејската традиција секоја личност која доаѓа од незнабожечките земји била нечиста и не можела да влезе во Храмот. Затоа Павле морал да се исчисти пред да отиде кај свештениците и да покаже дека го извршува чистењето поврзано со Назиреите (Дела 21,26).

**Прочитајте го текстот во Дела 21,27-36. Што му се случило на Павле на крајот од седумдневното чистење?**

---

Настанал бунт. Ја предизвикале оние кои го побуниле мноштвото против Павле, обвинувајќи го дека ги напаѓа најсветите симболи на еврејската вера, посебно дека го осквернавил Храмот. Бидејќи еден од сопатниците на Павле бил верник од незнабоштво, Трофим од Ефес (Дела 21,29), сметале дека апостолот го вовел во внатрешниот трем на Храмот, каде што само Евреите можеле да влезат. Кога обвинувањата биле вистинити, Павле би бил крив за најсериозен престап. Долж ѕидот кој го раздвојувал надворешниот од внатрешниот трем, се наоѓале натписи на грчки и латински кои ги предупредувале посетителите незнабошци да не влегуваат понатаму, бидејќи во спротивно ќе бидат лично одговорни за својата смрт.

„Според еврејскиот закон, влегувањето на необрежано лице во внатрешниот дел на светиот храм претставувало злосторство што се казнувало со смрт. Павле во градот го виделе во друштво на Трофима Ефешанецот и врз основа на тоа заклучиле дека тој и него го вовел со себе во храмот. Меѓутоа, тој тоа не го сторил; а бидејќи Павле бил Евреин, фактот што влегол во храмот не претставувал никаква повреда на законот. Но, иако било наполно невистинито, тоа обвинување поттикнало предрасуди кај народот. Кога се рашчуло тоа меѓу тремовите на храмот, наеднаш насобраната толпа подивела“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 407. оригинал).

Кога веста за бунтот стигнала до римската тврдина, римскиот заповедник Клавдиј Лисиј (Дела 21,31.32; 23,26). дошол со војската и го спасил Павле пред да може мноштвото да го усмрти.

Како мета на напад, Павле бил уапсен и врзан со синџири, додека заповедникот испитувал што се случува. Поради разјареното викање на мноштвото, тој наредил апостолот да го одведат во тврдината.

**Гласовите што се ширеле, и тоа лажни, најмногу помогнале да започне овој бунт. Зошто мораме да бидеме внимателни кога се во прашање лажните гласови кои ги слушаме, или уште полошо, ги шириме?**

## ПРЕД МНОШТВОТО

Во текстот во Дела 21,37-40 забележано е што се случило понатаму. Додека го воделе Павле во римската тврдина на испитување, тој го замолил заповедникот да му дозволи да им се обрати на луѓето кои и понатаму гневно викале и ја барале неговата смрт.

Бидејќи на заповедникот му се обратил на грчки јазик, тој си помислил дека Павле е извесен Евреин од Египет, кој пред три години подигнал бунт во Ерусалим против римската власт. Меѓутоа, тој бунт бил задушен од римските сили; многу негови следбеници биле или убиени или уапсени, додека Египќанецот побегнал.

Кога рекол дека е од Тарс, а не од Египет, на Павле му било дозволено да зборува. Тој во своето обратување, не одговорил детално на обвинувањата изнесени против него (Дела 21,28), туку зборувал за своето обратување, нагласувајќи ја својата посветеност на јудаизмот до таа мера што ги прогонувал верниците кои верувале во Христа. Кога се соочил со одреден број на откровенија од Господа, немал друг избор освен да Го следи. Тоа го објаснило целосниот пресврт во неговиот живот и неговиот повик да им проповеда на незнабошците. Павле попрво бил готов да им го раскаже своето лично искуство и зошто тоа го прави, отколку што сакал да влезе во теолошка расправа.

**Како реагирало мноштвото на изјавата на Павле дека е апостол на незнабошците? Дела 22,22-29.**

___

___

Одлуката на заповедникот да му дозволи на Павле да зборува не се покажала најдобра. Спомнувајќи ја својата посветеност на незнабошците, се чинело дека Павле ја потврдил вистинитоста на обвинувањата изнесени против него (Дела 21,28), и мноштвото повторно се разгневило.

Римскиот заповедник не сфаќал сѐ што изјавил Павле, па решил да го продолжи испитувањето со камшикување. Сепак, и покрај тоа што бил вистински Евреин (Филипјаните 3,5), Павле исто така бил и римски граѓанин. Кога го спомнал тоа, заповедникот морал да се повлече. Павле како римски граѓанин не можел да биде ставен на таков вид на мачење.

**Прочитајте го одговорот на Павле (Дела 22,1-2). Што е тоа што укажува дека, покрај тоа што се бранел себеси, тој во исто време и им проповедал на своите сонародници Евреите? Зошто им го раскажал своето лично искуство на обратување? Зошто искуството на обратување може да има толку голема сила?**

## ПРЕД СИНЕДРИОН

Кога римскиот заповедник сфатил дека Павле не претставува закана за царството, односно дека настанатиот проблем се однесува на внатешните несогласувања меѓу Евреите, замолил овој случај да го преземе Синедрионот (Дела 22,30; 23,29).

**Прочитајте го текстот во Дела 23,1-5. Како Павле ја започнал својата одбрана пред Синедрионот?**

___

___

Павле, по уводните изјави почнале да го тепаат по устата, можеби затоа што, како затвореник, неговото спомнување на Бога им звучело богохулно. Неговата нагла реакција ни дава увид во неговиот карактер. Нарекувајќи го свештеничкиот поглавар „варосан ѕиду“ (Дела 23,3), како да ги повторува Исусовите зборови со кои во Евангелието според Матеј 23,27 го осудил лицемерството на фарисеите. Бидејќи Павле, всушност и не знаел дека му се обраќа на свештеничкиот поглавар, не е во потполност исклучена можноста дека имал слаб вид.

**Како Павле на досетлив начин се обидел да го прекине натамошното судење? Дела 23,6-10.**

___

___

Синедрионот се состоел од садукеи и фарисеи кои не се согласувале по бројни прашања, а учењата биле едни од нив. Садукеите, на пример, чиј библиски канон ги опфаќал само првите пет Мојсееви книги (Петокнижјето), не верувале во воскресение на мртвите (Матеј 22,23-32).

Но, изјавата на Павле (Дела 23,6), била повеќе од мудра тактика за да го збуни Синедрионот. Бидејќи средбата со воскреснатиот Исус на патот во Дамаск претставувало темел на неговото обратување и апостолската служба, верувањето во воскресението била вистинската причина зошто му се судело (Дела 24,20.21; 26,6-8). Ништо друго не можело да објасни како од некогаш ревносен фарисеј станал она што е сега. Ако Исус не е станат од мртвите, тогаш неговата служба е бесмислена, и тој тоа го знаел (1. Коринќаните 15,14-17).

Таа ноќ, додека Павле се наоѓал во тврдината, Господ застанал пред него и му го упатил следното охрабрување: „Не бој се, Павле! Секако, како што сведочеше за Мене во Ерусалим, така треба да сведочиш и во Рим“ (Дела 23,11). Со оглед на околностите, ваквото ветување било посебно значајно за Павле. Неговата долго негувана желба да проповеда во Рим (Дела 19,21; Римјаните 1,13-15; 15,22-29) ќе се оствари.

## ЗАМИНУВАЊЕТО ВО ЌЕСАРИЈА

Вознемирена од фактот дека сѐ уште на законски начин не го ослободиле Павле, една група одлучила да смисли план самата да го нападне од заседа и да го убие.

**Прочитајте го текстот во Дела 23,12-17. Каков бил нивниот план и како се изјаловил? На што нѐ учи овој настан за тоа како луѓето можат да бидат ревносни за погрешни цели?**

---

Тоа што повеќе од четириесет Евреи се свртеле против Павле и се обврзале со заклетва, ни открива колкав гнев предизвикал апостолот во Ерусалим. Лука не открива кои биле тие луѓе, но можеме да кажеме дека биле поборници на екстремизмот, подготвени да направат што и да треба за да ја заштитат еврејската вера од таканаречените предавници и непријатели. Таквото ниво на верски фанатизам, здружено со револуционерен и националистички жар, не бил невообичаен во првиот век во Јудеја и во опкружувањето.

Меѓутоа, благодарение на провидението, веста за заговорот стигнала до роднините на Павле. По малку разочарува тоа што не знаеме скоро ништо за семејството на Павле, но очигледно е дека тој и сестра му пораснале во Ерусалим (Дела 22,3), каде што таа се омажила и добила најмалку еден син. Во секој случај, роднината на Павле – деминутив *neaniskos* (Дела 23,18.22) и фактот дека го „зеде за рака“ (Дела 23,19) укажува дека бил момче – и можел да го посети во тврдината и да му раскаже што дознал.

**Прочитајте го текстот во Дела 23,26-30. Каква порака за Павле испратил заповедникот Лисиј до гувернерот Феликс?**

---

Посланието упатено до Феликс му дало јасен извештај за приликите. Покрај тоа, покажува колку предимства имал Павле како римски граѓанин. Римскиот закон во потполност ги штител своите граѓани кои, на пример, имале право на законско судење, на кое можеле да се појават пред судот и да се бранат (Дела 25,16), и право да упатат жалба до царот во случај на нечесно судење (Дела 25,10.11).

Без оглед на репутацијата која ја имал Феликс, тој кон Павле се однесувал на соодветен законски начин. По уводното испитување, наредил да го чува стража додека не дојдат обвинителите.

**Размислете за божественото провидение во животот на Павле. Колку често понизно сте го признале Божјето провидение во својот живот и покрај неволјите и страдањата кои сте ги доживеале?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Тогаш Павле и неговите сопатници на одговорните за делото во Ерусалим уредно им ги предале прилозите што им ги пратиле верниците од незнабожечко потекло како помош за сиромашните меѓу нивните браќа во Ерусалим... Тие доброволни прилози претставувале знак на преданост на преобратените незнабошци кон организираното Божје дело во цел свет, и сите биле должни тоа да го примат со признание и со благодарност. Меѓутоа, на Павле и на неговите придружници им било јасно дека дури и меѓу оние пред кои сега стојат имало луѓе кои не знаат да го ценат духот на братската љубов која била поттик за таквата дарежливост“ (Е. Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 399.400. ориг.).

„Кога водачите на црквата (христијанска) во Ерусалим целосно би се ослободиле од своите чувства на огорченост кон апостолот, и кога би го прифатиле како човек посебно повикан од Бога да им го однесе евангелието на незнабошците, Господ би им го поштедил Павла. Бог не одредил работата на Павле толку бргу да се заврши, но не сторил ниту чудо за да го запре токот на настаните што ги предизвикале раководните луѓе на црквата во Ерусалим.

Тој дух секогаш произведува слични последици. Црквата е лишена од многу благодати поради тоа што не се ценат и не се користат предвидените можности на божествената милост. Колкупати Господ би ја продолжил работата на некој верен проповедник кога неговите напори би биле ценети! Но, ако верниците на црквата му дозволат на непријателот на душите во толкава мера да им го изопачи расудувањето, што како резултат на тоа погрешно ги толкуваат и ги прикажуваат зборовите и постапките на Христовиот слуга, ако му препорачуваат поинаков пат и ги кочат неговите напори, тогаш Господ понекогаш им го скусува благословот што им го дал...

Кога нивните раце се прекрстени над нивните гради во кои срцето не чука веќе, кога не се слуша нивниот глас кој опоменува и поттикнува, дури тогаш закоравените, и оние што се оглушуваат на советите, можеби ќе се разбудат и ќе ги сфатат благодатите што ги отфлиле. Нивната смрт можеби ќе го постигне она што тие не го постигнале за време на животот“ (Исто, стр. 417.418. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Со тоа што отишол во Ерусалим, иако знаел дека нема да биде добредојден, интересите на црквата Павле ги ставил над своите лични интереси. До која мера треба да го следиме неговиот пример?**

**2. Што можеме да научиме од компромисот на Павле направен во Ерусалим? Како можеме да бидеме политички коректни, а да се откажуваме од начелата според кои живееме? Дали е можно тоа?**

**3. Единството на Црквата секогаш е многу важно. Како можеме да научиме да работиме заедно, обединети, дури и кога различно толкуваме одредени прашања?**

**Поука 12**
**15 - 21 септември 2018**

# ВО ЗАТВОРОТ ВО ЌЕСАРИЈА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 24; Дела 25; Дела 26; 1. Коринќаните 1,23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Би Го молел Бога, со малку или со многу, не само ти, туку и сите, кои ме слушаат денес, да станете такви каков што сум јас, освен овие окови“ (Дела 26,29).**

Со преминувањето на Павле во Ќесарија, тој бил уапсен и две години поминал во затвор во тој град (Дела 24,27), поточно на дворот на Ирод (Дела 23,35), кој бил официјална резиденција на римскиот намесник. За тоа време бил сослушуван неколку пати пред двајца римски судии (Феликс и Фист) и царот (Агрипа II), исполнувајќи ја на тој начин службата која му ја дал Бог (Дела 9,15).

За време на тие сослушувања Павле тврдел дека е невин, наведувајќи дека никакви докази не можат да се изнесат против него, што го покажало отсуството на сведоци. Всушност, целиот овој извештај има за цел да покаже дека Павле не направил ништо со што би заслужил да биде уапсен и дека можел да биде ослободен ако не сакал да се обрати до цезарот (Дела 26,32). Но, овие сослушувања му дале прилика да сведочи за Христа и за возвишената надеж во ветувањето за воскресението.

Сепак, тоа биле години исполнети со длабок страв, мачни години поминати во затворот во кој апостолот немал поддршка од Црквата во Ерусалим, чии старешини „сѐ уште сметале оти Павле е одговорен за претстојните предрасуди“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 403. оригинал).

## ПРЕД ФЕЛИКС

Пет дена по преминувањето на Павле во Ќесарија, група видни еврејски старешини – поглаварот свештенички, неколку членови на Синедрионот и застапникот Тертул – дошле од Ерусалим и пред Феликс официјално го изнеле својот случај против апостолот (Дела 24,1-9).

Ова е единствено судење во Дела апостолски во кое обвинителите изнајмиле правен застапник. Тертул во својот говор се обидел да ја освои наклонетоста на судијата со интересна стратегија. Не било вистина дека Евреите под власта на Феликс уживале во долг период на мир. Всушност, ниеден друг наместник не бил толку насилен и склон кон угнетување, кое меѓу Евреите предизвикало огромно непријателство кон римската власт. Тертул многу проникливо го искористил начинот на управување на судијата уверувајќи го дека политичка стабилност во овој случај може да се постигне само со остра примена на сила.

Потоа, во понатамошното излагање изнел три посебни обвиненија против Павле: 1) дека Павле е бунтовник кој постојано поттикнува немири меѓу Евреите насекаде во царството (Дела 24,5); 2) дека е ороводец на Назарените (Дела 24,5), што христијанството во целина го прикажал како движење кое внесува раздор; и 3) дека се обидел да го осквернави Храмот во Ерусалим (Дела 24,6).

**Прочитајте го текстот во Дела 24,10-19. Како одговорил Павле на секое од овие обвиненија?**

---

Двете следни подробности коишто Павле ги изнел, биле погубни за случајот на тужителите: 1) отсуството на сведоци од Азија (Дела 24,18.19), што можело судењето да го направи неважечко, и 2) фактот дека присутните Евреи можеле да зборуваат само за сослушувањето на Павле пред Синедрионот, кое се одржало една седмица порано (Дела 24,20), и во тој случај не можеле да го обвинат за ништо, освен што верува во воскресение (споредете: Дела 23,6).

Феликс веднаш ја сфатил тежината на тврдењата на Павле, затоа што донекаде бил запознаен со христијанството, веројатно преку својата жена Друсила, која била Еврејка. Одлучил да го одложи судењето за одредено време (Дела 24,22).

Одговорот на Феликс (Дела 24,24-27) открива многу за неговиот карактер: бил склон кон одолговлекување, мито и поткуп. Не биле големи шансите Павле да биде праведно сослушан покрај некој како што бил Феликс.

**Павле рекол дека секогаш се труди „да имам чиста совест и пред Бога и пред луѓето". Што значи тоа? Што вие лично мора да промените, ако постои нешто, за да можете тоа да го кажете? Дела 24,16.**

## ПРЕД ФИСТ

Феликс го држел Павле две години во затворот само за да ја придобие наклонетоста на Евреите, а потоа него го заменил Поркије Фист на местото наместник на Јудеја (Дела 24,27). Фист владеел од 60. до 62. година.

**Прочитајте го текстот во Дела 25,1-5. Како овој текст ни помага да ја откриеме омразата која проповедањето на вистината може да ја предизвика кај оние кои не сакаат да поверуваат во неа?**

---

Веројатно од причина што еднаш не успеале во обидот да го уверат Феликс во обвиненијата против Павле, старешините повеќе не сакале да ризикуваат. Најверојатно, за време на првата посета на Фист во Ерусалим, се молеле за услуга за промена на надлежностите, барајќи да им се предаде Павле за да му биде судено пред Синедрионот во согласност со еврејскиот закон.

Зад оваа молба се криела нивната вистинска намера: да го убијат Павле. Иако Фист бил подготвен повторно да го покрене случајот, рекол дека сослушувањето ќе се одржи во Ќесарија а не во Ерусалим, што значело дека на Павле ќе му се суди според римскиот закон.

Откако Фист се вратил во Ќесарија, го свикал судот и противниците на Павле почнале да изнесуваат обвиненија против него (Дела 25,7). Лука овој пат не ги повторува обвиненијата, но врз основа на одговорот на Павле (Дела 25,8) забележуваме дека се слични на оние од пред две години. Можеби само повеќе било нагласено дека Павле, како бунтовник, исто така претставува закана за царството.

**Прочитајте ги стиховите во Дела 25,9-12. Како реагирал Павле кога почувствувал дека Фист може да го употреби за политички цели?**

---

На крајот се испоставило дека Фист не се разликува многу од Феликс кога станува збор за политичките стратегии (Дела 24,27). Бидејќи не бил подготвен веднаш по стапувањето на должност да ја изгуби поддршката на Евреите прогласувајќи го Павле за невин, размислувал да го исполни нивното првично барање на апостолот да му се суди во Ерусалим пред Синедрионот.

Меѓутоа, ова не било прифатливо за Павле. Знаел дека таму е оставен на хирот на своите непријатели, и не може да очекува дека чесно ќе се однесуваат кон него. Користејќи ги правата кои ги имал како римски граѓанин, барал да му се суди пред римскиот трибунал и не наоѓајќи ниту еден друг излез од таа неизвесна ситуација, одлучил да се обрати до највисокиот степен на римската правда, императорот лично.

## ПРЕД АГРИПА

Фист се согласил да го одобри барањето на Павле и да биде испратен во Рим (Дела 25,12). Во меѓувреме, наместникот ја искористил државната посета на Ирод Агрипа II да се посоветува со него за случајот на Павле, посебно во врска со тоа какво известување да му упати на царот во својот официјален извештај. Фист сѐ уште не бил добро запознаен со еврејските прашања, а Агрипа сигурно можел многу повеќе да помогне во тоа (Дела 26,2.3)

**Прочитајте го текстот во Дела 25,13-22. Што му кажал Фист на Агрипа за Павле и како одговорил царот?**

___

___

___

Агрипа II, последниот владетел од династијата на Ирод дошол во Ќесарија со својата сестра Верникија да го поздрави новиот наместник.

При опишувањето на слушајот на Павле, Фист изразил чудење што обвиненијата против него не биле поврзани со некој сериозен престап, било политички или криминален. Наместо тоа, се однесувале на прашања од еврејската вера, особено на извесен Исус, „кој умрел, а за кого Павле тврдеше дека е жив“ (Дела 25,19). Павле пред Синедрионот веќе изјавил дека му се суди затоа што верува во Исусовото воскресение и сега Фист потврдил дека тоа навистина било спорно прашање.

**Прочитајте го текстот во Дела 25,23-27. Како Лука ја опишува свечената глетка во моментот кога Павле излегува пред Агрипа?**

___

___

___

„И тогаш Павле, сѐ уште во окови, истапил пред собирот. Каква разлика! Агрипа и Верникија имале власт и положба, што со себе носат и световно одобрување. Но тие биле наполно лишени од оние особини што ги цени Бог. Го престапувале неговиот закон и биле расипани во срцето и во животот. Небото се гнасело од нивниот начин на работа“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 434 ориг.).

**Што можеме да научиме од овој извештај за тоа како надворешниот изглед, пријатен за човечкото око, често може да нѐ излаже и да не ја покаже правата реалност која се крие зад надворешноста? Како е со нас? Колку надворешноста се разликува од стварноста?**

## ОДБРАНАТА НА ПАВЛЕ

Кога сѐ било подготвено и кога гостите од царското семејство седнале покрај намесникот, затвореникот бил донесен за да ја изложи својата одбрана, која првенствено била упатена до Агрипа, бидејќи Фист веќе ја слушнал (Дела 25,8-11).

**Прочитајте Дела 26,1-3. Што зборувал Павле пред Агрипа?**

---

Говорот на Павле всушност бил автобиографски извештај за неговиот живот пред и по обратувањето. Што се однесува до содржината, потсетува на оној од Дела 22,1-21 што го изговорил пред мноштвото во Ерусалим. Апостолот го започнал своето излагање обидувајќи се да ја осигура наклонетоста на Агрипа. Ја изразил својата благодарност поради приликата да го изнесе овој случај пред толку истакната личност, и во уште поголема мера бидејќи ги познавал обичаите и прашањата во врска со еврејската вера. Од таа причина, Агрипа можел многу да помогне за римскиот намесник да сфати дека обвиненијата против Павле немаат вредност и дека се лажни.

Говорот можеме да го поделиме на три дела. Павле во првиот дел (Дела 26,4-11) ја опишал својата поранешна фарисејска побожност, која им била општопозната на неговите современици во Ерусалим. Како фарисеј верувал во воскресение, што било и основа за исполнување на надежта на израелските татковци. Значи, Евреите биле недоследни при противењето на неговите учења, бидејќи во нив немало ништо што во основа не е еврејско. Меѓутоа, тој многу добро го разбрал нивниот став, бидејќи и самиот некогаш сметал дека е невозможно Бог да може да го воскресне Исуса, што дури и самиот тој ги прогонувал оние кои верувале во тоа.

Во вториот дел (Дела 26,12-18), Павле објаснил како неговото гледиште се променило по средбата со Исуса на патот за Дамаск и повикува да им се објави евангелската порака на незнабошците.

Павле, на крајот вели дека влијанието на она што го видел (Дела 26,19-23) било такво што немал друг избор освен да послуша и да ја изврши мисијата, а тоа е и единствената причина што сега му се суди. Вистинската причина за неговото апсење не лежи во тоа што го прекршил еврејскиот закон или што го опоганил Храмот, туку во неговата порака за Исусовата смрт и воскресение, која била во целосна согласност со Писмото и им овозможувала на незнабошците да имаат подеднаков удел во спасението.

**Прочитајте го текстот во Дела 26,18. Што им се случува на оние кои, според овој текст, го имаат спасението во Христа? Како вие сте ја доживеале оваа вистина?**

## ПАВЛЕ ПРЕД СТАРЕШИНИТЕ

Иако Павле му се обраќал на Агрипа, Фист прв одговорил, како што гледаме во Дела 26,24. На Фист не би му претставувало проблем кога Павле би зборувал за бесмртноста на душата, но дури и старите Грци и Римјани знаеле дека овие два поими – бесмртност и воскресение – не се согласуваат најдобро еден со друг. Според тоа, тие се држеле за првиот поим, а го отфрлиле другиот. Затоа Павле на едно место рекол дека Евангелието е безумство за незнабошците (1. Коринќаните 1,23).

Павле учтиво ја бранел разумноста на своите идеи. Се свртел кон Агрипа, Евреинот кој не само што можел да го сфати туку и да потврди дека она што го зборувал е во согласност со учењата на еврејските пророци (Дела 26,25.26).

**Прочитајте го текстот во Дела 26,27.28. Како одговорил Агрипа на упорното прашање на Павле?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Прашањето на Павле го ставило Агрипа во тешка положба. Како Евреин, тој никогаш не би одрекол дека верува во Писмото; од друга страна, ако даде потврден одговор, не би имало друга можност освен да го прифати Исус како Месија. Неговиот одговор претставувал мудро избегнување на логичката стапица во која се нашол: „Уште малку, па ќе ме убедиш да станам христијанин“ (Дела 26,28).

Одговорот на Павле ни открива впечатливо ниво на посветеност на Евангелието: „Би Го молел Бога, со малку или со многу, не само ти, туку и сите, кои ме слушаат денес, да станете такви каков што сум јас, освен овие окови“ (Дела 26,29) Изговарајќи ги последните зборови на тоа сослушување, апостолот не молел да биде ослободен, да биде слободен како неговите слушатели. Наместо тоа, посакал и тие да бидат како него, освен оковите на рацете. Мисионерската ревност на Павле во голема мера ја надминала неговата грижа за личната сигурност.

**Прочитајте го текстот во Дела 26,30-32. Како Агрипа ја изразил својата увереност дека Павле е невин?**

____________________________________________________________

На Фист му била потребна помошта на Агрипа само толку колку да го напише извештајот (Дела 25,25-27). Молбата на Павле до цезарот веќе била официјално врачена (Дела 25,12). Затвореникот повеќе не бил во надлежност на намесникот.

**Прочитајте Дела 26,24-28. На што се повикал Павле на крај и што секогаш треба да ни биде конечен авторитет во прашањата за верата?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Кога Агрипа ги слушнал овие зборови, дали се навратил на историјата на своето семејство и на нивните залудни напори вложени против Оној за кого Павле проповедал? Дали се сетил на својот прадедо Ирод и на убиствата на невините деца во Витлеем? Или на братот на дедо му Антипа и на убиството на Јован Крстителот? Или на својот татко, Агрипа I, и на маченииштвото на апостол Јаков? Дали во неволјите коишто брзо ги снашле овие цареви забележал доказ за Божјето незадоволство поради злосторствата што им ги сториле на Неговите слуги? Дали раскошот и сјајот на тој ден го подсетиле Агрипа на времето кога неговиот татко, многу помоќен владетел од него, стоел во истиот град облечен во сјајна облека, додека луѓето воскликнувале и го нарекувале бог? Дали заборавил како одмаздата, брза и страшна, дури и пред повиците на восхит да стивнат, го снашла горделивиот цар? Сево ова се редело низ сеќавањата на Агрипа, но неговата суета била поласкана од блескавата сцена, па горделивоста и самобендисаноста ги потиснале овие благородни мисли“ (Коментари на Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 6. книга, стр.1066.1067).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Разговарајте во класата за одлуката на Павле да му се обрати на цезарот. Дали таа одлука била правилна (споредете: Дела 25,25; 26,31. 32)? До која мера можеме да донесуваме важни одлуки за да се заштитиме, наместо во потполност да се потпреме на Божјата грижа?**

**2. Размислувајте за изјавата на Павле упатена до Агрипа: „Затоа, царе Агрипа, јас не се противев на небесното видение“ (Дела 26,19). Што ни кажува ова за Павле? Колку сме верни на нашиот мисионерски позив како христијани (1. Петрово 2,9.10)?**

**3. Павле негувал љубов кон луѓето – не кон бројките, туку кон луѓето. Во своето последно сослушување во Кесарија, на своите слушатели им рекол дека желба на неговото срце е сите да бидат како него; односно сите да бидат спасени со Божјата благодат (Дела 26,29). Повеќе сакал тие да го искусат Божјето спасение отколку што сакал слобода и правда. Што можеме да научиме од овој пример? Колку сме ние подготвени да се жртвуваме за да напредува Евангелието?**

**4. Агрипа имал прилика да го слушне Евангелието непосредно од Павле. Сепак, тој го отфрлил. Како ние можеме да бидеме внимателни да не ги пропуштиме возвишените прилики? Односно, како можеме да бидеме духовно усогласени со вистината која нè опкружува?**

**Поука 13**
**22 - 28 септември 2018**

# ПАТУВАЊЕТО ВО РИМ



**ПРОУЧЕТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Дела 27; Дела 28; Римјаните 1,18-20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не бој се, Павле! Ти треба да дојдеш пред ќесарот“ (Дела 27,24).**

Павле долго сакал да го посети Рим, но неговото апсење во Ерусалим променило сè. Попуштајќи пред легалистичкиот притисок на црковните старешини од Ерусалим, се нашол во римско заробеништво и таму бил скоро пет години, вклучувајќи го и времето кое го поминал на пат за Италија. Оваа промена им задала голем удар на неговите мисионерски планови.

И покрај препреките, лично Исус му ветил на апостолот дека ќе сведочи за Него во Рим (Дела 23,11).

Дури и кога ќе го изневериме, Бог е подготвен да ни пружи уште една прилика, иако секогаш не нè поштедува од последиците на нашите постапки. Павле не само што е одведен во Рим како затвореник, туку и не наоѓаме ниту еден библиски доказ дека некогаш отишол во Шпанија, како што се надевал (Римјаните 15,24). Откако бил пуштен од, како што се нарекува првото затворање во Рим, Павле повторно е уапсен, овој пат поднесувајќи маченичка смрт (2. Тимотеј 4,6-8) во 67. година по наредба на Нерон.

Да, Павле стигнал во Рим, и додека чекал во домашен притвор да му се суди пред императорот, и покрај оковите (Ефесјаните 6,20; Филипјаните 1,13) слободно им зборувал на сите кои го посетувале (Дела 28,30.31), вклучувајќи и некои важни личности од домот на цезарот (Филипјаните 4,22).

## ПЛОВИДБАТА ВО РИМ

По отприлика две години заробеништво во Ќесарија (Дела 24,27), Павле бил испратен во Рим. Судејќи според извештајот напишан во прво лице множина и богатството од детали во описот на долгото и бурно поморско патување во Италија (Дела 27,1-28,16), Лука го следел Павле, како и уште еден христијанин по име Аристарх (Дела 27,2). Уште една важна личност во извештајот бил римскиот капетан Јулиј, кој исто така бил задолжен за уште некои затвореници (Дела 27,1).

Била доцно лето кога тргнале на пат. Споменатиот пост (Дела 37,9) се однесува на Денот на помирувањето, кој се одбележувал во втората половина на октомври. Поради зимските услови, патувањето по Средоземното Море обично се избегнувало меѓу ноември и март. Но, овој пат се соочиле со потешкотии од самиот почеток, и дури по големо доцнење дошле до малиот залив наречен Добри Пристаништа, на островот Крит (Дела 27,8).

**Прочитајте Дела 27,9-12. Како Павле се вмешал додека се наоѓале во местото Добри Пристаништа и како бил прифатен неговиот совет?**

---

Тие се оглушиле на предупредувањето на Павле и одлучиле да отпловат околу 56 километри западно кон едно пристаниште (Феникс), каде што можеле да ја поминат зимата на сигурно. За жал, поради ненадејната промена на времето, ги зафатило толку силен ветар што екипажот немал друга можност, освен да дозволи бродот да биде носен од ветрот југозападно, далеку од копното. Наскоро почнале да го исфрлаат товарот преку паубата, дури и бродскиот алат во очаен обид да ја намалат тежината на бродот, бидејќи водата веќе почнала да надоаѓа. Околностите биле неизвесни. По неколку недоволно дневна светлина, слаба видливост, обилни дождови и силни ветрови, не знаејќи каде се наоѓаат и крајно исцрпени, „најпосле исчезна секоја надеж дека ќе се спасиме“ (Дела 27,20).

**Прочитајте Дела 27,21-26. Како се вмешал Павле вториот пат?**

---

Павле со пророчки зборови му ја објавил на екипажот пораката која тукушто ја примил од Бога. Немало причина да очајуваат или да губат надеж. Ќе се најдат во опасност, ќе доживеат загуби, но сите ќе преживеат.

**Зошто толку верен и посветен Господов слуга, како што бил Павле, морал да доживее толкави страдања. Какви поуки можеме да научиме од неговото искуство**?

## БРОДОЛОМ

Кога Павле по втор пат се вмешал во овој извештај, ги уверил сите присутни на бродот, вкупно 276 луѓе (Дела 27,37) – дека, иако нема сѐ да излезе на добро, никој нема да настрада; само бродот ќе потоне (Дела 27,22). Зборовите на апостолот се исполниле четиринаесет дена подоцна. Сѐ уште среде страшна бура, на бродот кој бил носен ваму-таму, морнарите сфатиле дека се во близина на копно, веројатно затоа што го слушнале звукот на брановите кои се удирале од брегот (Дела 27,27). По низа мерења на длабочината, стравувајќи дека бродот може да се удри од карпите крај брегот, од страничниот дел на бродот фрлиле четири сидра за да ја намалат брзината на движењето; во меѓувреме, очајно ги молеле своите богови да се раздени (Дела 27,28.29).

**Прочитајте Дела 27,30-44. Какви поуки можеме да извлечеме од овој извештај?**

__________________________________________________

__________________________________________________

__________________________________________________

__________________________________________________

Капетанот на почетокот на патувањето добро се однесувал кон Павле, но немал причина да верува во судот на апостолот во врска со пловидбата. Но, по две седмици приликите се промениле. Павле стекнал почит кај капетанот со пророштвото за бродоломот (Дела 27,21-26), кое сега се ближело кон исполнување.

Павле ги повикал луѓето на бродот да јадат, бидејќи, во спротивно, нема да имаат сила да пливаат и да стигнат до брегот. Божественото провидение не нѐ ослободува нужно од она што треба да го правиме како наша должност. „Во овој извештај одржана е добра рамнотежа меѓу Божјото уверување во нивната сигурност и напорите на луѓето да ја обезбедат“ (Дејвид Вилијам, *Acts* [Grand Rapids: Baker, 1990], стр. 438. оригинал).

Кога се раздeнило, морнарите го здогледале копното, залив со песок, и одлучиле да го извлечат бродот. Но, бродот никогаш не стигнал до брегот. Тој удрил во песочен нанос и се распаднал од ударот на брановите. Намерата на војниците да ги убијат затворениците за да не побегнат, била осуетена од страна на капетанот, главно поради Павле. На крај, како што ветил Бог, ниеден живот не бил изгубен.

**Што кажува за силата на Павловото сведоштво тоа што на војниците, во својата желба Павле да остане жив, им било забрането да убијат кој било од затворениците.**

## НА МАЛТА

Дури кога успеале да стигнат до брегот, сфатиле дека се наоѓаат на Малта, мал остров во центарот на Средоземното Море, јужно од Сицилија. Во рок од две седмици, откако тргнале од Добри Пристаништа на Крит, поминале околу 760 километри носени по морето под налетот на силниот ветар. Сега требало да чекаат околу три месеци, додека траела зимата, пред да го продолжат патувањето (Дела 28,11).

**Прочитајте го текстот во Дела 28,1-10. Што му се случило на Павле на Малта, и како Бог го употребил?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Народот на Малта бил мошне пријателски расположен и гостољубив, и за да му помогнат на Павле и на неговите сопатници, кои биле наводенети и премрзнати, најпрво запалиле оган за да ги стоплат; температурите на Малта во тој период од годината не била повисока од 10 степени.

Настанот со змијата вниманието на луѓето го насочил на Павле. Првично, тамошните незнабошци сметале дека каснувањето на змијата претставува чин на божествена одмазда. Мислеле дека Павле е убиец кој успеал да избегне смрт со давење, но сепак боговите го фатиле, можеби грчката божица *Dikē*, персонификација на правдата и одмаздата. Бидејќи апостолот не умрел, го славеле како бог, како што пред неколку години тоа се случило во Листра (Дела 14,8-18). Иако Лука тоа не го спомнува, веројатно нема да згрешиме ако претпоставиме дека Павле ја искористил оваа прилика да сведочи за Бога на кој му служел.

Поплиј бил или римски управител на Малта или месен великодостојник, но го примил Павле и неговите сопатници на три дена, додека не пронашле трајно место за престој. Во секој случај, исцелувањето на таткото на овој човек му пружил на Павле прилика да започне служба на исцелување меѓу населението на Малта. Во извештајот на Лука не се споменува ниту еден обратеник или заедница која Павле ја оставил зад себе кога ја напуштил Малта. Изоставањето на таквите детали може да биде сосем случајно, но го прикажува фактот дека нашата мисија во светот не се однесува само на основање цркви; таа исто така опфаќа и грижа за луѓето и нивните потреби. Тоа е практичната страна на Евангелието (Дела 20,35; споредете Тит 3,14).

**Интересно е што овие неуки островјани имале чувство за божествената правда. Од каде потекнува таквото сфаќање? Види: Римјаните 1,18-20.**

# ПАВЛЕ КОНЕЧНО ПРИСТИГНУВА ВО РИМ

По три месеци поминати на Малта, Павле и неговите сопатници конечно можеле да го продолжат патувањето (Дела 28,11). Стигнале во Потиоли (Дела 28,13) – денешно Поцуоли, во Наполскиот залив – од каде што по копно патувале до Рим (види: Дела 28,11-16).

Веста за доаѓањето на Павле брзо се прочула во Рим, а оттаму група верници тргнала на патување долго околу 11 километри за да го пречека. Иако никогаш порано не бил во Рим, апостолот имал многубројни пријатели во градот: соработници, обратеници, роднини и многу други кои му биле многу мили (Римјаните 16,3-16). Средбата на Апиевиот плоштад била мошне срдечна, посебно имајќи го предвид бродоломот и фактот што Павле сега бил затвореник. Поради единственото искажување на љубов и грижа од страна на неговите сакани пријатели, апостолот му се заблагодарил на Бога и бил длабоко охрабрен, по што му следело судењето пред императорот.

Фист во официјалниот извештај сигурно напишал дека Павле според римскиот закон не бил виновен за никакво злодело (Дела 25,26.27; 26,31.32). Ова веројатно објаснува зошто му било дозволено да изнајми стан (Дела 28,30), наместо да биде испратен во затвор или во воен камп, иако според римскиот обичај бил врзан за војник цело време. Тоа што Павле живеел на свој трошок, укажува дека можел да се занимава со својот занает (Дела 18,3).

**Прочитајте Дела 27,17-22. Што направил Павле откако се сместил?**

________________________________________

________________________________________

Иако Павле не можел да оди во синагога, верниците можеле да дојдат кај него. Наскоро по доаѓањето, држејќи се до својот обичај прво да ги посети Евреите (Римјаните 1,16), ги свикал тамошните еврејски старешини за да ја потврди својата невиност и да објасни, како што тоа го правел порано, дека не бил уапсен од која било друга причина, освен поради надежта на Израел (Дела 23,6; 24,15; 26,6-8). Неговата намера не била да се брани себеси, туку да создаде атмосфера на доверба која ќе му овозможи да го проповеда Евангелието, покажувајќи дека Исусовото воскресение претставува исполнување на надежта на израелските татковци. Изненадени што не примиле никаква вест за Павле од Ерусалим, Евреите одлучиле да го сослушаат.

**Прочитајте Дела 28,22. Што ни кажува овој текст за непријателството кое сè уште било негувано кон верниците во тоа време? Како можеме да останеме верни дури и тогаш кога другите зборуваат против нашата вера?**

## ПОБЕДА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Евреите во определениот ден во голем број дошле да го слушнат Павловото претставување на Евангелието (Дела 28,23).

**Прочитајте го текстот во Дела 28,24-31. Каква цел сакал Павле да постигне цитирајќи ги зборовите на Исаија во оваа рамка?**

---

Цитатот од Книгата на пророк Исаија 6,9.10 опишува што се случува кога луѓето ќе одбијат да ја прифатат божествената порака. Некои Евреи поверувале а други не, и така, поради овој голем раздор, апостолот немал друг избор освен повторно да се сврти кон незнабошците (Дела 13,46.47; 18,6). Павле морал да чека две години за судењето пред императорот. Во меѓувреме, иако со ограничено движење во домашен притвор, сепак, непречено можел да го објавува Евангелието на оние што доаѓале кај него. Последната слика во Дела апостолски ја нагласува победата на Евангелието, бидејќи ниту една сила, ни еврејска ни римска, не можела да го запре неговото напредување.

Не е јасно зошто Лука ја завршува книгата во овој момент, со оглед на фактот дека поради слабите докази Павле бил ослободен од заробеништво, а потоа отишол на уште едно мисионерско патување, по кое повторно бил одведен во Рим и овој пат погубен (2. Тимотеј 4,6-8). Можеби од гледиште на литерарната цел на Лука, со тоа што е проповедано дури и во далечниот Рим, Евангелието веќе дошло до „крајот на земјата“ (Дела 1,8).

„Трпението на Павле и неговата ведрина во текот на неговото долготрајно и неправедно заточение, неговата храброст и вера, претставувале постојана проповед. Неговиот дух, толку различен од духот на овој свет, сведочел дека во него живее сила далеку повозвишена од земните сили. И неговиот пример ги поттикнувал христијаните на јавното поле, од кое тој физички бил потиснат, сè повеќе да ревнуваат како поборници на Божјето дело. Така неговите окови имале големо влијание. И кога се чинело дека неговите сили и неговата корисност наполно се осуетени и кога сè кажувало дека не може да стори баш ништо, токму тогаш собира снопови за Христа во полето од кое навидум бил наполно исклучен“ (Е. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 464. ориг.).

Од гледиште на црковната мисија, би можело да се каже дека Дела апостолски – или историјата на ширењето на Евангелието – сè уште не се завршени, и токму тука секој од нас стапува на сцена. Многу повозбудливи и подраматични поглавја се запишани во текот на вековите, понекогаш со крвта на Божјите верни сведоци. Сега е наш ред да додадеме уште една глава, последната (се надеваме!) и мисијата која Исус им ја доверил на учениците во потполност да ја исполниме - „и тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос на својата црква ѝ доверил света задача. Секој верник треба да претставува канал низ кој Бог Христовото свето и безмерно богатство на својата милост може да ја излева врз овој свет. Повеќе од што било друго, Спасителот сака човечките орудија да бидат претставници кои пред овој свет ќе го откријат неговиот карактер и неговиот Дух. На светот ништо не му е толку потребно како објавувањето на љубовта на Спасителот преку човечките орудија. Цело небо со копнеж бара мажи и жени преку кои Бог ќе може да ја открие силата на христијанството“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 600. ориг.).

„Бог одамна чека дух на ревносна служба да ја проникне целата црква и секој верник да работи за него според своите способности. Ако верниците на Божјата црква го исполнуваат налогот на евангелието, ако ја извршуваат должноста што им е наменета, таму каде што е потребно, во својата земја или во странство, набргу цел свет ќе биде предупреден и Господ Исус повторно ќе дојде со голема сила и слава“ (Исто, стр. 111. оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како Лука ја прикажува верата на Павле во Бога во текот на патувањето во Рим? Како влијаел на другите со таквата безусловна вера?**

**2. И покрај сите премрежја низ кои поминал, Павле никогаш не се откажал од верата или од мисијата. Во Рим продолжил да проповеда, и покрај ограничената слобода. Што можеме да направиме кога сме во искушение да се откажеме од објавувањето на Евангелието на некој друг?**

**3. Прочитајте го текстот во посланието до Римјаните 1,14.15. Зошто Павле сметал дека е под обврска, дека е должен на сите да им го проповеда Евангелието? Дали сме ние помалку обврзани од него? Размислете за следната изјава: „Спасувањето на душите треба да биде животна задача на секој оној што го исповеда Христа. Ние сме должници пред светот поради благодатта која што Бог ни ја дал, поради светлината што нѐ осветлила и поради откриената убавина на вистината и нејзината сила“ (Е. Вајт, *Testimonies for the Church*, 4. кн., стр. 53).**

**4. Повторно прочитајте го текстот во Книгата на пророк Исаија која Павле ја употребил. Како оваа идеја се однесува на нас? Да, нам вистината ни е доверена во голема мера, но ако нашето срце остане тврдо за неа, или само за некои аспекти на вистината кои се во судир со нашите желби или барања, со каква опасност можеме да се соочиме во духовна смисла?**

**5. Замислете дека сте војникот за кого Павле бил врзан. Што мислите, што видел во човекот кој бил толку близу до него?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈУЛИ

# ДОЗВОЛЕТЕ БОГ ДА ВЕ ВОДИ

## МУДРОСТ ОД ОТЕЦОТ НА СВЕТЛИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| 1. Недела | **2. Коринќаните 4,6.** | Највозвишено позив звање??? |
| 2. Понеделник | **Матеј 7,28.29.** | Најголемиот Учитељ на сите времиња |
| 3. Вторник | **Лука 11,35.36.** | Соочување со светлината |
| 4. Среда | **Лука 24,45.** | Отворање на тајната на откупувањето |
| 5. Четврток | **Псалм 119,130.** | Смислата на сите пророштва |
| 6. Петок | **Мудри изреки 2,6.** | Мудрост од Таткото на светлината |
| 7. Сабота | **Јован 5,39.** | Христијански прирачник |

## ВИСТИНАТА Е БОЖЕСТВЕН СТРАЖАР

| | | |
|---|---|---|
| 8. Недела | **2. Петрово 1,21.** | Истражувањето во рудникот на вистината |
| 9. Понеделник | **Дела 17,11.** | Глас од Бога |
| 10. Вторник | **Псалм 119,89.** | Книга од вечних времена |
| 11. Среда | **Ефесјаните 2,4-6.** | Права христијанска атмосфера |
| 12. Четврток | **Евреите 4,12.** | Вистина која менува |
| 13. Петок | **1. Тимотеј 4,12.** | Вистината е божествен стражар |
| 14. Сабота | **Еремија 15,16.** | Златни ветувања |

## ИЗВОР НА НАДЕЖ

| | | |
|---|---|---|
| 15. Недела | **Псалм 63,5.** | Извор надеж |
| 16. Понеделник | **Филипјаните 3,8.** | Губиток кој е заправо придобивка |
| 17. Вторник | **2. Петрово 1,10.** | Опасност од занемарувања |
| 18. Среда | **Јован 7,17.** | Големи длабочини на знаење |
| 19. Четврток | **1. Коринќаните 2,5.** | Човечката наспроти божествената мудрост |
| 20. Петок | **Јован 18,37.** | Автор и Учител на вистината |
| 21. Сабота | **Лука 24,27.** | Централна тема на Писмото |

## СИГУРНОСТА НА „ДАМНЕШНИТЕ ПАТЕКИ“

| | | |
|---|---|---|
| 22. Недела | **Мудри изреки 19,11.** | Вашата лична волја? |
| 23. Понеделник | **1. Коринќаните 3,19.20.** | Основа на вистината |
| 24. Вторник | **Езекил 20,20.** | Одреден Божји потпис |
| 25. Среда | **Еремија 6,16.** | Сигурноста на »дамнешните патеки« |
| 26. Четврток | **1. Петрово 1,24. 25.** | Божја градина |
| 27. Петок | **Матеј 10,32.** | На која страна и??? припаѓате? |
| 28. Сабота | **Матеј 5,14. 15.** | Непосветени христијани |

## ДОЗВОЛЕТЕ БОГ ДА ВЕ ВОДИ

| | | |
|---|---|---|
| 29. Недела | **Матеј 5,16.** | Пренесување на светлина |
| 30. Понеделник | **Псалм 97,11.** | Светлина за оние што ја сакаат светлината |
| 31. Вторник | Псалм 90,17. | Дозволете Бог да ве води |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ - АВГУСТ

# СИЛЕН ИЗБАВИТЕЛ

### ПОДДРЖУВАЊЕ НА БОЖЈИОТ ПЛАН

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | ***Исаија 33,22.*** | *Поданици на Царот!* |
| *2. Четврток* | ***1. Коринќаните 4,2.*** | *Наместо Господара* |
| *3. Петок* | ***Малахија 3,10.*** | *Поддржување на Божјиот план* |
| *4. Сабота* | ***1. Тимотеј 6,9.*** | *Чувајте се од сатанските стапици* |

### ВЕРА КОЈА БОГ ЈА ПРИФАЌА

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | ***Матеј 6,19-21.*** | *Сигурно место за нашето богатство* |
| *6. Понеделник* | ***Филипјаните 4,19.*** | *Божјата ризница на залиха ???* |
| *7.Вторник* | ***Филипјаните 4,6.*** | *Постојано засолниште* |
| *8. Среда* | ***Евреите 11,6.*** | *Напредок и вера* |
| *9. Четврток* | ***Марко 4,40.*** | *Опасен гостин* |
| *10. Петок* | ***Матеј 14,31.*** | *Да се победат сомнежите* |
| *11. Сабота* | ***Јаков 2,26.*** | *Вера која Бог ја прифаќа* |

### СИЛЕН ИЗБАВИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | ***Лука 17,5.*** | *Негување на билката на верата* |
| *13. Понеделник* | ***Псалм 31,19.*** | *Многу вера,многу мир* |
| *14. Вторник* | ***Псалм 37,3.*** | *Верата гледа преку тамнината* |
| *15. Среда* | ***Плачот на Еремија 3,40. 41.*** | *Време е да размислите* |
| *16. Четврток* | ***Евреите 4,13.*** | *Светиот Стражар* |
| *17. Петок* | ***Исаија 65,2.*** | *Силен Избавител* |
| *18. Сабота* | ***2. Тимотеј 2,22.*** | *Време на сетва???* |

### ОД ПОРАЗ ДО ПОБЕДА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | ***Ефесјаните 4,22-24.*** | *Под Божјето будно око* |
| *20. Понеделник* | ***1. Јованово 1,9.*** | *Милост за оние што се каат* |
| *21. Вторник* | ***Јаков 5,16.*** | *Од пораз до победа* |
| *22. Среда* | ***Евреите 2,18.*** | *Одбрана против искушенијата* |
| *23. Четврток* | ***Михеј 7,18.*** | *Како човек да се ослободи од вината* |
| *24. Петок* | ***Псалм 19,12.*** | *Под Божја дисциплина* |
| *25. Сабота* | ***Матеј 12,31.*** | *Грев кој Бог не може да го прости* |

### ЕДИНСТВЕН ПАТ ВО СИГУРНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | ***Ефесјаните 4,30.*** | *Одбивање на Божјиот Дух* |
| *27. Понеделник* | ***Јаков 4,7.*** | *Како да се спротивставиш на сатаната?* |
| *28. Вторник* | ***Јаков 4,8.*** | *Приближете се кон Бога* |
| *29. Среда* | ***1. Јованово 5,18.*** | *Нема изговор за потклекнување* |
| *30. Четврток* | ***Псалм 41,12.*** | *Бојно поле во душата* |
| *31. Петок* | ***Исаија 30,21.*** | *Единствениот сигурен пат* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - СЕПТЕМВРИ

# ВИСТИНИТ СВЕДОК

## МОЈОТ ГОСПОД И ЈАС

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | *Амос 3,3.* | *Мојот Господ и јас* |

## ПРИФАТЕТЕ ГО БОЖЈЕТО ВОДСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Псалм 37,23.** | *Слушајте го Божјиот глас* |
| *3. Понеделник* | **Псалм 123,2.** | *Прифатете го Божјето водство* |
| *4. Вторник* | **1. Коринќаните 15,57.** | *Марширање до победа* |
| *5. Среда* | **Евреите 3,12.** | *Опасни први чекори* |
| *6. Четврток* | **Евреите 3,13.** | *Заводливоста на гревот* |
| *7. Петок* | **Откровение 3,21.** | *Судир настанат поради нас* |
| *8. Сабота* | **Римјаните 8,28.** | *Довербата и добата на искушенијата* |

## НЕЖЕН, МИЛОСТИВ ТАТКО

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Лука 6,12.** | *И Исус се молел* |
| *10. Понеделник* | **Псалм 27,14.** | *„Дојдете вие насамо...“* |
| *11. Вторник* | **Лука 11,1.** | *Прифатлива молитва* |
| *12. Среда* | **Матеј 6,9-13.** | *Пример на молитва* |
| *13. Четврток* | **Исаија 54,10.** | *Каков е Бог?* |
| *14. Петок* | **Псалм 103,13.** | *Нежен,милостив Отец* |
| *15. Сабота* | **Јован 16,23.24.** | *Условите на нашето спасение* |

## СИЛАТА НА ИСУСОВОТО ИМЕ

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Евреите 4,16.** | *Силата на Исусовото име* |
| *17. Понеделник* | **Исаија 40,31.** | *Се молам за водство* |
| *18. Вторник* | **Ефесјаните 6,18.** | *Чувар на христијанинот* |
| *19. Среда* | **Псалм 57,1.** | *Тивок одмор во Бога* |
| *20. Четврток* | **Псалм 61,1.2.** | *Слабите обиди не се доволни* |
| *21. Петок* | **Јаков 5,16.** | *Дејствувањето на ревносната молитва* |
| *22. Сабота* | **Даниел 9,3.4.** | *Даниеловиот пример на молитва и признавање* |

## ПОХВАЛА КАКО ЧИСТ ПОТОК

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Псалм 62,8.** | *Драгоценоста на тајната молитва* |
| *24. Понеделник* | **Псалм 92,1.2.** | *Похвала како чист поток* |
| *25. Вторник* | **Псалм 35,28.** | *Свеченост за Исуса* |
| *26. Среда* | **Јован 15,20.** | *Страдање поради вистината* |
| *27. Четврток* | **Псалм 66,10.** | *Сила за време на судењето* |
| *28. Петок* | **1. Петрово 1,7.** | *Славните плодови на искушенијата* |
| *29. Сабота* | **Псалм 119,71.** | *Зошто неволји?* |

## ИЗНЕСЕТЕ МУ ГИ СВОИТЕ НЕВОЛЈИ НА БОГА

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Јаков 1,2-4.** | *Изнесете му ги своите неволји на Бога* |

# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| 4. | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| **7.** | 125-127 |
| | |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| 11. | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| **14.** | 148-150 |
| | |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| 18. | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| | |
| **21.** | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| 25. | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| | |
| **28.** | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| 1. | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| **4.** | 10-13 |
| | |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| **11.** | 33-36 |
| | |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| 15. | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| **18.** | 56-59 |
| | |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| 22. | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| **25.** | 12-16 |
| | |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| 29. | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| **1.** | Еремија 36-39 |
| | |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| 5. | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| **8.** | Езекил 1-4 |
| | |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| 12. | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| **15.** | 22-26 |
| | |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| 19. | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| **22.** | 45-48 |
| | |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| 26. | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| **29.** | 10-14 |
| | |
| 30. | Јоил 1-3 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

| *Јули* | *Август* | *Септември* |
|---|---|---|
| 1. Псалм 1. | 1. Псалм 29. | **1.** Псалм 56. |
| 2. Псалм 2. | 2. Псалм 30. | 2. Псалм 57. |
| 3. Псалм 3. | 3. Псалм 31,1-14. | 3. Псалм 58. |
| 4. Псалм 4. | **4.** Псалм 31,15-24. | 4. Псалм 59. |
| 5. Псалм 5. | 5. Псалм 32. | 5. Псалм 60. |
| 6. Псалм 6. | 6. Псалм 33. | 6. Псалм 61. |
| **7.** Псалм 7. | 7. Псалм 34. | 7. Псалм 62. |
| 8. Псалм 8. | 8. Псалм 35,1-14. | **8.** Псалм 63. |
| 9. Псалм 9. | 9. Псалм 35,15-28. | 9. Псалм 64. |
| 10. Псалм 10. | 10. Псалм 36. | 10. Псалм 65. |
| 11. Псалм 11. | **11.** Псалм 37,1-19. | 11. Псалм 66. |
| 12. Псалм 12. | 12. Псалм 37,20-40. | 12. Псалм 67. |
| 13. Псалм 13. | 13. Псалм 38. | 13. Псалм 68,1-35. |
| **14.** Псалм 14. | 14. Псалм 39. | 14. Псалм 61,1-16. |
| 15. Псалм 15. | 15. Псалм 40. | **15.** Псалм 69,17-36. |
| 16. Псалм 16. | 16. Псалм 41. | 16. Псалм 70. |
| 17. Псалм 17. | 17. Псалм 42. | 17. Псалм 71,1-14. |
| 18. Псалм 18,1-15. | **18.** Псалм 43. | 18. Псалм 71,15-24. |
| 19. Псалм 18,16-30. | 19. Псалм 44,1-12. | 19. Псалм 72. |
| 20. Псалм 18,31-50. | 20. Псалм 44,13-26. | 20. Псалм 73,1-15. |
| **21.** Псалм 19. | 21. Псалм 45. | 21. Псалм 73,16-28. |
| 22. Псалм 20. | 22. Псалм 46. | **22.** Псалм 74. |
| 23. Псалм 21. | 23. Псалм 47. | 23. Псалм 75. |
| 24. Псалм 22,1-15. | 24. Псалм 48. | 24. Псалм 76. |
| 25. Псалм 22,16-31. | **25.** Псалм 49. | 25. Псалм 77. |
| 26. Псалм 23. | 26. Псалм 50. | 26. Псалм 78,1-14. |
| 27. Псалм 24. | 27. Псалм 51. | 27. Псалм 78,15-28. |
| **28.** Псалм 25. | 28. Псалм 52. | 28. Псалм 78,29-42 |
| 29. Псалм 26. | 29. Псалм 53. | **29.** Псалм 78,43-56. |
| 30. Псалм 27. | 30. Псалм 54. | 30. Псалм 78,57-72. |
| 31. Псалм 28. | 31. Псалм 55. | |

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈУЛИ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 6. | 13. | 20. | 27. |
| Виница | 20:07 | 20:04 | 20:00 | 19:53 |
| Колешино | 20:05 | 20:02 | 19:57 | 19:51 |
| Стар Дојран | 20:04 | 20:01 | 19:57 | 19:51 |
| Куманово | 20:11 | 20:08 | 20:04 | 19:57 |
| Неготино | 20:08 | 20:05 | 20:00 | 19:54 |
| Струмица | 20:05 | 20:02 | 19:58 | 19:52 |
| Кочани | 20:08 | 20:05 | 20:00 | 19:54 |
| Велес | 20:10 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Кавадарци | 20:08 | 20:05 | 20:00 | 19:54 |
| Дебар | 20:14 | 20:11 | 20:06 | 20:00 |
| Скопје | 20:12 | 20:09 | 20:04 | 19:58 |
| Битола | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |
| Кичево | 20:12 | 20:09 | 20:05 | 19:58 |
| Лаки | 20:06 | 20:03 | 19:59 | 19:52 |
| Чифлик | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Штип | 20:08 | 20:05 | 20:00 | 19:54 |
| Тетово | 20:14 | 20:11 | 20:06 | 20:00 |
| Јегуновце | 20:14 | 20:10 | 20:06 | 19:59 |
| Росоман | 20:08 | 20:05 | 20:01 | 19:55 |
| Гевгелија | 20:05 | 20:02 | 19:57 | 19:51 |
| Свети Николе | 20:10 | 20:07 | 20:02 | 19:56 |
| Делчево | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Валандово | 20:05 | 20:02 | 19:58 | 19:52 |
| Охрид | 20:12 | 20:09 | 20:04 | 19:58 |
| Радовиш | 20:07 | 20:04 | 19:59 | 19:53 |
| Прилеп | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:56 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2018 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | | |
| | ***3.*** | ***10.*** | ***17.*** | ***24.*** | ***31.*** |
| **Виница** | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 20:08 | 19:05 |
| **Колешино** | 19:43 | 19:35 | 19:25 | 20:05 | 19:03 |
| **Стар Дојран** | 19:43 | 19:34 | 19:25 | 20:05 | 19:03 |
| **Куманово** | 19:49 | 19:41 | 19:31 | 20:12 | 19:08 |
| **Неготино** | 19:46 | 19:38 | 19:28 | 20:09 | 19:06 |
| **Струмица** | 19:44 | 19:35 | 19:26 | 20:06 | 19:04 |
| **Кочани** | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 20:09 | 19:05 |
| **Велес** | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 20:11 | 19:08 |
| **Кавадарци** | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 20:09 | 19:06 |
| **Дебар** | 19:53 | 19:44 | 19:34 | 20:15 | 19:12 |
| **Скопје** | 19:50 | 19:41 | 19:31 | 20:13 | 19:09 |
| **Битола** | 19:48 | 19:40 | 19:30 | 20:10 | 19:09 |
| **Кичево** | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 20:13 | 19:11 |
| **Лаки** | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 20:07 | 19:04 |
| **Чифлик** | 19:46 | 19:37 | 19:27 | 20:08 | 19:05 |
| **Штип** | 19:47 | 19:38 | 19:28 | 20:09 | 19:06 |
| **Тетово** | 19:52 | 19:43 | 19:33 | 20:15 | 19:11 |
| **Јегуновце** | 19:52 | 19:43 | 19:33 | 20:15 | 19:11 |
| **Росоман** | 19:47 | 19:38 | 19:29 | 20:09 | 19:07 |
| **Гевгелија** | 19:44 | 19:35 | 19:26 | 20:06 | 19:04 |
| **Свети Николе** | 19:48 | 19:39 | 19:29 | 20:11 | 19:07 |
| **Делчево** | 19:45 | 19:36 | 19:26 | 20:08 | 19:04 |
| **Валандово** | 19:44 | 19:35 | 19:26 | 20:06 | 19:04 |
| **Охрид** | 19:51 | 19:42 | 19:32 | 20:13 | 19:11 |
| **Радовиш** | 19:45 | 19:36 | 19:27 | 20:08 | 19:05 |
| **Прилеп** | 19:48 | 19:39 | 19:30 | 20:10 | 19:08 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2018 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | *7.* | *14.* | *21.* | *28.* |
| **Виница** | **18:53** | **18:41** | **18:29** | **18:16** |
| **Колешино** | **18:51** | **18:39** | **18:27** | **18:15** |
| **Стар Дојран** | **18:52** | **18:40** | **18:28** | **18:16** |
| **Куманово** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:20** |
| **Неготино** | **18:54** | **18:42** | **18:30** | **18:18** |
| **Струмица** | **18:52** | **18:40** | **18:28** | **18:16** |
| **Кочани** | **18:53** | **18:41** | **18:29** | **18:17** |
| **Велес** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:19** |
| **Кавадарци** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Дебар** | **19:01** | **18:49** | **18:37** | **18:24** |
| **Скопје** | **18:57** | **18:45** | **18:33** | **18:21** |
| **Битола** | **18:57** | **18:45** | **18:33** | **18:21** |
| **Кичево** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Лаки** | **18:52** | **18:40** | **18:28** | **18:16** |
| **Чифлик** | **18:54** | **18:42** | **18:30** | **18:18** |
| **Штип** | **18:54** | **18:42** | **18:30** | **18:18** |
| **Тетово** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Јегуновце** | **18:59** | **18:47** | **18:34** | **18:22** |
| **Росоман** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Гевгелија** | **18:52** | **18:41** | **18:29** | **18:17** |
| **Свети Николе** | **18:55** | **18:43** | **18:31** | **18:19** |
| **Делчево** | **18:52** | **18:40** | **18:28** | **18:15** |
| **Валандово** | **18:52** | **18:40** | **18:28** | **18:16** |
| **Охрид** | **18:59** | **18:47** | **18:35** | **18:23** |
| **Радовиш** | **18:53** | **18:41** | **18:29** | **18:17** |
| **Прилеп** | **18:56** | **18:44** | **18:32** | **18:20** |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).**

# ОД РИЗНИЦАТА НА ДУХОВНА ЛИТЕРАТУРА НА АИК




























www.znacinavremeto.mk

www.adventisti.org.mk

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија

